РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1046
Скопје, 15 јануари 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1046 од 15 јануари 2013 година

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија на ракописот **Интернет технологии** од **проф. д-р Тони Јаневски** пријавен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....1-4

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Ирена Никоска-Ајановска, Оливера Танеска, Лилјана Петковска, Павлинка Ѓорѓиева, Зоран Димитровски)**.....5

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Мартин Симоновски, Иво Даскалов, Маја Коневска, Мирјана Милошеска, Стојна Мавревска, Евдокија Мицевска, Гордана Јаневска, Мирослав Гавровски, Данче Мартиновска-Јовановска, Ели Газепова, Биљана Ивановска, Моника Давидовска, Огнена Ничота)**.....6-7

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Александра Куновска, Наташа Илиевска-Таневски)**...8

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Билјана Јовановска, Павле Беловски, Роберт Јанковски, Кристина Мицеска, Светлана Димитровска, Александар Николовски, Ивана Хаџи-Николова, Анастазија Младеновска, Нада Трајковска, Никола Боински, Елизабета Величковска, Даниела Коцевска, Емилија Петровска, Милана Божинова, Томе Васев, Иван Силјановски, Елена Јованова, Магдалена Костовска, Симона Котевска, Бранка Милковска, Валентина Тодоровска Димеска, Александра Георгиевска, Марина Настеска, Ивана Лешковска, Борче Велјановски, Љубица Бошковска, Александра Јованоска, Снежана Кузмановска, Александра Белевска, Бојан Стоевски)**.....9-13
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Ервин Ибрахими, м-р Даниела Паунова, м-р Зинета Асани)**.....14-16
3. Реферат за избор на наставник на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Драган Гоцевски, д-р Искра Аќимоска-Малетиќ)**.....17-50
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**д-р Ивана Шумановска-Спасовска, д-р Искра Аќимоска-Малетиќ)**.....51-82

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Застапеноста на погрешни претстави во учебниците и наставата по хемија кај нас и можност за нивно отстранување,** изработена од **м-р Марина Стојановска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....83-90

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на еден виш научен соработник/вонреден професор во научното поле општествени науки, подрачје: економски науки, област: економика на аграрот и шумарството на Економскиот институт во Скопје **(д-р Наташа Данилоска)**.....91-99

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Драган Лазаревски, Марјанче Митовски, Трајан Ангелоски, Лазар Гечевски, Зоран Алексиќ, Зоран Стојановски, Бојан Јордановски, Синиша Павлески, Гоце Тасевски)**.....100

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Александар Антески)**.....101

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Историја на јавното обвинителство во Македонија-положба, улога, перспективи,** изработена од **м-р Јован Илиевски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....102-107

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Реферат за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(м-р Јулијана Цветановска)**.....108-117

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Елена Големтеова Калиникова, Софија Стојков, Маја Бајалска Георгиевска)**.....118

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во научната област математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Никола Тунески)**.....119-130

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот биохемија и клиничка биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Катерина Тошеска-Трајковска)**.....131-150
2. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот биохемија и клнична биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Крстевска, д-р Соња Алабаковска)**.....151-171
3. Реферат за избор на три наставници по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Ненад Јоксимовиќ, д-р Сашко Кедев, д-р Оливера Стојчева-Танева, науч. сор. д-р Никола Ѓоргов)**.....172-233

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Фолклорна анализа на анонимниот ракописен зборник книга на молитвени локации "Китаб-и Мецма'ил Езкар,** изработена од **м-р Енис Керван,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....234-240

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(Зубејда Даздаревиќ, Нагип Исмаили, Ридван Алити)**.....241

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Сања Смодлака, Мирлинда Сарачини, Орданче Петров, Милена Урдаревиќ, Елисавета Вржалева, Фросина Симоновска, Сандра Крстевска Саревска, Царе Манчева, Наташа Николовска, Благица Качанска Ирена Ѓикоска, Магдалена Гулевска, Наќе Чулев, Дарко Димовски, Владимир Атанасов, Трајан Зафировски, Сања Битрак, Лидија Николовска Вретоски, Синиша Крстов, Роберт Босилковски, Благица Котовчевска, Марија Голчовска Механциска, Јасмина Гелевска, Даниел Тренчов)**.242-244

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Сунчица Петровска, д-р Лидија Тодоровска)**.....245-275
2. Реферат за избор на редовен професор по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Весна Гривчева-Пановска)**.....276-298
3. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот патолошка физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Даниела Поп Ѓорчева, д-р Даниела Миладинова)**.....299-316
4. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Бети Зафирова-Ивановска)**.....317-328
5. Реферат за избор на тројца наставници по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Мери Трајковска, д-р Магдалена Генадиева-Димитрова, д-р Соња Генадиева-Ставриќ, науч. сов. д-р Светлана Станковиќ, д-р Ирина Пановска-Ставридис)**.....329-428
6. Реферат за избор на четворица вонредни професори по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Миле Петровски, д-р Сашко Јовев, д-р Игор Кафтанциев, д-р Ѓорѓи Јота)**.....429-462

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научната област дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1045 од 31.12.2012 година, поднесен од **д-р Павлина Алексова**.....463-465
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научната област дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1045 од 31.12.2012 година.....466-471
3. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научната област дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1045 од 31.12.2012 година, поднесен од **д-р Василка Ренџова**.....472-473
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научната област дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1045 од 31.12.2012 година.....474-480

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на 'Hardware-in-the-loop' симулација за управување во реално време со комплексни машински системи,** изработена од **м-р Емил Заев**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....481-490

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот за учебник **Биофизика,** поднесен од **д-р Атанас Танушевски**, пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....490-496

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден научен соработник по предметот микробиологија и паразитологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Кафтанциева)**.....498-518
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот инфектологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Миле Босилковски)**.....519-526
3. Реферат за избор на наставник во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија при Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Бранислав Стефановски)**.527-537

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на ракописот **Коментар на Законот за експропријација,** од авторите **д-р Родна Живковска, д-р Тина Пржрска и м-р Валентина Димитровска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....538-543

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ИНТЕРНЕТ ТЕХНОЛОГИИ“
ОД ПРОФ. Д-Р ТОНИ ЈАНЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.9.2012, со одлука бр. 02-2481/76, ме одреди за еден од рецензентите на ракописот под наслов „Интернет технологии“ од д-р Тони Јаневски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во тоа својство, а по прегледот на ракописот го доставувам следниов

Извештај

1. Општи податоци

Ракописот „Интернет технологии“ е напишан на вкупно 272 страници и содржи 101 слика. Содржината на ракописот е поделена на 10 поглавја, кои завршуваат со резиме или дискусија, а на крајот е дадена користената литература.

2. Анализа на ракописот

Ракописот „Интернет технологии“ по својата содржина е наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кои студираат на студиската програма телекомуникации и го следат истоименият предмет. Тој може да биде корисен и за сите други читатели кои се заинтересирани за изложената проблематика.

Во првата глава е даден вовед во Интернет технологиите, при што е изложен и историскиот развој на Интернетот.

Глава 2 ги опфаќа основните протоколи во Интернет, IP (Интернет протокол) и IPv6 (IP верзија 6), како и главните транспортни протоколи кои се користат во Интернет, TCP (Transmission Control Protocol) и UDP (User Datagram Protocol).

Во третата глава од книгата е опфатена клиент - сервер комуникацијата во Интернет, при што се дадени фундаменталните основи на мрежното програмирање за TCP и UDP-базирани апликации/сервиси.

Четвртата глава ги опфаќа основните Интернет технологии и сервиси, како што се DNS (Domain Name System), FTP (File Transfer Protocol), протоколите за електронска пошта SMTP (Simple Mail Transport Protocol), POP3 (Post Office Protocol 3), IMAP (Internet Mail Access Protocol) и веб-базираната електронска пошта.

Веб технологиите се тема на Глава 5, при што се опфатени различните верзии на HTTP (Hyper Text Transport Protocol), како и HTTP клиент – сервер комуникацијата од крај до крај.

Во Глава 6 се опфатени мултимедиските комуникации преку Интернет. Притоа е детализиран основниот транспортен протокол за мултимедиска комуникација во реално време RTP (Real-time Transport Protocol), како и технологиите на апликациско ниво за мултимедиски содржини во Интернет.

Во седмата глава се опфатени Интернет технологиите за пренос на говор преку IP (Voice over IP – VoIP), вклучувајќи ги и сигнализациските протоколи за таа намена со акцент на SIP (Session Initiation Protocol). Покрај тоа, опфатени се различните аспекти за имплементација на VoIP како операторски сервис, како и неговата имплементација во форма на peer-to-peer сервис во Интернет.

Глава 8 е фокусирана на управувањето во Интернет, при што е опфатен стандардизираниот протокол SNMP (Simple Network Management Protocol) како основна рамка за управување со уредите во Интернет мрежа со користење на TCP/IP протоколниот модел.

Глава 9 од книгата ги опфаќа сигурносните решенија во Интернет. Притоа се опфатени технологиите за автентикација и авторизација на корисниците во Интернет засновани на RADIUS (Remote Dial-In Remote Access Service), стандардизираните решенија за сигурност на IP ниво (IPsec), како и стандардизираниот начин на заштита на транспортно ниво со користење на SSL/TLS.

Во Глава 10 се дадени заклучоците со осврт на интеграцијата на Интернет технологиите и класичните телекомуникации.

Вака формираниот ракопис во целост ја опфаќа материјата предвидена со програмата на предметот Интернет технологии, кој го слушаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма телекомуникации, а покрај тоа може да биде корисен и за сите други читатели кои се среќаваат со оваа проблематика.

Заклучок и предлог

Врз основа на погоре изнесеното, може да се заклучи дека ракописот „Интернет технологии“ е во согласност со програмата на истоименит предмет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Ракописот е пишуван со јасен, прецизен и конзистентен стил, кој е воедно многу приемчив за читателот.

Рецензентот со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука ракописот „Интернет технологии“ од проф. д-р Тони Јаневски да се печати како учебник за истоименит предмет.

Рецензент
Проф. д-р Лилјана Гавриловска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ИНТЕРНЕТ ТЕХНОЛОГИИ“
ОД ПРОФ. Д-Р ТОНИ ЈАНЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.9.2012, со одлука бр. 02-2481/76, ме одреди за еден од рецензентите на ракописот под наслов „Интернет технологии“ од д-р Тони Јаневски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во тоа својство, а по прегледот на ракописот го доставувам следниов

Извештај

1. Општи податоци

Ракописот „Интернет технологии“ има вкупно 272 страници и 101 слика. Содржината на ракописот е поделена на 10 поглавја. Кон ракописот е приложена листа на користена литература со 45 референцирани содржини.

2. Анализа на ракопиот

Ракописот „Интернет технологии“ е наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кои студираат на студиската програма телекомуникации. Ракописот опфаќа релевантни области кои се однесуваат на современите аспекти на Интернет технологиите и може да служи како учебник или учебно помагало за студентите од наведената студиска програма и пошироко, за сите заинтересирани за опфатената проблематика.

Во првата глава се дава вовед во Интернетот и Интернет технологиите.

Втората глава ги опфаќа најзначајните Интернет протоколи, при што акцентот е ставен на IP протоколот во неговите две верзии, верзија 4 и верзија 6, како и на најчесто користените транспортни протоколи – TCP (Transmission Control Protocol) и UDP (User Datagram Protocol).

Во третата глава е опфатен TCP/IP клиент-серверот моделот на комуникација во Интернет и се дадени основите на мрежното програмирање.

Основните Интернет технологии на апликациско ниво, како што се DNS (Domain Name Server), симнувањето на фајлови (File Transfer Protocol - FTP), електронската пошта (e-mail), се дадени во Глава 4.

Во Глава 5 е опфатена веб технологијата (www – world wide web) која е заснована на HTTP/TCP/IP протоколниот стек, како доминантна податочна технологија во Интернет мрежата денес.

Во Глава 6 се опфатени мултимедиските комуникации кои стануваат се поинтересни и поактуелни заради поголемите битски брзини за пристап на крајните корисници, вклучувајќи го протоколниот стек RTP/UDP/IP заснован на RTP (Real-time Transport Protocol), како и технологиите за мултимедиска комуникација на апликациско ниво.

Преносот на говор преку Интернет е тема на Глава 7, при што е анализиран протоколниот стек за пренос на говор преку IP, сигнализацијата за таа намена SIP (Session Initiation Protocol), како и предизвиците и решенијата за

имплементација на говорот преку IP. Имено, телефонијата која денес сеуште е базирана на комутација на кола во голем дел од телекомуникациските мрежи, во иднина ќе биде базирана целосно на Интернет технологиите преку користење на т.н. говор преку IP (Voice over IP - VoIP).

Предмет во Глава 8 од оваа книга е управувањето со различните системи кои служат за рутирање на IP пакети или за овозможување на одреден тип сервис за корисниците. Имено, неопходно е да се управуваат различните системи во рамките на една мрежа или во повеќе мрежи во Интернет на организиран начин и по стандардизирани протоколи, па во оваа глава се опфатени сите верзии на стандардизираниот протокол за таа намена SNMP (Simple Network Management Protocol).

Во Глава 9 акцентот е ставен на сигурносните аспекти при Интернет комуникациите, што е суштинско за да може да се зачува интегритетот на информациите, доверливоста при комуникацијата (да се спречи неовластено набљудување или изменување на информациите при нивниот пренос преку Интернет), како и да се контролира пристапот до одредени мрежи, сервиси и системи преку механизми на авторизација и автентикација на корисниците.

Во Глава 10, како заклучок, е даден осврт на интеграцијата на Интернет и класичните телекомуникациски мрежи.

Резимирано, изложената материја ја покрива во целост содржината на предметот „Интернет технологии“ (кој го слушаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма телекомуникации), а покрај тоа од страна на авторот е продлабочена и проширена со дополнителни содржини, овозможувајќи така да биде од интерес и за поширок круг заинтересирани читатели.

Заклучок и предлог

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека ракописот „Интернет технологии“ ја покрива програмата на истоименот предмет и ги проширува и продлабочува областите поврзани со Интернет технологиите. Пишуван е со издржана концепција, разбирливо и јасно.

Рецензентот со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука ракописот „Интернет технологии“ од проф. д-р Тони Јаневски да се печати како учебник на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Борислав Поповски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 20.12.2012 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Ирена Никоска-Ајановска, дипломиран професор по географија	„МЕТОДОЛОГИЈА ЗА КАРТОГРАФИРАЊЕ НА ГЕОЛОШКА И СРОДНА ДОКУМЕНТАЦИЈА “	- д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Оливера Танеска, дипломиран професор по математика	„АПРОКСИМАЦИИ НА ФУНКЦИИ СО ПОМОШ НА ЧИБИШЕВИ ПОЛИНОМИ“	- д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Лилјана Петковска, дипломиран професор по математика	„ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ НА C* - АЛГЕБРИ “	- д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Павлинка Ѓорѓиева, професор по математика-физика во основното образование	„ КРИВИ НА БЛЕСОК НА АСТЕРОИДИ НАБЉУДУВАНИ НА НАО РОЖЕН, БУГАРИЈА ВО 2011 И ВО 2012 ГОДИНА “	- д-р Гордана Апостоловска, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Зоран Димитровски, дипломиран инженер-метеоролог	ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ВРЕМЕНСКИ НЕПОГОДИ ВО МАКЕДОНИЈА	- д-р Владо Спиридонов, насловен вонреден професор на ПМФ – Скопје.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Мартин Симоновски	"Меѓународното двојно оданочување и методите за негово елиминирање"	д-р Климентина Попоска
2.	Иво Даскалов	"Посебен осврт на класичните инструменти за плаќање во меѓународниот платен промет"	д-р Биљана Ангелова
3.	Маја Коневска	"Заштита на поткажувачите (Whistleblowers protection) како ефикасна алатка за откривање и справување со незаконитото работење, злоупотребите и лошите практики во организациите"	д-р Наташа Данилоска
4.	Мирјана Милошеска	Улогата на дотациите во финансирањето на образованието во Република Македонија"	д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
5.	Стојна Мавревска	"Улогата на менаџментот во превенцијата и спречувањето на судирот на интереси во јавната администрација"	д-р Васил Поповски
6.	Евдокија Мицевска	"Примена на лизинг во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
7.	Гордана Јаневска	"Стратешкиот пристап во менаџирањето на винариите во Република Македонија"	д-р Дејан Пендев
8.	Мирослав Гавровски	"Особености на системот на наплата на даночни приходи во Република Македонија "	д-р Диана Бошковска
9.	Данче Мартиновска-Јовановска	"Финансирање на мали и средни претпријатија во почетна фаза на развој"	д-р Дејан Пендев
10.	Ели Газепова	"Влијанието на кредитниот ризик врз работењето на банките"	д-р Биљана Ангелова
11.	Биљана Ивановска	"Улогата и влијанието на транснационалните компании во прехранбената индустрија во современата економија"	д-р Силвана Мојсовска
12.	Моника Давидоска	"Влијанието и улогата на инвестиционите фондови врз развојот на пазарот на капитал во Република Македонија"	д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
13.	Огнена Ничота	"Развој и можности за унапредување на електронското банкарство во Република Македонија"	д-р Татјана Петковска-Мирчевска

14.	Наташа Костиќ Милошевски	"Влијание на надворешното задолжување во креирањето на меѓународните економски односи"	д-р Силвана Мојсовска

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на
ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

Студиска програма
Културолошки студии во книжевноста

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Александра Куновска	Жените-светици во македонската народна култура Women Maidens in Macedonian Folk Culture	проф. д-р Марко Китевски
2.	Наташа Илиевска-Таневски	Влијанието на медиумите во конструирање на идентитетот The Media Influence in Construction of Identity	проф. д-р Мишел Павловски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Билјана Јовановска	Мониторингот на известувањето на електронските медиуми за парламентарните и претседателските изборни циклуси во Македонија (1998-2011)“	**проф.д-р Љубомир Јакимовски**
Павле Беловски	Политичкиот дискурс за актуелни економски случувања како дел од структурата на националните телевизии	**проф.д-р Томе Груевски**
Роберт Јанковски	Односите со јавноста во локалната самоуправа во Република Македонија – општина Карпош	**доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ**
Кристина Мицеска	Малцинствата во Грција и нивните универзални права	**проф.д-р Љубомир Фрчкоски**
Светлана Димитровска	Американската надворешна политика за време на администрацијата на претседателот Џон Ф. Кенеди (1961-1963)“	**доц.д-р Мишо Докмановиќ**
Александар Николовски	Заштитата на човековите и малцинските права како инструмент на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа мај – ноември 2010	**доц.д-р Зоран Илиевски**
Ивана Хаџи-Николова	Развој и актуелните состојби на патентните системи во Европа и САД	**проф.д-р Гоце Наумовски**

	– споредбено-правен пристап	
Анастазија Младеновска	Protection of the authors□ moral rights in the audiovisual industry	**проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска**
Нада Трајковска	Човекови права на лицата без државјанство	**проф.д-р Рената Дескоска**
Никола Боински	Парламентарните избори во 1998 година во Република Македонија	**проф.д-р Марика Ристовска**
Елизабета Величковска	Учество на жените на изборите во Република Македонија од 1990 до 2011 година – дилеми и предизвици	**проф.д-р Марика Ристовска**

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.12.2012 година

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Даниела Коцевска	Развојната платформа на Државен завод за ревизија – со посебен осврт на соработката со Парламентот	Д-р Борче Давитковски
Емилија Петровска	Парична казна и модели на парична казна	Д-р Никола Тупанчески
Милана Божинова	Кривично правен аспект на слободата на изразување	Д-р Никола Тупанчески
Томе Васев	Перење пари и други приноси од казнено дело и финансирање на тероризам	Д-р Никола Тупанчески
Иван Силјановски	Организираниот криминал низ казнени дела на Кривичниот законик на Република Македонија	Д-р Никола Тупанчески
Елена Јованова	Извршување на паричната казна во Република Македонија во периодот од 2007 до 2011 година	Д-р Александра Груевска Дракулевски
Магдалена Костовска	Феноменолошки и етиолошки аспекти на сексуалниот криминалитет во Република Македонија во периодот 2007-2011 година	Д-р Александра Груевска Дракулевски
Симона Котевска	Феноменолошки и етиолошки карактеристики на самоубиствата во Република Македонија	Д-р Александра Груевска Дракулевски

	во периодот 2007-2011	
Бранка Милковска	Локалната самоуправа во Република Македонија и во Европа	Д-р Татјана Петрушевска
Валентина Тодоровска Димеска	Класификација на осудените лица	Д-р Методија Каневчев
Александра Георгиевска	Казнената политика во сферата на сообраќајните казнени дела во Република Македонија	Д-р Александра Деаноска Трендафилова

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Марина Настеска	Видови депозити и нивно правно регулирање	проф.д-р. Димитар Гелев
Ивана Лешковска	Корпоративно управување во САД пред и по Serbanes Oxley	доц.д-р. Александар Климовски
Борче Велјановски	Авторско правна заштита на делата во архитектурата како авторски дела во Република Македонија	проф.д-р. Јадранка Дабовиќ- Анастасовска
Љубица Бошковска	Осигурување како последица од несреќен случај	проф.д-р. Димитар Гелев
Александра Јованоска	Намирување на доверителите во стечајната постапка - (рангирање на доверителите во стечајната постапка)	проф.д-р. Димитар Гелев
Снежана Кузмановска	Правна регулација на трговец поединец	проф.д-р. Димитар Гелев
Александра Белевска	Одговорноста на продавачот за материјалните и правните недостатоци како суштетствена повреда на договорот за продажба во меѓународното и домашното право	проф.д-р Горан Коевски
Бојан Стоевски	Искуствата во преземањето на акционерските друштва во банкарскиот и осигурителниот сектор во Република Македонија	доц.д-р Александар Климовски

"Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" * Република Македонија * Скопје

Д Е К А Н

Проф.д-р Борче Давитковски

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.12.2012 година

Кандидат	Тема	Комисија
М-р Ервин Ибрахими	Влијанието на изборниот систем врз општествената кохезија: споредбена анализа за Република Македонија и Република Косово	Д-р Гордана Силјановска Давкова Д-р Тања Каракамишева Јовановска Д-р Марика Ристовска

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Комисија
м-р Даниела Паунова	**Судска заштита и други облици и форми на заштита на правата од работен однос**	1.Проф.д-р Гзиме Старова 2..Проф.д-рТито Беличанец 3.Проф.д-рТодор Каламатиев

ДЕКАН

проф.д-р Борче Давитковски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Комисја
м-р Зинета Асани	**Заштита на граѓанските субјективни права во римската судска постапка**	проф.д-рМирјана Поленак-Аќимовска проф.д-рВладо Бучковски- ментор проф.д-р Гоце Наумовски

Република Македонија "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" * СКОПЈЕ *

ДЕКАН

проф.д-р Борче Давитковски

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА (ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА) НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 21.12.2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област административно право и јавна администрација (јавна администрација), во состав: проф. д-р Симеон Гелевски, проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Ана Павловска-Данева. На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ бр. 5025 од 27 ноември 2012 година и во дневниот весник „Коха“ бр. 1773 од 27 ноември 2012 година се пријавија кандидатите: д-р Драган Гоцевски и д-р Искра Аќимоска-Малетиќ.

Кон пријавата, кандидатите доставија: одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I

1. Биографски податоци за д-р Драган Гоцевски

Д-р Драган Гоцевски е роден во Бања Лука, Република Босна и Херцеговина, на 21.5.1983. Основното образование го започна во родното место, а го завршил во Скопје, Република Македонија каде што го заврши и средното образование и каде што во моментов живее и работи. Високо образование завршил на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје во 2006 година, и се стекнал со звањето дипломиран политиколог. Во 2007 се запиша на постдипломски студии на правно-политичките студии и комунилокогија, насока: управно право. На 20 октомври 2008 година го пријавил магистерскиот труд на тема „Е-Управа“, кој го одбранил на 11 ноември 2009 година со што се стекнал со звањето магистер на правни науки. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје, усвоена му е подобности на докторската дисертација на тема: „Ефективност на административни организации“, на 27.6.2011 год.

Во текот на средношколското образование членувал во невладината организација Македонски модел Обединети нации, а за време на додипломските студии, во Македонскиот политиколошки форум, преку кои што посетил бројни семинари, конференции и обуки. Остварил практикантски стаж во Институтот за

демократија, солидарност и цивилно општество (2004) и во Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија (2005). Во текот на додипломските студии парарелно работел на повеќе проекти и ангажмани како графички и ликовен уредник. Особено се истакнува работното искуство во Агенцијата за странски инвестии на Република Македонија (АСИРМ, 2005) и во Одделението за кредит - трансфер систем на Правниот факултет „Јустинијан Први" (2005-2007).

Кандидатот активно се служи со јазиците од јужнословенската група на јазици и англискиот јазик и поседува екстензивно познавање на информационите технологии.

2. Наставно-образовна дејност

Во март 2006 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, кандидатот е избран за демонстратор на предметот јавна управа, по што во јануари 2007 година е избран за демонстратор на предметите управно право, теорија на управувачки системи, управно право-применета програма и јавна управа, како и административно право и јавна администрација (ЕКТС), и активно учествувал во изведувањето и подготовката на наставата и вежбите по наведените предмети. На 23.4.2008 година со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје избран е во соработничкото звање помлад асистент на научната област јавна администрацијана политичките студии на Правниот факултет. На 26.4.2010 година со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје избран е во соработничкото звање асистент на научната област административно право и јавна администрација. Во текот на неговиот ангажман како асистент, покажал иницијативност и посветеност во спроведувањето на вежбите на вториот циклус студии (мастер) по предметите компаративна управа, службенички систем, теории на управувачки системи, правна заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, право на невладини организации и еколошко право.

Позначајни проекти во кои учествувал по изборот во звање се: „Institutional Capacity Building", за Министерството за правда и USAID, „Процена на *потенцијалите за добро владеење во Македонија*", во организација на ФИОМ (2007-2008), член на одборот на проектот *Скопје Метропола*, организирана од Советот на град Скопје-Комисија за култура (4 ноември 2008 година – 20 јануари 2009 година), Обуката на државни службеници вработени во Собранието на Република Македонија *„Парламентарна демократија"* организирано од Вестминистер - фондацијата Македонија (2009), *„Network For Health and Safety at Work"* (IPA 2008)(2010 година) проект на Здружението Mobbing-Хрватска, *Правни аспекти на концесиите во јавното здравство во Словненција и Република Македонија"*, проект на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Правниот факултет при Универзитетот во Марибор (2010-2011), *Правна клиника за слободен пристап до информации од јавен карактер*, проект на Младинскиот образовен форум во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Институтот Отворено општество - Македонија (2010) и *"Wheeling EU*

Enlargement: a 30 day Road Trip fueled by Public Law and Culture" проект на European Public Law Organization, финансиран од Европската комисија (мај-јуни 2011).

Треба да се напомене дека во рамките на интерните студентски евалуации на политичките студии на Правниот факултет, кандидатот континуирано бележи високи просечни оценки.

3. Објавени научни и стручни трудови

Кандидатот се јавува како автор или коавтор на голем број научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:

1. "Целта на ООН, живот во свет на поголеми слободи"-објавен во Годишниот зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први"-Скопје, мај 2006, стр. 862-867
2. Монографски труд: „Анализа на капацитетите за добро управување во судскиот систем во Република Македонија", дел од публикацијата „Анализа на потенцијалот за добро управување во осум области", во рамки на проектот „Анализа на потенцијалот за добро управување во Македонија",учесници во проектот: Павловска-Данева А.– раководител, Лажетиќ-Бужаровска Г., Камиловска-Зороска Т., Станковиќ С., Гоцевски Д., организиран од Фондацијата институт отворено општество - Македонија (2008).
3. „Е-Управа, примјена и предности ИКТ-а у управном поступку Републике Македоније", Копаоничка школа природног права, Давитковски Б., Павловска-Данева А., Гоцевски Д., Бр. 11 Том3, 2009 стр.53-67.
4. „Перформанси во јавниот сектор- ефикасност на управната постапка во Република Македонија и влијанието на примената на ИКТ врз ефикасноста на управната постапка", Евродијалог бр.XII 2009, стр. 87-102.
5. Монографски труд: „Вовед во работата на Собранието на Република Македонија", публикација на Вестминистер фондацијата за демократија, Прешова Д., Гоцевски Д., Дамјановски И., Марковиќ Н., Скопје, ноември 2010
6. „Перспективите на НВО секторот во вршењето на јавни услуги во Република Македонија", Зборник на трудови на Правниот факултет во Загреб, Давитковски Б., Павловска-Данева А., Гоцевски Д., Правни факултет у Загребу, Година 61 – Број 2, Загреб 2011 стр. 347-364.
7. „Редефинирањето на прекршокот – нужност или потреба", Давитковски Б., Гоцевски Д., Деловно право издание за теорија и практика на правото, Година XII, бр. 24, Скопје, мај 2011, стр. 189-2010.
8. „Редефинирањето на прекршокот – нужност или потреба", Давитковски Б., Гоцевски Д., Македонска ревија за казнено право и криминологија, год.17, бр.1-2, 2010 стр. 29-44.
9. "Е-управа во Република Македонија (2009-2011)" Зборник на објавени излагања од Меѓународната научна конференција "Развојни тенденции во

управното законодавство 24-26 јуни 2011, Охрид", Правен факултет "Јустинијан Први" Скопје, стр. 159-182.

10. „Прекршај основ за (не)заштиту животне средине", Давитковски Б., Гоцевски Д., Зборник Правног факултета Универзитета у Нишу, Међународна научна конференција Екологија и Право, Ниш 2011, стр.445-464;
11. „Приватизација на јавни здравствени установи во Република Македонија", Завршен извештај од за резултати од истражување во проектот "Правни аспекти на концесиите во здравството во Словенија и Македонија 2009-2011", Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, Академски печат Скопје 2011, стр. 39-62.
12. "Legal Mechanisms for Protection / Non Protection Against Mobbing in the Public Sector in Macedonia", Davitkovski B., Gocevski D., Pravni život, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Udruženje pravnika Srbije, br. 10 tom II 2011, Beograd pp.171-182.
13. "Misdemeanor – A Basis for (Not) Protecting the Environment", Davitkovski B., Gocevski D., Facta Universitatis, Series: Law and Politics Vol. 9 No 1, 2011, pp 1-18.
14. "Динамика реформских процеса као фактор успешности реформи у Републици Македонији", Давитковски Б., Гоцевски Д., Давитковска Е., Зборник радова "Начела и вриједности правног система-норма и пракса", Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Источно Сарајево 2012, стр. 343-369.
15. "Развој е-управе у Републици Македонији 2009-2012", Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., ПРАВНА РИЈЕЧ часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Републике Српске, бр. 31/2012, год. IX (ISSN:1840-0272), Бања Лука 2012, стр. 437-456.
16. "Правни институти од управното право како дел од кодификацијата на граѓанското право", Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., Зборник во чест на Тодор Пеливанов, Правен факултет "Јустинијан Први" Скопје, стр. 59-70.

4. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Во текот на неговата досегашна академска кариера, кандидатот бележи значително искуство како истражувач и учесник во голем број национални и меѓународни научноистражувачки проекти:

4.1 Меѓународни научноистражувачки проекти:

1. „Зајакнување на парламентарните капацитети" (Parliamentary strengthening project), Westminster Foundation for Democracy, University of Essex,House of CommonsUK,во периодот од 2009 до 2011 година.

2. "Правни аспекти на концесиите во здравството во Словенија и Македонија, финансиран од Министерството за образвоание и наука на Република Македонија и Мининстерството за наука на Република Словенија, учесници:

Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје и Правен факултет при Универзитетот во Марибор (1.1.2010-31.12.2011).

3. "Network For Health and Safety at Work (IPA 2008)", меѓународен научен проект на Association Mobbing – Croatia (2010-2011).

4. "Реформи во јавен сектор", Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први"-Скопје, Правен факултет - Белград, Правен факултет - Крагуевац, Правен факултет - Ниш, Правен факултет Софија, Правен факултет - Велико Трново, Правен факултет - Загреб, Правен факултет - Осијек, 2009-2011.

5. "Wheeling EU Enlargement: a 30 day Road Trip fueled by Public Law and Culture", проект организиран од European Public Law Organization, учесници: Правен факултет "Јустинијан Први"- Скопје, University of Rome <Tor Vergata> - Faculty of Economics, University of Parma, The National School of Political Studies and Public Administartion of Romania – Faculty of Public Administration, New Bulgarian University, University of Istanbul – Faculty of Law, European University of Tirana (2011).

4.2 Национални стручни и научни истражувачки проекти:

1. Проект: „Анализа на потенцијалот за добро управување во Македонија", учесници во проектот: Павловска-Данева А.– раководител, Лажетиќ-Бужаровска Г., Камиловска-Зороска Т., Станковиќ С., Гоцевски Д., организиран од Фондацијата Институт отворено општество Македонија (2008);

2. Проект: "Регионална програма за промоција на истражување", Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, Македонија, организиран од Фондација отворено општество Македонија (6-7 ноември, 2008)

3. Проект: „Слободен пристап до информации од јавен карактер", организиран од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Младинскиот образовен форум и Фондацијата отворено општество Македонија, Скопје (април - декември 2010).

Кога станува збор за стручно-апликативната дејност, кандидатот зема учество во голем број истражувачки проекти од областите на административното право, јавната администрација, прекршоците, високото образование, заштитата на животната средина и принципите за добро владеење. Покрај неговото учество како истражувач и експерт, кандидатот бележи извонредни организациски способности во организирањето и управувањето со научноистражувачки проекти. За истакнување е придонесот на кандидатот во техничката и ликовна изработка на универзитетските учебници: "Административно право" (од 2007 и 2011 год.), "Јавна администрација" (2008 и 2011 год.), "Управни договори", "Право и јавно здравство" и "Службенички систем".

5. Учество на академски конференции, семинари и обуки

Кандидатот бил излагач и учесник на голем број академски конференции, семинари, научни/стручни собири, обуки итн. во земјава и во странство:

1. „Прекршај основ за (не)заштиту животне средине", Меѓународна научна конференција „Екологија и право", Правен факултет при Универзитетот во Ниш, 18 мај 2011.

2. „Однос између управног (јавног) права и грађанског (приватног) права вс. кодификације грађанског права" (Давитковки Б., Давитковска Е., Гоцевски Д.) на Меѓународната научна конференција „Хармонизација грађанског права у региону",Универзитет во Источно Сараево – Правен факултет, 26-27.10.2012 година.

3. Предавач на меѓународна научна конференција: "Wheeling EU Enlargement": „Environmental protection, Case study in Macedonia", организирана од European Public Law Organization (EPLO) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 9.6.2011.

4. Учесник со труд „Редефинирањето на прекршокот – нужност или потреба?", 64. Средба на правниците, Охрид, хотел „Метропол", 19-21 мај 2011.

5. Предавач на јавна трибина: "Правна клинка за слободен пристап до информации од јавен карактер", организирано од Младинскиот образовен форум, Правениот факултет "Јустинијан Први" во Скопје и Фондацијата Отворено општство Македонија, одржано на: Правениот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (14.10.2010), Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (10.11.2010) и Универзитет ФОН во Скопје (22.11.2010).

6. „Настава по право и здравство: Курсеви по право, човекови права и грижа за пациенти", во организација на Фондацијата Отворено општество - Македонија, Скопје, „Холидеј Ин" (мај 18-21, 2010).

7. „Држава и демократија у процесу европеизације Србије", Панел 5: Регионална сарадња и међусуседски односи, излагање на тема: Билатерални односи између Републике Македоније и Републике Србије. Организирано од Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград и Удружење за политичке науке Србије, 27-29 мај 2011.

8. "Aspekti efektivnosti upravnih organizacija" на меѓународна научна конференција: "Правне норме у времену и простору", Правен факултет во Приштина со привремено седиште во Косовска Митровица, Косовска Митровица 21 јуни 2012.

9. „Динамика реформских процеса као фактор успешности реформи" на Меѓународната научна конференција „Начела и вриједности правног система – норма и пракса", Универзитет во Источно Сараево – Правен факултет, 28-29.10.2011 година.

10. Учесник со труд во коавторство: Davitkovski B., Davitkovska E>, Gocevski D, Učešće na XXV susret kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom "Najnova legislativa sluzbenici Makedonija", Kopaonik 13-17 Decembar 2012, Kopaonik Srbija.

11. Учесник со труд во коавторство: Davitkovski B., Gocevski D, Učešće na XXIV susret kopaoničke škole prirodnog prava, sa radom "Legal Mechanisms for Protection / Non Protection Against Mobbing in the Public Sector in Macedonia", Kopaonik 13-17 Decembar 2011, Kopaonik Srbija.

12. Учесник со труд во коавторство: Давитковски Б., Давитковска Е., Гоцевски Д., "Razvoj e-uprave u Republici Makedoniji 2009-2012", IX савјетување правника Октобарски правнички дани на тему "Изградња и функционисање правног система" во Бања Лука, Правни факултет у Бањој Луци, 12-13 октомври 2012.

13. Излагач на почетната конференција на проектот „Мрежа за здравје и сигурност на работа", во оранизација на Здружението Мобинг - Хрватска, хотел „Металург", Херцег Нови, Црна Гора, 1.6 - 4.6.2010 година.

II

1. Биографски податоци за д-р Искра Аќимоска-Малетиќ

Кандидатката Искра Аќимоска-Малетиќ е родена на 5.2.1974 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование со одличен успех. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје во 1996 година, со просечен успех 9,79. Во 2002 година на Правниот факултет во Скопје го одбранила својот магистерски труд под наслов: „Народниот правобранител на Република Македонија во заштитата на уставните и законските права на граѓаните", со што се стекнала со академски степен - магистер на правни науки од областа на управното право. Во 2008 година на Правниот факултет во Ниш ја одбранила својата докторска дисертација под наслов „Јавните установи во споредбеното право" и се стекнала со научен степен - доктор на правни науки од јавно-правна област.

Кандидатката активно ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Се служи со Microsoft Office i Microsoft Windows.

2. Работно искуство

Кандидатката Искра Аќимоска-Малетиќ во периодот 1996-1998 била волонтер во Основното јавно обвинителство Скопје и Основниот суд Скопје I - Скопје. Во 1998 година работела како проектен асистент за ревизија и превод на законски текстови во Institute of Public Administration KPMG/ Barents Central Government Project (USAID Funded). Од 1998 до 2005 година се стекнала со работно искуство како советник и државен советник во Канцеларијата на народниот правобранител на Република Македонија. Во 2005 година е избрана за

асистент по управно право на Полициската академија во Скопје, при што била ангажирана за изведување на вежби по предметите: вовед во право и уставно право. Во 2008 година е избрана за доцент на Факултетот за безбедност во Скопје по предметот управно право. На истиот Факултет е ангажирана и за изведување настава на додипломски студии и по предметот вовед во право и уставно право. Од 2009/2010 година е вклучена во изведување настава на втор циклус студии на Факултетот за безбедност во Скопје, по наставната програма за човекови права и меѓународно хуманитарно право и наставната програма за меѓународни стандари и практики за заштита на животната средина.

3. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои и објавени трудови

Во 2001 година, кандидатката м-р Искра Аќимовска-Малетиќ се стекнала со сертификат за завршена обука „Заштита на човековите права" на Меѓународниот институт за јавна администрација (ПРА), во Париз, Франција. Во 2006 година се стекнала со сертификат за завршена обука „Подготвување на полициски службеници во меѓународни мисии" одржана во рамките на Твининг - проектот -Реформи во полицијата на Република Македонија на Полициската академија - Скопје.

Кандидатката д-р Искра Аќимоска-Малетиќ има објавено повеќе научни трудови, монографии и статии, но бидејќи тие се наведени во образецот приложен кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање избор, во овој дел од извештајот ќе бидат наведени само некои од нив.

Кандидатката ги има објавено следниве поважни трудови:

1. „Народниот правобранител на Република Македонија во заштитата на уставните и законските права на граѓаните", магистерска теза.
2. „Јавните установи во споредбеното право", докторска дисертација.
3. „Народниот правобранител на Република Македонија (омбудсман) - заштитник на правата и слободите на граѓаните", издавач: Искра Аќимоска-Малетиќ, 2010.
4. „Јавне установе", Задужбина Андрејевиќ, Београд, Република Србија, 2009.
5. Вовед во право на Факултет за безбедност - Скопје на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, одобрено за учебно помагало, 2009.

6. „Personal data protection in the police sector in the Republic of Macedonia", "Policing in Central and Eastern Europe, Social Control of Unconventional Deviance", Conference Proceedings, Faculty of Criminal Justice and Security, University of Maribor, Slovenia, Ljubljana 2011, p. 417 - 433 (коавтор со Bogdancho Gogov), ISBN 978-961-6821-10-0, вклучен во Conference Proceedings Social Science Citation Index (Thomson Reuters).

7. „E - government and police", Thematic proceedings of international Significance Archibald Reiss days, Vol II, Academy of Criminalistic and Police Studies, Belgrade, 2011.

8. „Реформа на јавните установи во Република Македонија во согласност со европската правна рамка", Македонска академија на науките и уметностите, проект: Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската унија, Реформа на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија, Зборник од научна расправа одржана на 18 декември 2008 година, книга 5, Скопје, 2009.

9. „Еколошки омбудсман", Меѓународна конференција на еколозите на Република Македонија, Струга, 2007.

1. Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција — 3. Конгрес на еколозите на Македонија, на тема: "Еколошки омбудсман", Книга на апстракти,октомври, 2007 Охрид . 2. Апстракт објавен во зборник на 10та Меѓународна конференција за туризмот во услови на глобална економска рецесија, на тема: "Правна и еколошка рамка за одржлив развој на туризмот", на Универзитетот "Св. Климент Охридски"во Битола, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 2009. 3. Апстракт објавен во зборник на меѓународната научна конференција „Екологија и право"; одржана на Правниот факултет во Ниш, Универзитет во Ниш, Р. Србија, 2011, на тема: „Доступност информацијама и учешће јавности у доношењу одлука о питањима заштите животне средине". 4. Апстракт објавен во зборник на меѓународната научна конференција. The anti-organized crime role of the Police and Prosecution office in Macedonia (во коавторство), Abstract, Collection of Abstracts, International Conference "Social Dimensions of Soft Insecurity", Belgrade, 22-23 October 2010, Центар за безбедносне студије. 5. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција: Aarhus Convention and ecological justice in the Republic of Macedonia (Abstract), Book of Abstracts, International Scientific Conference "Security and Euro Atlantic Perspectives of the Balkans), Police Science and Police Profession (States and Perspectives), St Kliment Ohridski University, Bitola, Faculty of Security – Skopje, 25-26 May, 2012 Ohrid; 6. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција:		**10**

Disciplinary Responsibility of the Employers in the Ministry of Interior of the Republic of Macedonia, Book of Abstracts „Полиција и људска права у Републици Србији“, научно-стручни скуп са међународним учешћем, Тара, 19-21 јуни 2012.		
7. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција: „Реформа на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија“, Македонска академија на науките и уметностите, декември 2008.		
8. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција – "Третманот на припадниците на безбедносните сили на РМ - учесници во вооруженият конфликт од 2001 од страна на државата“, Книга на апстракти "Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија", организирана од Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, во Охрид, мај 2011.		
9. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција – „Хармонизација на правната рамка за заштита на лични податоци со правото на Европска унија-случај Македонија, Србија, Хрватска“ во Книга на апстракти од Меѓународнта научна конференција „Актуелне тенденције у развоју и примени европског континеталног права“, на Правниот факултет во Ниш, Универзитет во Ниш, Република Србија, мај 2010		
10. Апстракт објавен во зборник на меѓународна научна конференција – Research in education and rehabilitation sciences, на тема: „Normative and institutional preconditions for achieving safety in schools (research on safety in secondary schools in the City of Skopje)”, na Faculty of Education and Rehabilitation Sciences University of Zagreb, Загреб, септември 2012.		
Вкупно		**202.4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста	**Поени**	**Вк. поени**
Стручна монографија	8	
1. Безбедност во училиштата (Психосоцијални, криминолошки, криминалистички и правни аспекти на безбедноста во средните училишта на градот Скопје), (коавтор со: Батиќ Д., Малетиќ-		**4.8**

Аќимовска И., Малиш М., Шурбановска О., Мојсоска С., Мојаноски Ц, Гогов Б., Иванов А.), Здружение за безбедности истражувања и едукација, Скопје 2011; (4,8)		
Рецензент на учебник за средно образование	0,5	
1. Рецензент на учебник за средно образование - рецензија на ракопис от "Основи на јавно право" за II година од Рената Дескоска, Тања Каракамишева - Јовановска и Снежана Бриндевска.		**0,5**
Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	0,5	
1. Учество во промотивни активности на Факултетот за безбедност во Скопје, на Саемот на образование во 2007. 2. Учество во промотивни активности на Факултетот за безбедност во Скопје, во средните училишта во град Скопје во 2010.		**1**
Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	0,5	
1. Член на Уредувачки одбор за издавање на научното списание „Безбедносна мисла“ на Полициската академија, 2008 2. Член на Уредувачки одбор на Годишникот на Полициската академија за академската 2006/2007 година 3. Член и секретар на Уредувачки одбор на Годишникот на Полициската академија за академската 2007/2008 година 4. Член на редакциски одбор на Годишникот на Факултетот за безбедност во Скопје за 2009 година 5. Член на уредувачки одбор на Годишникот на Факултетот за безбедност во Скопје за 2010 година		**2,5**
Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	1	
1.Член на Организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир: Безбедноста и постконфликтниот (Западен) Балкан, транзиција и предизвиците на Република Македонија, организирана од Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, 2011		**1**
Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	0,5	
1. Член на Организационен одбор на научен/стручен собир -Научно-стручна конференција "Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија", организирана од Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, 2010.		**0.5**

Учество во комисии и тела на државни и други органи	1	
1. Со Одлука на МАНУ, именувана е за член на Етички поткомитет за медицина, фармација, ветерина и стоматологија (31.1.2012)		1
Студиски престој во странство	0,5	
• до три месеци 1. Студиска посета за "Улогата на омбудсманот во Британија", организирана од Британската асоцијација за Централна и Источна Европа (BACEE) во Лондон, Велика Британија (1999). 2. Студиска посета на омбудсманот на Република Грција и учество во проектот EUNOMIA, наменет за промоција на омбудсман - институциитево Југоисточна Европа, поддржан од Советот на Европа, во Атина, Република Грција. 3. Студиска посета на Меѓународниот центар за обука, Министерство за правда и спроведување на законото, Будимпешта, Унгарија 2008.		1,5
Раководител на внатрешна организациона единица[10]	3	
1. Раководител на внатрешна организациона единица - раководител на заеднички студии по безбедност и финансиска контрола на Факултетот за безбедност во Скопје, 2008-2010 2. Раководител на внатрешна организациона единица - раководител на заеднички студии по безбедност и финансиска контрола на Факултетот за безбедност во Скопје, 2012-2014		6
Член на универзитетска комисија[10]	1	
1. Член на универзитетска комисија - Комисија за нормативна дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола		1
Член на факултетска комисија[10]	0,5	
1. Член на Комисија за издавачка дејност на Факултетот за безбедност во Скопје, 2010 2. Претседател на Конкурсна комисија за запишување на студенти во прва година на Факултетот за безбедност во Скопје Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола за академската 2010/2011 година 3. Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти во прва година на Факултетот за безбедност во Скопје Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за академската 2009/2010 година 4. Член на Дисциплинска комисија при Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2005-2007 година 5. Претседател на Дисциплинска комисија при Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2007-2009 година 6. Член на работна група за изготвување на Предлог – правилник за		3.5

изменување и дополнување на Правилникот за условите и критериумите за запишување на студенти на додипломски студии на Полициската академија во Скопје, 9.3.2007. 7. Секретар на Катедрата за општествено-политички и правни науки на Факултетот за безбедност во Скопје, 2006-2008 год.		
Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, процена на капитал, систематизација, методологија	1	
1. Мислење за работен текст на Предлог - законот за инспекциски надзор (31.12.2009) 2. Учество на работен состанок со расправа по работен текст на Законот за инспекциски надзор, организиран од Министерството за правда (ноември 2009)		**2**
	Вкупно	**25.3**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**78,05**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**202.4**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**25.3**
Вкупно	**305.75**

Скопје, 3.1.2013 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Симеон Гелевски
Проф. д-р Борче Давитковски
Проф. д-р Ана Павловска-Данева

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 21 декември 2012 година, потпишаните: проф. д-р Симеон Гелевски, проф. д-р Борче Давитковски и проф.д-р Ана Павловска-Данева, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право).

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација, објавен во весникот „Дневник" бр. 5025 од 27 ноември 2012 година и во дневниот весник „Коха" бр. 1773 од 27 ноември 2012, се пријави д-р Ивана Шумановска-Спасовска, асистент на научната област административно право и јавна администрација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, и д-р Искра Аќимоска-Малетиќ, доцент по предметот управно право на Факултетот за безбедност во Скопје.

Кон пријавата кандидатките ги доставиле и потребните документи: одлука за стекнат научен степен - доктор на правни науки; кратка биографија (CV); список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите.

По разгледувањето на пријавите и другите приложени документи, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Податоци за кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска

I. Биографски податоци

Кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска е родена во Куманово на 19 јануари 1979 година. Основно и средно училиште завршила во Куманово со одличен успех.

Во учебната 1997/98 година се запишала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Студиите ги завршила во јуни 2001 година со просечен успех 8,76, и се стекнала со право на стручен назив - дипломиран правник.

Во учебната 2001/02 година се запишала на постдипломските студии на курсот по правно-политички науки, насока: управно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Ги ислушала предавањата и ги положила испитите по првиот и по вториот семестар. На 17 март 2007 година се стекнала со академски степен - магистер на правни науки од областа на управното право.

Во март 2008 година ја пријавила докторската дисертација на тема „Државната управа во системот на поделба на власта", која е успешно одбранета на 28.10.2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со што се стекнала со научен степен - доктор на правни науки.

Активно ги владее англискиот јазик, српскиот и хрватскиот јазик и има основно ниво за познавање на францускиот јазик. Се служи со Windows (Word, Power Point, Excel, Internet Explorer).

Работно искуство

Кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска, целиот свој работен век, почнувајќи од 2001 година, кога била ангажирана како демонстратор на група предмети на научната област управно право го има поминато и целото работно искуство го има стекнато на Катедрата за административно право и јавна администрација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје при УКИМ. Така, со одлуки на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје од ноември 2001, 2002, 2004, 2005 година, избирана е за демонстратор на научната област управно право, за учебните 2001/02, 2002/03, 2004/05 и 2005/06 година. Била ангажирана во изведувањето на вежби по предметите управно право, управно процесно право и управно судство.

Со одлуки на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 27.1.2006 година, избрана е во соработничко звање - помлад асистент на научната област административно право и јавна администрација. Со одлука на Наставно-научниот совет од 29.8.2007 година, избрана е во соработничко звање - асистент на научната област административно право и јавна администрација. Со одлука на Наставно-научен совет од 30.6.2010 година, реизбрана е во соработничкото звање асистент на научната област административно право и јавна администрација.

Од моментот на првиот избор, во демонстратор, а понатаму и во звањето помлад асистент до денес, ангажирана е во изведувањето на настава/вежби по предметите административно право – применета програма, управно процесно право, управно судство, управни договори и одговорност на јавна администрација, на вториот циклус студии по административно право и јавна администрација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, како и по предметот административно право на првиот циклус студии. Секретар е на Институтот за правно-политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

II. Објавени научни и стручни трудови:

Д-р Ивана Шумановска-Спасовска е автор на повеќе научни и стручни трудови од областа на административното право (наведени во образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање):

1. „Етаблирање на Управен суд во Република Македонија според најновите законски прописи", Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Правниот факултет при Московскиот државен универзитет „М.В.Ломоносов", Скопје, 2007

2. „Спроведување контрола над локалните органи согласно со најновите законски прописи за децентрализација", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф.д-р Панта Марина, Скопје, 2007
3. „Трансферот на надлежности на единиците на локалната самоуправа", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф.д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007
4. „Децентрализација државне управе у Републици Македонији",Правни живот часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Србије, бр.10, Београд, 2007, том II
5. „Децентрализација и промене у јединицама локалне самоуправе у Републици Македонији", Правни живот, Београд, 2009, стр.12.
6. „Статусот на државниот службеник во Република Македонија", Зборник на Правниот факултет посветен на проф.д-р Томислав Чокревски, Скопје, 2010, стр.11.
7. „Државната управа vis-à-vis Владата на Република Македонија", Зборник во чест на проф.Наум Гризо, Скопје, 2011 година.
8. „Државната управа во системот на поделба на власта", докторска дисертација, Скопје, 2011, стр.292.
9. „Механизми за партиципативно учество на граѓаните во политичкиот процес", Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, посветен на 35 години студии по новинарство
10. „Посебна административна прекршочна постапка во РМ – нужност или потреба", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, во чест на проф.д-р Тодор Пеливанов, Скопје, 2012.
11. „Етаблирање на Виш Управен суд во Република Македонија", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф.д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012.

III. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои

Кандидатката со реферати или друг придонес учествувала на бројни научни и стручни семинари и конференции во земјата и во странство (наведени во образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање).

2. Податоци за кандидатката Искра Аќимоска-Малетиќ

I. Биографски податоци

Кандидатката Искра Аќимоска-Малетиќ е родена на 5.2.1974 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование со одличен успех. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје во 1996 година, со просечен успех 9,79. Во 2002 година на Правниот факултет во Скопје го одбранила својот магистерски труд под наслов: „Народниот правобранител на Република Македонија во заштитата на уставните и законските права на граѓаните", со што се стекнала со академски степен - магистер на правни науки од областа на управното

право. Во 2008 година на Правниот факултет во Ниш ја одбранила својата докторека дисертација под наслов „Јавните установи во споредбеното право“ и се стекнала со научен степен - доктор на правни науки од јавно-правна област.

Кандидатката активно ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик. Се служи со Microsoft Office i Microsoft Windows.

II. Работно искуство

Кандидатката Искра Аќимоска-Малетиќ во периодот 1996-1998 била волонтер во Основното јавно обвинителство Скопје и Основниот суд Скопје I - Скопје. Во 1998 година работела како проектен асистент за ревизија и превод на законски текстови во Institute of Public Administration KPMG/ Barents Central Government Project (USAID Funded). Од 1998 до 2005 година се стекнала со работно искуство како советник и државен советник во Канцеларијата на народниот правобранител на Република Македонија. Во 2005 година е избрана за асистент по управно право на Полициската академија во Скопје, при што била ангажирана за изведување на вежби по предметите вовед во право и уставно право. Во 2008 година е избрана за доцент на Факултетот за безбедност во Скопје по предметот управно право. На истиот Факултет е ангажирана и за изведување настава на додипломски студии и по предметот вовед во право и уставно право. Од 2009/2010 година е вклучена во изведување настава на втор циклус студии на Факултетот за безбедност во Скопје, по наставната програма за човекови права и меѓународно хуманитарно право и наставната програма за меѓународни стандари и практики за заштита на животната средина.

III. Учество на семинари, курсеви, конференции и студиски престои и објавени трудови

Во 2001 година, кандидатката м-р Искра Аќимовска-Малетиќ се стекнала со сертификат за завршена обука „Заштита на човековите права" на Меѓународниот институт за јавна администрација (ПРА), во Париз, Франција. Во 2006 година се стекнала со сертификат за завршена обука „Подготвување на полициски службеници во меѓународни мисии", одржана во рамките на Твининг - проектот -Реформи во полицијата на Република Македонија на Полициската академија - Скопје.

Кандидатката д-р Искра Аќимоска-Малетиќ има објавено повеќе научни трудови, монографии и статии, но бидејќи тие се наведени во Образецот приложен кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање, во овој дел од извештајот ќе бидат наведени само некои од нив.

Кандидатката ги има објавено следниве поважни трудови:

1. „Народниот правобранител на Република Македонија во заштитата на уставните и законските права на граѓаните“, магистерска теза;
2. „Јавните установи во споредбеното право“, докторска дисертација.
3. „Народниот правобранител на Република Македонија (омбудсман) - заштитник на правата и слободите на граѓаните“, издавач: Искра Аќимоска-Малетиќ, 2010.

4. „Јавне установе“, Задужбина Андрејевиќ, Београд, Република Србија, 2009;

5. Вовед во право на Факултет за безбедност - Скопје на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, одобрено за учебно помагало, 2009

6. „Personal data protection in the police sector in the Republic of Macedonia", "Policing in Central and Eastern Europe, Social Control of Unconventional Deviance", Conference Proceedings, Faculty of Criminal Justice and Security, University of Maribor, Slovenia, Ljubljana 2011, p. 417 - 433 (коавтор со Bogdancho Gogov), ISBN 978-961-6821-10-0, вклучен во Conference Proceedings Social Science Citation Index (Thomson Reuters).

7. „E - government and police", Thematic proceedings of international Significance Archibald Reiss days, Vol II, Academy of Criminalistic and Police Studies, Belgrade, 2011.

8. „Реформа на јавните установи во Република Македонија во согласност со европската правна рамка", Македонска академија на науките и уметностите, проект: Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската унија, Реформа на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија, Зборник од научна расправа одржана на 18 декември 2008 година, книга 5, Скопје, 2009.

9. „Еколошки омбудсман", Меѓународна конференција на еколозите на Република Македонија, Струга, 2007.

10. „Прекршочно - правна заштита на индустриската сопственост воРепублика Македонија", (коавтор со Арта Зендели), Научен форум за индустриска сопственост, Државен завод за индустриска сопственост, Скопје, декември, 2010.

11. „Улога на полицијата и обвинителството во борба против организираниот криминал во Република Македонија", (коавтор со доц. д-р Марина Малиш Саздовска, Факултет за безбедност - Скопје), Институт за меѓународна политика и стопанство, Општествени аспекти на организираниот криминал, Белград, 2011.

12. „Е-управа и реформа јавне управе", Правни живот, Часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Србије, Београд, 10/2008;

13. „Управни уговори“, Правни живот, Часопис за правну теорију и праксу, Удружење правника Србије, Број 11, Том III, Београд, 2009;

14. „Постапување на Народниот правобранител на Република Македонија (омбудсман) во областа на екологијата", Pravo - teorija i praksa,Vol.25, бр. 9-10, Нови Сад, 2008.

15. „Европски стандарди о омбудсману", Правни факултет Универзитета у Нишу, Зборник радова "Право Републике Србије и право Европске уније - стање и перспективе", Свеска 1, Ниш, 2009.

16. „Инспекцијски надзор у области заштите животне средине у законодавству Републике Македоније", Зборник радова Правног факултета у Нишу, LVII, Тематски број посвећен Славољубу Поповићу, Ниш, 2011.

17. „Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија", Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, Скопје, 2010.

Заклучна оцена и предлог

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право) од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се пријавија две кандидатки, д-р Ивана Шумановска-Спасовска и д-р Искра Аќимоска-Малетиќ. Комисијата за оцена на кандидатките во состав: проф. д-р Симеон Гелевски, проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Ана Павловска-Данева, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува рецензентскиот извештај со следнава заклучна оцена и предлог.

Рецензентската комисија во составот наведен погоре, со интерес и внимание ги проучи документите што кандидатките д-р Ивана Шумановска-Спасовска и д-р Искра Аќимоска-Малетиќ ги поднесоа кон пријавата за избор за наставник во сите наставно-научни звања на научната област административно право и јавна администрација (административно право) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и оцени дека и двете кандидатки ги исполнуваат условите.

Имено, кандидатката д-р Искра Аќимоска-Малетиќ ги исполнува сите наставно-научни и образовни стандарди да биде избрана за наставник по административно право и јавна администрација (административно право). Во својот развоен пат, иако првите 9 години по дипломирањето ги поминала на работа во правосудни и управни институции, таа од 2005 година била избрана за асистент на Полициската академија, а подоцна во 2008 година за доцент на Факултетот за безбедност и постигнала солидни резултати. Со оглед на сето погоре наведено, на постигнатите резултати, на периодот во кој ја остварува својата професионална должност како доцент, очекуваме кандидатката д-р Искра Аќимоска-Малетиќ, на матичната установа Факултетот за безбедност, да биде за многу кус временски период избрана во следното повисоко наставно-научно звање, за разлика од потребите на Правниот факултет „Јустинијан Први" кои се однесуваат на наставник во првото наставно-научно звање.

Комисијата се определи за кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска поради следниве причини:

1. Согласно со кадровската политика утврдена од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје, на предметот административно право моментално се ангажирани двајца наставници – еден редовен професор и еден вонреден професор. Заради континуитетот на наставно-образовниот процес на

Правниот факултет е потребен наставник во првото наставно-научно звање – доцент.

2. Во случајов на д-р Ивана Шумановска-Спасовска се работи за кандидат кој своето образување, учење и усовршување ги остварува во еден многу континуиран процес, минувајќи од фаза во фаза во своето формирање како иден наставник, истражувач и научен работник. По изборот за асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје како магистер, подоцна како докторанд се вклучува во наставниот процес успешно извршувајќи ја својата функција на асистент. Но, тоа е и период во кој ја подготвува и успешно ја одбранува докторската дисертација на нашиот Факултет и се стекнува со звањето доктор на правни науки од административноправната научна област. Истовремено, во тој период објавува повеќе стручни и научни трудови во домашни и странски списанија преку кои покажува дека сериозно навлегува во научната област во која работи и покажува познавање на научната методологија што се применува во овие научни области. Исто така, објавува и неколку стручни трудови преку кои покажува способност за критичка анализа и оцена на научни и стручни трудови од овие научни области.

Од приложената документација кон пријавата останува очигледно дека кандидатката д-р Ивана Шумановска-Спасовска не останува надвор од научноистражувачката работа.

На тој начин таа работи на унапредување, усовршување, збогатување на теоретските и научните познавања од областа на административните и други научни сознанија и ги усовршува и ги збогатува своите методолошки познавања и искуства во примената на методологијата на истражување во овие области.

На подрачјето на наставната дејност од приложениот образец кон извештајот за нејзината работа на Факултетот, сосема е јасно дека таа успешно ја извршува својата работа како асистент преку одржување вежби, консултации, оцена на семинарски работи, есеи и други облици на работа со студентите. Повеќегодишните евалуации на студентите од првиот и вториот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" покажуваат одлична наставна дејност на ас.д-р Ивана Шумановска-Спасовска преку што се согледува големото задоволство на студентите од професионалниот однос на кандидатката кон нив и кон своите работни обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први". Овој податок е исто така од исклучителна важност за Комисијата при носењето на заклучните забелешки на овој извештај. Истовремено, кандидатката Ивана Шумановска-Спасовска веќе трета година е повикувана и од Катедрата за уставно право за вклучување во наставно образовниот процес по предметот локална самоуправа на вториот циклус на студии, што е дополнителен показател за нејзиното совесно и квалитетно извршување на работните обврски на нашиот Факултет.

Таа во својата наставна работа напредува кон повисоки степени на оваа дејност, настапувајќи на семинари, советувања, дискусии, обука на студенти и други лица од научната област на кои има сопствени настапувања со предавања и излагања. Овие нејзини настапи се оценуваат како стручни на нивото на преземените активности, професионални, со познавање на проблематиката за која говори (излага) со јасност, разговетност и разбирање. На тој начин, таа ги покажува и ги потврдува своите способности за настава. Во овој домен од нејзините активности не изостануваат ниту оние облици на ангажман на домашни

и странски семинари, како и обуки преку кои и самата учи, стручно се изградува навлегувајќи длабоко во областите во кои работи.

Во согласност со сè што е понапред речено во рецензентскиот извештај, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Симеон Гелевски, проф.д-р Борче Давитковски и проф.д-р Ана Павловска-Данева, има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, **да му предложи д-р Ивана Шумановска-Спасовска да биде избрана во наставно-научното звање доцент на научната област административно право и јавна администрација (административно право).**

Скопје, 3.1.2013 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Симеон Гелевски, с.р.

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

Проф. д-р Ана Павловска-Данева,с.р.

ОБРАЗЕЦ
ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ивана Шумановска-Спасовска
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
Научна област: административно право и јавна администрација (административно право)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава - прв циклус на студии** **2005/06 година** - Управно право 1*30*0,03 0,9 - Управно процесно право 1*15*0,03 0,45 - Управно судство 1*15*0,03 0,45 **2006/07 година** - Административно право 2,5*15*0,03*2 групи 2,25 - Административно право (Штип) 2,5*15*0,03 1,125 - Управно процесно право 1*15*0,03 0,45 - Управно судство 1*15*0,03 0,45 **2007/08 година** - Административно право 2,5*15*0,03*2 групи 2,25 - Административно право (Штип) 2,5*15*0,03 1,125 - Управно процесно право 1*15*0,03 0,45 - Управно судство 1*15*0,03	**26,887**

	0,45 **2008/09 година** - Административно право 2,5*15*0,03*3 групи 3,375 **2009/10 година** - **Административно право** 2,5*15*0,03*3 групи 3,375 - Локална самоуправа 1,75*15*0,03 0,787 **2010/2011 година** - Административно право 2,5*15*0,03*3 групи 3,375 - Административно право (Велес) 2,5*15*0,03 1,125 **2011/12 година** - Административно право 2,5*15*0,03*3 групи 3,375 - Административно право (Велес) 2,5*15*0,03 1,125 **Вкупно: 26,887**	
2.	**Одржување на настава - втор циклус студии** **2008/09 година** - Управно процесно право 2,5*15*0,03 1,125 - Управно судство 2,5*15*0,03 1,125 - Одговорност на јавна управа 0,875*15*0,03 0,393 - Јавни и управни договори 1,75*15*0,03 0,787 **2009/10 година** - Управно процесно право 27*0,03 0,81 - Управно судство 27*0,03 0,81	**12,22**

	- Одговорност на јавна управа 14,5*0,03 0,435 - Јавни и управни договори 12,5*0,03 0,375 - Локална самоуправа 22,5*0,03 0,675 **2010/11 година** - Управно процесно право 27*0,03 0,81 - Управно судство 27*0,03 0,81 - Одговорност на јавна управа 17*0,03 0,51 - Јавни и управни договори 12,5*0,03 0,375 - Локална самоуправа 22,5*0,03 0,675 **2011/12 година** - Управно процесно право 27*0,03 0,81 - Управно судство 27*0,03 0,81 - Одговорност на јавна управа 17*0,03 0,51 - Јавни и управни договори 12,5*0,03 0,375 **Вкупно: 12,22**	
3.	**Одржување на теренска настава[1] 0,04** - Административно право (применета програма) - 2008/09 година 1,25*15*0,04 0,75 - Административно право (применета програма) - 2009/10 година 12,5*0,04 0,5 - Административно право (применета програма) - 2010/11 година 12,5*0,04 0,5 - Административно право (применета програма) - 2011/12	2,25

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за предавања од теренска настава) = поени.

	година 12,5*0,04 0,5 **Вкупно: 2,25** Теренската настава е спроведена во: Управен суд, Канцеларија на народен правобранител, Државен управен инспекторат, Собрание на Република Македонија, Комисија за жалби по јавни набавки и МАПАС	
4.	**Консултации со студенти**[2]	5,88
	2005/06 година 600*0,002 1,2 **2006/07 година** 450*0,002 0,9 **2007/08 година** 450*0,002 0,9 **2008/09 година** 340*0,002 0,68 **2009/10 година** 390*0,002 0,78 **2010/11 година** 360*0,002 0,72 **2011/12 година** 350*0,002 0,70 **Вкупно: 5,88**	
5.	**Настава во летни школи и работилници**	
	Учесник 1. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Јуридика од Скопје, предавач (5 април 2008) 2. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (мај 2010) 3. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (септември 2010) 4. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (ноември 2010) 5. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (март 2011) 6. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (мај 2011) 7. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (ноември 2011) 8. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (март 2012) 9. Обука за полагање на правосуден испит во организација на Еуриск од Скопје, предавач (септември 2012) 10. Обука за полагање на правосуден испит во организација на	**10**

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

	Еуриск од Скопје, предавач (ноември 2012) **Вкупно: 10**	
	Вкупно:	**57,237**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови оригинални научни резултати, објавениво научно/стручно списание** 1.1. Управно судство во Франција, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Тодорка Оровчанец, Скопј, 2006 (4) 1.2.Трансферот на надлежности на единиците на локалната самоуправа, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Борислав Благоев, Скопје, 2007 (4) 1.3. Децентрализација државне управе у Републици Македонији, Правни живот, бр. 10, Београд, 2007, том II. (4) 1.4. Децентрализација и промене у јединицама локалне самоуправе у Републици Македонији, Правни живот, Београд, 2009 (4) 1.5. Механизми за партиципативно учество на граѓаните во политичкиот процес, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, посветен на 35 години студии по новинарство (4)	**20**
2.	**Трудови објавен и во Зборник на трудови на в.о. институција** 2.1. Статусот на државниот службеник во РМ, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Томислав Чокревски, Скопје, 2007. (2) 2.2. Етаблирање на Управен суд во РМ според најновите законски прописи, Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Правниот факултет при Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов“, Скопје, 2007 (2) 2.3. Посебна административна прекрошочна постапка во РМ – нужност или потреба, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест	**12**

	на проф.д-р Тодор Пеливанов, Скопје, 2012 (2) 2.4. Спроведување контрола над локалните органи согласно најновите законски прописи за децентрализација, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Панта Марина, Скопје 2007. (2) 2.5. Државната управа vis-à-vis Владата на РМ, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Наум Гризо, Скопје, 2011. (2) 2.6. Етаблирање на Виш управен суд во Република Македонија, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф.д-р Бранко Зеленков, Скопје, 2012. (2)	
3.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир** 3.1. Семинар на тема: „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во РМ“, предавач, Јуридика, Скопје, (октомври 2008) (2) 3.2. Семинар на тема: „Актуелности во работното законодавство и во статусот на државните и јавните службеници“, предавач, Јуридика, Скопје, (јуни 2010) (2) 3.3. Семинар на тема: „Актуелните прашања во примената на правните прописи од трудовото и административното законодавство“, предавач, Јуридика, Скопје (декември 2010) (2)	**6**
4.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** 4.1. Одржано предавање на Копаоничка школа – природног права, на тема: „Децентрализација и промене у јединицама локалне самоуправе у Републици Македонији“, Копаоник, 2009. (2)	**2**
	Вкупно	**40**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учество во промотивни активности на факултетот/ институтот 0,5 (Денови на образование на РМ, 2008 година) (Денови на образование на РМ, 2009 година)	**2,5**

	(Денови на образование на РМ, 2010 година) (Денови на образование на РМ, 2011 година) (Денови на образование на РМ, 2012 година) 5*0,5 2,5	
	Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот 1. Учесник во проектот: „Локален план за акција за имплементација на декадата на Ромите во Куманово за период 2012-2016 година“ организиран од Општина Куманово; 1	1
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија 1. Учество на експертски панел, во рамките на проектот „ЦИМАП – Воспоставување на компаративен мониторинг базиран на индикатори за следење на прогресот во борбата против корупцијата во земјите кандидати за членство во ЕУ, потенцијалните земји кадидати и Косово, финансиран од Еворпската комисија, 21.3.2011. 1	1
	Член на факултетска комисија 0,5 поени 1. Член на Комисија за попис и утврдување на парични и други форми на побарувања и обврски, 2007 година 2. Член на Комисија за попис и утврдување на парични и други форми на побарувања и обврски, 2012 година 3. Член на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност, 2008 година 4. Член на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност, 2012 година 5. Член на Дисциплинска комисија за студенти на Факултетот, мандат 2010-2012 година 6. Член на Дисциплинска комисија за студенти на Факултетот, мандат 2012-2014 година 7. Член во Комисија за изработка на Правилник за дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, мај-јули 2012) 8. Член на Комисија за јавни набавки, 2011-2012 година 9. Член на Комисија за јавни набавки, 2012-2014 година 10. Член на Комисија за Подготовка на брошура и промотивен материјал за факултет и организирање на презентација на Факултетот на Саемот за високо образование во април 2008 03-276/1 од 9.4. 2008 11. Член на Комисија за подготовка на промотивен материјал и организирање на Отворениот ден на Правниот факултет од 05.06.2008 година Одлука број 03-157 12. Секретар на Институтот за правно-политички науки, мандат 2008-2012 година	6,5

	13. Секретар на Институтот за правно-политички науки, мандат 2012-2016 година	
	Вкупно	**11**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**57,237**
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**40**
СТРУЧНО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**11**
Вкупно	**108,237**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Симеон Гелевски с.р.

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

Проф. д-р Ана Павловска-Данева с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Искра Акимоска-Малетик
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје
Научна област: административно право и јавна администрација (административно право)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста	Поени	Вк. поени
Одржување на настава[1]		
Од прв циклус студии **Управно право** Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола (насока: криминалистика) 2005/2006:3 (часа)*15 (недели)*0,03=**1,35** 2006/2007: 3 (часа)*15 (недели)*0,03=**1,35** 2007/2008: 3 (часа)*15 (недели)*0,03=**1,35** 2008/09: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2009/10: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2010/2011: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2011/2012: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2012/2013: 3 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **1,8**; (Скопје) 2012/2013: 3 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **1,8**; (Охрид) Факултет за безбедност - Скопје. Универзитет „Св. Климент Охридски" — Битола (Безбедност и финансиска контрола во Скопје и Охрид) 2006/07: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**; 2007/2008: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**; 2008/09: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2009/10: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2010/2011: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2011/2012: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**;		**54,75**

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

Вовед во право и уставно право Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (насока: криминалистика) 2005/2006:2 (часа)*15 (недели)*0,03=**0,9** 2006/2007: 2 (часа)*15 (недели)*0,03=**0,9** **2007/2008: 2 (часа)*15 (недели)*0,03=0,9** 2008/09: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2009/10: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2010/2011: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2011/2012: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2012/2013: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; **Вовед во право и уставно право** Факултет за безбедност - Скопје. Универзитет „Св. Климент Охридски“ — Битола (Безбедност и финансиска контрола во Скопје и Охрид) 2006/2007: 2 (часа)*15 (недели)*0,03=**0,9** 2007/2008: 2 (часа)*15 (недели)*0,03=**0,9** 2008/09: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2009/10: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2010/2011: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**; 2011/2012: 4 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = **2,4**;		
Од втор циклус студии **Човекови права и меѓународно хуманитарно право** 2008/2009 : 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2009/2010: 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2010/2011: 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2011/2012: 10 (часа) * 0,05= **0,5** **Меѓународни стандарди и практики за заштита на животна средина** 2008/2009 : 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2009/2010: 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2010/2011: 10 (часа) * 0,05= **0,5** 2011/2012: 10 (часа) * 0,05= **0,5**	0,05	**4**
Настава во летни школи и работилници	1	
Учесник 1. Учество во обука на вработените на Управата за јавни приходи, на тема "Општа управна постапка", во организација на Управата за јавни приходи и Полициската академија - Скопје, 2007.		**11**

2. Учество во обука на припадници на Министерството за внатрешни работи и казнено-поправните установи, организирана од "Коалицијата сите за правично судење", Проект за поддршка на човековите права, на тема: "Почитување на човековите права на лицата лишени од слобода" и "Улогата на државата во заштитата од тортура", Скопје, Р. Македонија, 2009.		
3. Учество во обука на Државниот управен инспекторат, при Министерството за правда, за имплементација на внатрешните прописи за вршење на инспекциски надзор, со поддршка на Проектната единица за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка на Светска банка, 26, 27 и 30, 31.7.2010;		
4. Учество како предавач на обука на Државниот управен инспекторат при Министерството за правда, прв модул, на тема „Инспекциски надзор и овластување на инспекторите“, 26-31.7.2010.		
5. Учество во обука во врска со Темпус - проектот: Темпус IV Joint Degree of Intellectual Property Law во Центарот за интелектуална сопственост на Универзитетот во Софија, Република Бугарија, септември 2012, Софија.		
6. Учество во обука во врска со Темпус - проектот: Joint Degree of Intellectual Property Law, Универзитет во Стразбур, Република Франција, декември 2010.		
7. Учество како предавач на семинар/обука за заштита на личните податоци од страна на органите за спроведување на законот, на тема: „Презентација на анализата на регулативата која се однесува на органите за спроведување на законот во поглед на заштитата на личните податоци“, организиран од страна на Дирекцијата за заштитата на личните податоци, во рамки на проектот поддржан од Европската унија: Support to the Directorate for Personal Data Protection, 7 декември 2011.		
8. Учество како предавач на семинар/обука за заштита на личните податоци во полициското сектор, на тема: „Презентација на анализата на регулативата која се однесува на полициското сектор во поглед на заштитата на личните податоци“, организиран од страна на Дирекцијата за заштитата на личните податоци, во рамки на проектот поддржан од Европската унија: Support to the Directorate for Personal Data Protection, 27 јуни 2012.		
9. Предавач на работилница, како дел од проектот "Јакнеење на капацитетите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Сектор за анализа на политики и соработка - Сектор за реформа на јавната администрација и Сектор за соработка со невладини организации" Europe Aid-127747/C/SER/MK, финансиран од		

Европската комисија, а реализиран од страна на Human Dynamics и IPS, со предавања на тема "Управното право и негова практична примена", 14-15.6.2010. 10. Обучувач на обуката „Почитување на човековите права на лица лишени од слобода", организирана од здруженијата: Коалиција „Сите за правично судење" Ара од Куманово, Центар за демократски развој од Тетово, Центар за граѓанска иницијатива од Прилеп и Избор од Струмица, како дел од проектот за поддршка на човековите права, а кој е поддржан од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија и Фондот за жртви на тортура при ООН, 2.6.2009. 11. Учество на работен состанок, за верификација на резултатите од квалитативната анализа за следење на државната програма за превенција и репресија на корупција во образованието 2011-2015 од страна на Транспаренси интернешенал – Македонија, во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, при имплементацијата на проектот „Промовирање на транспарентност и отчетност во јавните институции", 23.11.2012.		
Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	0,5	
1.„Одговорноста на судиите во РМ" од м-р Милка Ристова 2.„Улогата на Уставниот суд на Република Македонија во заштитата на основните права на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство на институциите со јавни овластувања", м-р Јордан Арсов 3.„Превентивна дипломатија и учество на граѓанскиот сектор во кризниот менаџмент", м-р Саид Сеити 4.„Ефикасноста на органите на кривичниот прогон во спречување, откривање, разјаснување и докажување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога", м-р Билјана Богдановска-Смилевска 5. „Казнена одговорност на правните лица за дела против животната средина", м-р Жарко Наунчевски 6. „Заштита на животната средина во остварување на безбедноста на Република Македонија-теоретски, нормативни и институционални аспекти", м-р Александар Иванов		**3**
Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	0,3	
1. „Заштита на личните податоци во полициската работа во сузбивање на криминалитетот" од Богданчо Гогов 2. „Инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина во РМ - со посебен осврт на Државниот инспекторат за животна средина" од Александар Иванов 3. „Одржливиот развој-фактор за безбедност", Горан Секуловски 4. „Управување со опасен отпад и негов транспорт во Република Македонија", Несрин Мејзини		**1,2**
Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	0,1	
1. „Јавните установи во РМ"		**0,1**

Интерна скрипта од предавања[2]	4	
1. Учебно помагало „Вовед во право“, Факултет за безбедност во Скопје на „Универзитетот Св. Климент Охридски“ во Битола, Скопје 2009.		**4**
Вкупно		**78,05**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста	**Поени**	**Вк. поени**
Ментор на магистерска работа	1	
1. „Инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина во РМ - со посебен осврт на Државниот инспекторат за животна средина“ од Александар Иванов		**1**
Учесник во национален научен проект	3	
1. „Безбедноста во училиштата (психосоцијални, криминолошки, криминалистички и правни аспекти на безбедноста во средните училишта на градот Скопје), состојби и препораки“, Истражувачки проект, организирано од Здружението за безбедносни истражувања и едукација, со поддршка на Нова Македонија, Скопје, 2011 (3) 2. Научноистражувачки проект на Факултетот за безбедност во Скопје "Психо-социјални и правни последици на припадниците на безбедносните сили учесници во конфликтот од 2001 година", Скопје, 2009, со публикуван и рецензиран истражувачки извештај (3) 3. Учество во проект: "Јакнеење на капацитетите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Сектор за анализа на политики и соработка - Сектор за реформа на јавната администрација и Сектор за соработка со невладини организации" Europe Aid-127747/C/SER/MK, финансиран од Европската комисија, а реализиран од страна на Human Dynamics и IPS, со предавања на тема "Управното право и негова практична примена", 2010. **4.** Учество како експерт во проект: Поддршка на Дирекцијата за заштита на лични податоци, организиран од Hulla & Co. Human Dynamics KG, Wien, Austria, со поддршка на Европската делегација во Р. Македонија, Europe Aid/128570/C/SER/FYR (анализа на законска и		**15**

[2] Интерната скрипта предавања и интерната скрипта вежби треба да се одобри од наставно-научниот совет, односно од советот на единицата.

подзаконска регулатива, подготвување предлози насоки за заштита на податоците при соодветно процесирање на личните податоци во одредени области на јавната администрација, одржување обуки и семинари за службениците за заштита на лични податоци.		
5. Член на истражувачки тим, во научноистражувачки проект „Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Република Македонија“ на Факултетот за безбедност во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 2012. (3)		
Учесник во меѓународен научен проект	5	
Темпус - проектот Темпус IV Joint Degree of Intellectual Property Law, на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје		**5**
Монографија	8	
„Народниот правобранител во РМ (омбудсман) – заштитник на правата и слободите на граѓаните“ (8)		**8**
Дел од монографија	4	
Дел од монографија: „Психо-социјални и правни последици на припадниците на безбедносните сили - учесници во конфликтот од 2001 година“, Факултет за безбедност - Скопје, 2009. (4)		**4**
	AGRICULTURE in the process of adjustment to the common agriculture policy–Skopje: Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"–Скопје, 2010, 337 страни Natasha Daniloska Regional Cooperation In The Agriculture As A Factor For Successful Integration In The European Union, стр.64-78	4	
3.	**Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати)**	**(15/10/5) 20**	
	Економски развој, Списание на економскиот институт-Скопје, Година 12, број 1-2/2010, 295 страни Наташа Данилоска Менаџментот во агробизнисот и неговите функции, стр. 97-113	5	
	Economic development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year.12, No.3/2010, 147 страни Natasha Daniloska Costs and risks specific to agricultural lending, стр. 79-87	5	
	Economic development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year.13, No.1-3/2100, 171 страна **Natasha Daniloska**, Katerina H.N Mihalovska		
	Contribution of organic agriculture for Balkan regional cooperation, стр. 67-79	5	

	Economic development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year.14, No. 1/2012, 179 страни Natasha Daniloska Decentralized environmental decision making, стр. 135-143	5	
	Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење	**24**	
	Journal of hygienic engineering and design, EHEDG Word Congress on Hygienic Engineering & Design, 2011 500 страни Natasha Daniloska Food quality and safety in international trade aspect of developing countries, стр. 187-192	6	
	Agroeconomia Croatica, Journal of Croatian society of agricultural economists, Volume 2 (2012) No.1, 51 страна **Natasha Daniloska**, Blagica Sekovska Education Structure and training needs assessment of agricultural and rural population in the Republic of Macedonia, стр. 26-32	6	
	Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty-Skopje, Vol. 1. ISSUE 3, January 2012, 91 страна Natasha Daniloska Marketing concept for agricultural and food products, страна 69-75	6	
4.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено со СЦИ/ЦА/останати		
5.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен собир**	4	3
	International scientific symposium of Agriculture Natasha „Agrosym Jahorina 2011" **Natasha Daniloska**, BlagicaSekovska Rural Financing And Agricultural Lendining In Developing Countriesстр. 611-617		3
	Зборник на трудови од меѓународна научна конференција-Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи, 2012-Скопје **Наташа Данилоска**, Диана Бошковска Создавање и користење на знаењето во Република Мекедонија	2	
	International scientific conference, Migration and Labour Market, 2012, Krushevo Tatjana Mirceska-Petkovska, **Natasha Daniloska**, Diana Boshovska, Zoran Janevski Reducing the outflow of researchers through development of e-entrepreneurship in the Republic Macedonia	2	
	Прегледен напис во научно списание		
6.	Пленарно предавање на научен собир		
7.	Секциско предавање на научен собир		
8.	**Одржано предавање по покана од научна институција**	**34**	
	Економика на аграрот на Економски институт-Скопје, зимски семестар 2009/10	8	

	Претприемачки менаџмент во агробизнисот на Економски институт-Скопје, зимски семестар 2009/10	8	
	Квалитет и стандардизација на Економски институт-Скопје, зимски семестар 2009/10	8	
	Организациско однесување на Економски институт-Скопје, летен семестар 2010/11	4	
	Водство на Економски институт-Скопје, летен семестар 2010/11	4	
	Деловна етика и корпоративна општествена одговорност на Економски институт-Скопје, летен семестар 2010/11	4	
9	**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**	**(1/1,5) 3,5**	**(1,5/2) 1,5**
	EHEDG Word Congress on Hygienic Engineering& Design Natasha Daniloska Food quality and safety in international trade aspect of developing countries	1,5	
	International scientific symposium of Agriculture Natasha „AgrosymJahorina 2011" **Natasha Daniloska**, Blagica Sekovska Rural Financing And Agricultural Lendining In Developing Countries		1,5
	Меѓународна научна конференција-Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи, 2012, Скопје **Наташа Данилоска**, Диана Бошковска Создавање и користење на знаењето во Република Македонија	1	
	International scientific conference, Migration and Labour Market, 2012, Krushevo Tatjana Mirceska-Petkovska, **Natasha Daniloska,** Diana Boshovska, Zoran Janevski Reducing the outflow of researchers through development of e-entrepreneurship in the Republic Macedonia	1	
10.	Одбранета докторска теза		
	Одбранета магистерска теза		
11.	**Раководител на научен проект**	**4**	
	Енергетска ефикасност на земјоделското производство-состојби и перспективи за развој на органското производство, Институт за бизнис економија, 2012	4	
12.	**Учесник во научен проект**	**14**	
	Улогата на маркетинг концептот во процесот на интернационализација на македоското стопанство, Економски институт-Скопје, 2006	2	
	Експанзија на извозот од Република Македонија во функција на развојот, Економски институт-Скопје, 2007	2	
	Проект за поддршка на подготовките за ИПАРД- (Support to IPARD preparation-SIPP EU funded project), 2009	2	
	Regional Economic Development Macedonia-GTZ-RED, 2010	2	

	Научната дијаспора од Македонија-Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје, 2011	2	
	Користење на фондовите на ЕУ во Република Македонија-ефикасност, влијание и апсорпционен капацитет, Институт за европска политика и фондација „Фридрих Еберт”, 2012	2	
	Формирање на претприемачка лабораторија на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје	2	
13.	Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/останати		
14.	Член на уредувачки одбор на научно списание СЦА/ЦА/останати		
15.	Уредник на зборник на трудови		
16.	**Уредник на зборник на трудови од научен собир**	**1**	
	Зборник на трудови од меѓународна научна конференција-Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи, 2012, Скопје	1	
17.	Претседател на организационен одбор на начен собир		
18.	**Член на организационен одбор на научен собир**	**1**	
	Организационен одбор на прослава на јубилејот 60 години Економски институт-Скопје	1	
19.	Основач на научна лабараторија		
20.	Награди-признанија за научни постигнувања		
	Визитинг научник		
ВКУПНО			**122**

Врз основа на изнесените инфомации за научната активност, јасно се воочува дека кандидатката д-р Наташа Данилоска има објавено повеќе трудови од значење за развојот на науката и струката во соодветната област, објавени во научни списанија во земјата и во странство и во други публикации, од кои поголемиот број се самостојни. Од сите објавени трудови на д-р Наташа Данилоска, Рецензентската комисија дава посебен осврт кон три труда, и тоа:

- „Regional Cooperation In The Agriculture As A Factor For Successful Integration In The European Union";
- „Food quality and safety in international trade aspect of developing countries";
- „Costs and risks specific to agricultural lending".

Трудот **„Regional Cooperation In The Agriculture As A Factor For Successful Integration In The European Union"**, или **„Регионална соработка во земјоделството како фактор за успешна интеграција во Европската унија"**, е презентиран на традиционалната годишна средба на агроекономистите од поранешните југословенски републики, во 2009 година, одржана во Охрид. Од средбата е објавена монографија на тема "AGRICULTURE in the process of adjustment to the common agriculture policy", или "Приспособување на земјоделството кон заедничката аграрна политика на ЕУ", во која од стр. 64 до стр. 78, поместен е наведениот труд на д-р Данилоска. Појдовна теза за изработка на овој труд, д-р Данилоска наоѓа во фактот дека во однос на релацијата со Европската унија, балканските земји се поделени во две групи: земји-членки на Унијата и земји-кандидатки за членство во Унијата. Оттука, сосема е разбирливо дека нивните развојни стратегии се преклопуваат во делот на производството на производи и услуги според европските норми и стандарди. Дополнително, нагласува д-р Данилоска, значаен

заеднички проблем за многу од балканските земји е пласманот на нивните земјоделско-прехранбени производи. Имено, пазарните можности за реализација на земјоделското производство во секоја балканска земја се ограничени, а за многу од земјите-кандидатки за членство во Унијата, добар дел од европските норми и стандарди се сеуште недостижни. Според д-р Данилоска, регионалната соработка меѓу земји со слични можности и проблеми ќе ги олесни размената на позитивните, и надминувањето на негативните искуства. Во својот труд, како прашања кои особено го тангираат секторот земјоделство во бакланските земји со кандидатски статус, д-р Данилоска ги издвојува националните аграрни политики кои задолжително треба да се хармонизираат со заедничката земјоделска политика на Европската унија, како и прифаќањето на Aquis Communitarie, односно ратификување и имплементирање на бројни договори, регулативи и директиви усвоени и практикувани од страна на европските институции. Притоа, во сегметот на националните аграрни политики, д-р Данилоска нагласува дека посебно внимание треба да се посвети на санитарната и фитосанитарната заштита и регулатива. Во поглед на можностите за регионална соработка, д-р Данилоска наведува дека тие првенствено произлегуваат од можноста за формирање на заеднички регионален пазар за земјоделско-прехранбени производи, посебно поради географската близина на земјите и фактот дека речиси сите се соочуваат со трговски дефицит, особено во трговската размена со земјоделско-прехранбени производи. Сличностите во навиките за хранење, комплементарните системи на земјоделско производство, поседувањето на голем земјоделски потенцијал и квалитетни приородни ресурси, д-р Данилоска ги посочува како дополнителни агргументи во корист на регионалната соработка меѓу балканските држави. Понатаму во својот труд, д-р Данилоска елаборира уште два можни начина за регионална соработка во земјоделството во балканските земји. Едниот се однесува на формирањето на специјализирани здруженија со чисто пазарна ориентација, а другиот на прифаќање на стрегијата за колективно преговарање и на тој начин зајакнување на пазарната позиција и моќ на земјоделските производители. Во заклучните согледувања на овој труд, д-р Данилоска наведува дека за успешна регионална соработка на балканските земји во секторот земјоделство, неопходно е да се разрешат неколку сериозни тешкотии, посебно во надминување на јазот меѓу усвојување и имплеметирање на европската регулатива, потребата од воспоставување и одржување на разни меѓународни мрежи за размена на информации и искуства, како и идентификување на нови финансиски можности за надминување на буџетските ограничувања и недостатокот на приватен капитал во балканските земји.

Трудот **„Food quality and safety in international trade aspect of developing countries"**, односно **„Квалитетот и безбедноста на храната од аспект на меѓународната трговска размена на земјите во развој"**, е презентиран на Петтиот светски конгрес на Европското здружение за хигиенско инженерство и дизајн, одржан во Охрид во 2011 година, и истата година е објавен во списанието на наведено здружение, од стр. 187, до стр. 192. Во овој труд, д-р Данилоска тргнува од сознанието дека по заклучувањето на Уругвајската рунда на преговори во 1994 година и формирањето на Светската трговска организација во 1995 година, меѓународната трговска размена со земјоделски и прехранбени производи се карактеризира со видно намалени тарифни и квантитативни рестрикции. Авторката нагласува дека клучна придобивка од овие случувања е потпишувањето на Општиот договор за тарифи и трговија (General Agreement on Tariffs and Trade-GATT), а особено на Договорот за санитарна и фотосанитарна заштита (Sanitary and Phytosanitary Agreement-SPS) и Договорот за техничките бариери во трговијата (Technical Barriers to Trade Agreement-TBT), како анекси на Општиот договор. Како резултат на овие договори, меѓународната трговска размена со земјоделско-прехранбени производи во изминативе 50 години доживува значителна либерализација, што е особено

значајно за извозно ориентираните земји. Во овој труд, д-р Данилоска нагласува дека токму поради засилувањето на стандардите за квалитет и безбедност на храната, придобивките од либерализацијата на меѓународната трговска размена на земјоделски и прехранбени производи не можат да ги уживаат сите земји. Во овој труд, авторката го елаборира стојалиштето дека техничките мерки и барања во меѓународната трговска размена можат експлицитно, но и имплицитно да дејствуваат како трговски бариери, на сличен начин како и тарифните и квантитативните ограничувања. Според д-р Данилоска, ова особено ги засега земјите во развој кои не можат да ги исполнат техничките барања за безбедност на храната, барањата за соодветно означување на производите, ниту пак високите стандарди по однос на составот и квалитетот на храната, а кои најчесто ги дефинираат развиените земји, како главни играчи во меѓународната трговија. Така, авторката констатира дека постои сериозна опасност барањата по однос на квалитетот и безбедноста на храната да доведат до нерамномерна дистрибуција на придобивките од трговската размена и како резултат на тоа, да дојде до маргинализирање на посиромашните земјоделски производители и помалите агробизниси. Во продолжение на трудот, авторката ја претставува и ја анализира природата на Договорот за санитарна и фитосанитарна заштита на Договорот за технички бариери во трговијата, и го истражува нивното влијание врз извозот на земјоделско-прехранбени производи од земјите во развој. Таа истакнува дека според последните предвидувања на Светската трговска организација и на ФАО, токму земјите во развој ќе бидат главниот извор за раст на земјоделското производство и трговијата со храна. Имајќи предвид една ваква перспектива, нема сомнение дека земјите во развој треба да ги продлабочат своите сознанија по однос на санитарните и фитосанитарните норми, како и сознанијата за неопходните предуслови за задоволување на барањата од стандардите за квалитет и безбедност на храната. Секако, во своите напори, земјите во развој треба да имаат соодветна институционална и меѓународна поддршка. Во заклучните согледувања на овој труд, д-р Данилоска посочува и конкретни активности кои ќе придонесат за подобрување на ефикасноста на напредизнесените меѓународни договори и воспоставување на фер трговски односи за земјите во развој.

Трудот **„Costs and risks specific to agricultural lending"**, односно **„Трошоци и ризици специфични за земјоделските кредити и заеми"**, е објавен во „Економски развој" („Economic Development"), списание на Економскиот институт во Скопје, со меѓународен уредувачки одбор, и тоа во изданието до година.12, бр.3/2010, од стр. 79 до стр. 87. Со овој труд, д-р Данилоска се приклучува кон долгогодишната дебата на стручната јавност во однос на прашањето кој е најдобриот начин за развивање на ефективни финансиски пазари во руралните области во земјите во развој. Според авторката, во земјите во развој земјоделството се соочува со драматични промени, надополнети со драстично намалување на емисиите на земјоделски кредити и заеми, што значително го забавува развојот на секторот. Дополнително, повеќето комерцијални банки речиси и да немаат филијали во руралните области, ниту пак потребна експертиза да им дадат финансиски услуги на ситните земјоделски производители и малите агробизниси. Како последица на ваквите состојби, населението во руралните области во земјите во развој е принудено да зависи од неформални извори на финансирање. Според д-р Данилоска, неформалните извори на финансиски средства во некои ситуации може да бидат од корист, но ниту од далеку не можат да ги заменат ефикасните бакарски услуги. За авторката е неспорено сознанието дека високите ризици и трошоци се главни атрибути на финансиските пазари во земјите во развој воопшто, а особено во нивните рурални области, па токму затоа во овој труд таа ги истражува ризиците и трошоците кои специфично се однесуваат на земјоделските заеми и кредити. На прво место, авторката истакнува дека банките кои нудат земјоделски заеми и кредити се соочуваат со уникатни предизвици кои произлегуваат од самата приорода на земјоделското производство, а кои директно влијаат

на одобрувањето на заемот или кредитот. Како специфични трошоци поврзани со земјоделството и руралните области, во трудот се посочени и високите трансакциски трошоци при одобрување на мали кредитни барања, какви што имаат поголем дел од земјоделците, оддалеченоста на клиентите, диверзитетот на земјоделското производство. Во поглед на ризиците, во трудот се издвоени ризикот од несоодветно хипотекарно обезбедување, ризикот од неможност за сервисирање на каматата на кредитот, ризикот од непредвидливи производствени загуби или негативни движења на пазарот, како и ризици од промена во меѓународната и националната аграрна политика. Според д-р Данилоска, можно решение на ваквите проблеми е иновативен и проактивен банкарски менаџмент и во заклучните согледувања на трудот, таа дава препораки за соодветно управување со ризиците и трошоците поврзани со земјоделските заеми и кредити. Препораките главно се однесуваат на стандардизирање на кредитните производи и постапки и специјализирање на банкарските службеници за работа со земјоделски кредити и заеми.

III. Заклучок и оцена на Рецензентската комисијата за исполнетоста на условите за избор во научно звање-виш научен соработник/вонреден професор

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и изнесените информации за научната активност на пријавената кандидатка за избор на еден виш научен соработник/вонреден професор во научното поле општествени науки, подрачје: економски науки, област: економика на аграрот и шумарството, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека пријавената кандидатка д-р Наташа Данилоска ги исполнува општите услови за избор во ова звање. Притоа, Рецезентската комисија го констатира следново:

- кандидатката д-р Наташа Данилоска има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира;
- кандидатката д-р Наташа Данилоска има звање научен соработник од научната област за која се избира;
- Кандидатката д-р Наташа Данилоска има поминато повеќе од половина од времето во постојното звање;
- кандидатката д-р Наташа Данилоска има остварено учество во научноистражувачки проекти, при што се јавува во својство на раководител на проектот „Енергетска ефикасност на земјоделското производство-состојби и перспективи за развој на органското производство";
- кандидатката д-р Наташа Данилоска има повеќе рецензирани трудови објавени самостојно или во соработка со други автори;
- кадидатката д-р Наташа Данилоска покажува извонредни резултати во научноистражувачката работа во својата област, кои имаат особен придонес за развојот, односно примената на научната дејност за која е избрана, како и придонес во оспособувањето на научноистражувачки кадри;
- Од прегледот на образецот за утврдување на вкупната актива на поени (Службен весник на Република Македонија 82/20090), од кои за извор во звањето виш научен соработник потребниот минимум е 75 поени, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Наташа Данилоска има 122 поена.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за научно-истражувачка дејност, како и Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката д-р Наташа Данилоска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор на еден виш научен соработник/вонреден професор во научното поле општествени науки, подрачје: економски науки, област: економика на аграрот и шумарството. Оттаму, Рецензентската комисија му **предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере д-р Наташа Данилсока во звањето виш научен соработник/вонреден професор во научното поле општествени науки, подрачје: економски науки, област: економика на аграрот и шумарството.**

Скопје, 24.12. 2012 година

Рецензентска комисија:

Д-р Ѓорѓи Ѓорѓески, с.р.
редовен професор

Д-р Биљана Ангелова, с.р.
редовен професор

Д-р Драги Димитриески, с.р.
редовен професор

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 27.12.2012 година

Кандидат	Тема	Ментор
Драган Лазаревски	*Примена на методологијата за утврдување на максимална можна штета во контролата на потенцијалниот ризик од експлозија и пожар кај деловните субјекти*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Марјанче Митовски	*Истражување на можностите за примена на проектниот менаџмент во водоснабдителните системи*	Проф. д-р Ванчо Донев
Трајан Ангелоски	*Анализа на современи филозофии на лидерството и нивна примена во малите и средни компании*	Проф. д-р Ванчо Донев
Лазар Гечевски	*Развој на стратегиски модел за управување со јавните услуги преку мерење на клучните перформанси*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Зоран Алексиќ	*Анализа на придобивките од имплементацијата на систем за менаџмент на квалитет во здравствените установи*	Проф. д-р Миколај Кузиновски
Зоран Стојановски	*Развој на методологија за зголемување на ефикасноста на процесите на проектирање, производство и монтажа со примена на методи за подобрување на квалитетот*	Проф. д-р Миколај Кузиновски
Видан Алексиќ	*Прилог кон методологијата за пресметка и анализа на параметрите на градска гасна дистрибутивна мрежа*	Вонр. проф. д-р Зоран Марков
Бојан Јордановски	*Анализа на трошоците како фактор за ефективност при реализација на технолошки проекти*	Проф. д-р Валентина Гечевска
Синиша Павлески	*Имитационо моделирање на кинематиката и динамиката на манипулатори со паралелна структура и шест нозе*	Доц. Д-р Христијан Мицкоски
Гоце Тасевски	*Моделирање на кинематиката и кинетостатиката на лостов механизам со хидрауличен погонски член*	Проф. д-р Иван Мицкоски

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од четириесет и седмата седница на Наставно-научниот совет одржана на 27.12.2012 година

Кандидат	Наслов на труд МК	Наслов на труд ENG	Ментор
Александар Антески	Индикатори за оценка на инвестициски проекти	Indicators for evaluation of investment projects	Драган Ѓошевски

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИЈА НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА – ПОЛОЖБА, УЛОГА, ПЕРСПЕКТИВИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈОВАН ИЛИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 21 декември 2012 година, по предлог на Институтот за правноисториски науки, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Јован Илиевски** под наслов **„Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи“**, во состав: академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Биљана Поповска, проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Мишо Докмановиќ.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со задоволство му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Приказ на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јован Илиевски под наслов „Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи“ содржи 370 страници компјутерски отчукан текст, 519 фусноти и 127 библиографски единици користена литература. Покрај тоа, во докторската дисертација се користени и 190 меѓународни и домашни документи (устави, закони, одлуки, договори, конвенции, протоколи, препораки итн.), како и 70 статии.

Трудот е составен од вовед, пет дела и заклучок.

Во **воведниот дел** (6-11 стр.) кандидатот ги изнесува причините поради кои се одлучил за изработка на докторска дисертација која е фокусирана на историскиот развој на јавното обвинителство во Македонија. Во таа насока, во воведниот дел е утврден и предметот на дисертацијата – следење и анализа на положбата и улогата на јавното обвинителство во Македонија преку историскиот преглед во различни временски периоди, но и актуелните перспективи кои стојат пред јавното обвинителство во иднина до изградбата на модерно, демократско, стручно и ефикасно обвинителство кое ќе ја ужива довербата на граѓаните во чиј интерес постапува. Покрај тоа, во воведниот дел кандидатот јасно ја дефинира и целта на неговото истражување - преку историскиот преглед на развојот на јавното обвинителство на Република Македонија да се прикаже целосната слика за еволуцијата на овој многу значаен орган за секое општество, едновремено да се „разбијат" заблудите кои постојат во современата јавност во нашата земја за неговата положба, улога, самостојност или зависност, како и начинот на постапување. Имајќи го предвид значењето што овој период го има во современата македонска историја, кандидатот ја посочува методологијата која ја користи во истражувањето.

Првиот дел (11-33 стр.) на докторската дисертација е фокусиран на историскиот развој на јавното обвинителство на Македонија во периодот до нејзиното осамостојување од југословенската федерација. Во тој правец, интересот на кандидатот е особено насочен кон концептите за развојот на правосудните органи во рамките на Крушевската Република, како и функционирањето на јавното обвинителство во Македонија во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно Кралството Југославија. Освен тоа, посебна глава во овој дел на трудот е посветена на главните карактеристики на развојот и положбата на јавното обвинителство во Македонија во составот на Југославија. Во таа насока, анализирани се сите сојузни и републички устави, како и законите за јавното обвинителство донесени во периодот 1945-1990 година.

Вториот дел на докторската дисертација (34 – 165 стр.) е посветен на главните белези на јавното обвинителство на Република

Македонија по нејзиното осамостојување во 1991 година. Консеквентно на тоа, разгледана е уставната положба на јавното обвинителство предвидена во Уставот на Република Македонија од 1991 година. Покрај тоа, во овој дел на трудот се опфатени и Законот за јавното обвинителство од 1992 и 2004 година.

Посебно внимание во овој дел на трудот е посветено на улогата и функциите на јавниот обвинител според Законот за кривичната постапка од 2010 година. Во таа насока, понуден е осврт на положбата на јавниот обвинител во новиот концепт на кривична постапка. Опфатени се и прашањата поврзани со предистражната постапка и истрагата, како и новите односи помеѓу јавното обвинителство и полицијата. Во рамките на овие нови односи кандидатот ги проучува и должностите и дисциплинската одговорност на правосудната полиција, како и истражните центри на јавното обвинителство. Освен тоа, овој дел на трудот е фокусиран и на доказните средства, посебните истражни мерки, обвинителниот акт и новиот модел на судење.

Последната глава на овој дел на труд го анализира спогодувањето на јавниот обвинител со осомничениот како новина на македонското казнено – процесно законодавство. Во тој правец, покрај општите карактеристики на македонското законодавство, опфатени се и компаративните искуства во оваа област од неколку релевантни земји (САД, Италија, Англија, Германија, Франција, Србија и Хрватска).

Значајно е да се потенцира дека во вториот дел на трудот е вклучен и дел посветен на дилемите во врска со практичната примена на некои одредби од Законот за кривична постапка, што дава посебна тежина на трудот.

Третиот дел на докторската дисертација (198 – 282 стр.) е посветен на разгледувањето на положбата на јавното обвинителство низ призмата на Законот за јавното обвинителство од 2007 година и меѓународните правни документи. Во таа насока, во овој дел на трудот се анализирани функциите на јавното обвинителство, како и неговиот однос со судствотои останатите гранки на власта. Покрај тоа, во овој дел на дисертација кандидатот ги разгледува и должностите и

одговорностите на јавните обвинители во однос на странките, меѓународната соработка и определени организациски аспекти во работата на јавното обвинителство.

Во **четвртиот дел** на докторската дисертација (283 – 307 стр.), интересот на кандидатот е насочен кон анализа на компаративните искуства во врска со положбата и улогата на јавното обвинителство во другите држави. Консеквентно на тоа, во овој дел на дисертацијата се опфатени главните карактеристики на положбата на јавното обвинителство во Германија, Италија, Франција, Бугарија и Хрватска.

Конечно, **во петтиот дел** на трудот (308 – 358 стр) се презентирани резултатите на емпириското истражување на кандидатот во врска со перцепцијата на јавноста за положбата, улогата и перспективите на јавното обвинителство на Република Македонија. Поконкретно, кандидатот ги изложува резултатите од спроведената анкета со 276 испитаници за сегашната положба на јавното обвинителство и предизвиците за иднината.

Во **последниот дел** од докторската дисертација (359 – 371 стр.), кандидатот ги синтетизира сознанијата од спроведеното научно истражување за историскиот развој на јавното обвинителство на Македонија. Кандидатот во овој дел на трудот ги афирмира достигнатите стандарди на јавното обвинителство, но нуди и осврт во врска со перспективите на новиот Закон за кривичната постапка. Во таа насока, кандидатот укажува дека и покрај постоењето на одредени слабости и недоследности, новиот Закон за кривичната постапка е современ и функционален и, како резултат на тоа, ќе придонесе за реализирање на целите на реформата кои се однесуваат на јавното обвинителство, а особено преку проширувањето на примената на начелото на опортунитет на кривичното гонење; обезбедувањето на активна и раководна улога на јавното обвинителство во претходната постапка со ефикасна контрола врз полицијата; укинувањето на судската истрага и преземањето на водењето на претходна постапка од јавното обвинителство; имплементацијата на препораките на ЕУ и Советот на Европа за казнената постапка; креирањето ефикасно јавно обвинителство и востановување на нова операционална и менаџерска структура, како и

раководење и соработка со полицијата и другите органи што го применуваат законот. Конечно, кандидатот заклучува дека македонската казнена постапка се приклонува кон модерните демократски казнени процедури кои правично ги балансираат интересите на државата за ефикасен казнен прогон со право на обвинетиот на фер судење.

Оцена на трудот

Врз основа на текстот на докторската дисертација „Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи", изработен од кандидатот м-р Јован Илиевски, Комисијата го констатира следново:

- Темата „Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи" претставува современа и актуелна тема којашто има исклучително значење за државноправната историја на Македонија. Во таа насока, кандидатот мошне успешно ја истражил историјата на јавното обвинителство на Македонија.

- Во изготвувањето на трудот кандидатот користи обемна научна, странска и домашна литература која се однесува на оваа материја. Во поставувањето на тезите на докторската дисертација се користени голем број на документи релевантни за областа на истражувањето.

- Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставовите на кандидатот во однос на предметот на истражувањето. Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато и темелно. Покрај тоа, кандидатот има продлабочен и аналитички пристап во анализата на комплексните прашања кои се предмет на истражувањето, но и способност да ги селектира и објективно да ги истражи проблемите во практиката, користејќи соодветни методи и емпириски податоци.

- Докторската дисертација „Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи" ги содржи сите карактеристики на сериозен научен труд. Кандидатот со изготвениот

труд јасно демонстрира способност за примена на научните методи во истражувањето на поставениот комплексен проблем.

Заклучоци и предлог

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за солидно подготвена докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за изготвување на научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од тие причини, Комисијата со задоволство едногласно му предлага на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, трудот **„Историја на јавното обвинителство во Македонија – положба, улога, перспективи" на кандидатот м-р Јован Илиевски**, да го прифати како успешна докторска дисертација и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Скопје, 25 декември 2012 година

Членови на Комисијата

Академик проф. д-р Владо Камбовски с.р.

_____

Проф. д-р Биљана Поповска с.р.

_____

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

_____

Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

_____

Доц. д-р Мишо Дожмановиќ с.р.

_____

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА - ИЗИИС ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, бр.09-1918/1 од 14.XII 2012 година, одредени сме за членови на Комисијата за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство.
На распишаниот конкурс во весникот „Дневник" од 15. XII 2012 година, за избор на еден асистент од областа на земјотресното инженерство, се пријави Јулијана Цветановска, магистер од областа на земјотресното инженерство.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

М-р Јулијана Цветановска е родена на 24. X 1983 година во Скопје, каде што со одличен успех го завршила средното образование во гимназијата „Јосип Броз Тито" (1998-2002). Во 2002 година се запишала на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока. За време на студиите, во 2006 година била прогласена за најуспешен студент во генерацијата од четврта година. Дипломирала на 30.V 2007 година со просечен успех 9,24, со што се стекнала со звањето дипломиран градежен инженер. Дипломската тема „Анализа и проектирање на објект со кровна конструкција од лепено ламелирано дрво" ја изработила под менторство на проф. д-р Кирил Граматиков. Компанијата „Адинг", ѝ ја доделила наградата за најуспешен студент во својата генерација, што секоја година традиционално ја доделува на студентите од Градежниот факултет.

Во јуни 2007 се запишала на интернационалните постдипломски студии по земјотресно инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје. За време на овие постдипломски студии била корисник на стипендијата од ДААД за талентирани студенти во рамките на DYNET - програмата. Во рамките на DYNET - програмата, финансирана од ДААД, во декември 2008 престојувала еден месец во Универзитетот Рур во Бохум, Германија, на Катедрата за механика на почви и геотехничко инженерство, каде што стекнала познавања од областа на експерименталните истражувања на почвата со геотехничка центрифуга.

Во периодот септември-ноември 2007 учествувала на 26-тиот интернационален курс CADAC (International Course on Aseismic Design and Construction), организиран во ИЗИИС, а поддржан од Холандската влада и Council of Europe Development Bank. Во периодот април-јуни 2008 година учествувала на постдипломскиот курс CERG2008 (post graduate certificate for the study and management of geological risk) на Универзитетот во Женева, Швајцарија, со финансиски грант од United Nations University in Tokyo. На овој курс полагала 5 испити од областа на менаџментот со природни ризици и се стекнала со дополнителни 30 кредити според европскиот кредит-трансфер систем, како и диплома за специјализација од областа на менаџирањето на геолошките ризици.

По успешното полагање на испитите на постдипломските студии во ИЗИИС, со просечна оценка 10,00 го пријавила магистерскиот труд со наслов „Анализа на

геотехнички нестабилности во сеизмичко активни региони со примена на ГИС-методологија" до Научниот совет на ИЗИИС, под менторство на вонр. проф. Влатко Шешов. На 20. XI 2009 година успешно ја одбранила магистерската тема, со што се стекнала со научен степен магистер од областа на земјотресното инженерство.

Во април 2010 година се пријавила на докторските студии по земјотресно инженерство во ИЗИИС, а во ноември 2011 ја пријавила својата докторска дисертација со наслов „Анализа на динамичкото однесување на водозаситени некохерентни почви врз основа на елемент и 1-г експерименти". Во периодот од јуни 2010 до мај 2011 престојувала на Универзитетот Лавал во Квебек, Канада, каде што остварила дел од теоретските истражувања од оваа докторска дисертација. Експерименталниот дел од истражувањата во рамките на оваа докторска дисертација се во тек и се одвиваат во лабораторија за динамика на почви и фундаменти во ИЗИИС.

Од септември 2007 до декември 2009, како помлад асистент има учествувано при изработката на апликативни и научноистражувачки проекти во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - ИЗИИС во Одделот за геотехника и специјални конструкции, како и во Одделот за згради и материјали – проектирање, анализа и испитување.

Од декември 2009 до денес работи како асистент во ИЗИИС, во Одделот за геотехника и специјални конструкции и учествува активно во научноистражувачката и апликативна дејност во Институтот. Автор е и коавтор на повеќе од 20 научноистражувачки трудови кои се објавени на национални и интернационални научно-истражувачки конференции и симпозиуми.

Во учебните 2007, 2008, 2009, 2010, 2011 и 2012 година има учествувано во наставата на постдипломските студии на ИЗИИС преку консултации со студентите за испитите, изработка на семинарски работи и одржување на вежби за предметите динамика на почви и фундаменти и геотехничко инженерство.

Член е на ДГКМ (Друштво на градежни конструктори на Македонија), МАГ (Македонска асоцијација за геотехника) и на МАЕЕ (Македонска асоцијација за земјотресно инженерство).

Едукативни, научноистражувачки и апликативни дејности

Во продолжение е даден приказ на едукативните, научноистражувачките и апликативните дејности на кандидатката м-р Јулијана Цветановска во периодот по дипломирањето па сè до денес, во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 6. VII 2009 година.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски и консултации за изработка на семинарски труд)

1. Динамика на почви и фундаменти (2007-2012)

2. Геотехничко инженерство (2007-2012)

Консултации со студенти

1. Динамика на почви и фундаменти (2009-2012)

2. Геотехничко инженерство (2009-2012)

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Специјализации и студиски престои

1. Единаесетмесечен престој на Универзитетот Лавал во Квебек Сити, Канада, на Одделот за геотехника, истражувања во рамките на изработка на докторска дисертација, јуни 2010 - мај 2011.

2. Двонеделен научноистражувачки престој во Националната лабораторија за инженерство во Лисабон, Португалија (LNEC), февруари-март 2012.

Научно - истражувачки проекти

Во периодот од 2009 до денес, кандидатката учествувала како соработник во следниве научноистражувачки проекти:

1. UREDITEME, FP7 Programme of the European Commission (2009-2012).
2. SERIES, FP7 Programme of the European Commission (2009-2013).
3. "Reduction of Liquefaction Hazard in Urban Areas - New Development", Macedonian - p.r. China Intergovernmental S&T Cooperation Programme for 2009 – 2011
4. Сеизмичка отпорност на префабрикувани индустриски згради. Билатерален научно-истражувачки проект меѓу Словенија и Македонија. (2010-2011)
5. Нелинеарна анализа на армиранобетонски рамки со типови на исполна карактеристична во Хрватска и Македонија. Билатерален научноистражувачки проект меѓу Хрватска и Македонија, (во тек).

Учество на домашни и на интернационални симпозиуми и конференции

- објавен труд во научно-стручно списание

1. Julijana Cvetanovska, Kiril Gramatikov – "Analiza I proektovanje objekta sa krovnom konstrukcijom od ljepljenog lameliranog drveta" – "PROSTOR" Naucno strucni casopis

za arhitekturu I gradjevinarsvo- izdavac "Ingra Inzenering" d.o.o Banjaluka - br. 3., april-maj 2009

2. J. Цветановска, Гео-Хазардите Можат Да Се Менаџираат, Порта 3 Списание за градежништво, архитектура и екологија (2010).

3. J. Cvetanovska, V. Sesov, Earthquake-Induced Landslides - Gis Methodology For Zonation, Structural Engineer, A Journal of the Macedonian Association of Structural Engineering No.9 (2010).

-учество на конференци, симпозиуми и работилници

1. Roberta Apostolska, Zdravko Bonev, Julijana Cvetanovska – "Capacity spectrum method for seismic performance of RC frames including soil flexibility" – 15-ти Симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктери на Македонија), Охрид, Македонија – октомври, 2009.

2. Бети Јанковска, Голубка Нечевска-Цветановска, Роберта Апостолска, Јулијана Цветановска – „Сеизмичка отпорност на рамовски армиранобетонски згради со исполна од ѕидарија" - 15-ти Симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежни конструктери на Македонија), Охрид, Р. Македонија – октомври, 2009.

3. Roberta Apostolska, Golubka Necevska-Cvetanovska, Zdravko Bonev, Elena Vasseva, Dylian Blagov and Julijana Cvetanovska – "Capacity spectrum method for seismic performance of RC buildings including soil flexibility"- Megunarodna konferencija o zemljotresnom inzerstvu "40 godini inzenerskog iskustva Banjalucki zemjotres" – Бања Лука, Босна и Херцеговина - октомври 2009.

4. Golubka Necevska-Cvetanovska, Roberta Apostolska, Natasa Mircic and Julijana Cvetanovska – "Structural measures for improving seismic performance of flat-slab building structural systems" - Megunarodna konferencija o zemljotresnom inzerstvu "40 godini inzenerskog iskustva Banjalucki zemjotres" – Бања Лука, Босна и Херцеговина - октомври 2009.

5. Roberta Apostolska, Golubka Necevska-Cvetanovska, Julijana Cvetanovska – "Seismic Performance Of Rc Building Structures With Masonry Infill" - COST C26 Urban Habitat Construction under Catastrophic Events WG2: Earthquake Resistance *Aveiro, Portugal, November 27-28, 2009.*

6. Sesov Vlatko and Julijana Cvetanovska. Microzonation of landslide hazard -Application of GIS methodology. COST C26 Urban Habitat Constructions under Catastrophic Events. Minutes of the WG2 Committee meeting (Earthquake resistance) held in Aveiro (Portugal) on 27 November 2009.

7. J. Cvetanovska, V. Sesov, Terrain Instabilities Analysis In Seismic Active Regions Using Gis Methodology, From Research to Design in European practice, Bratislava, Slovak Republic, June 2-4, 2010.

8. J. Cvetanovska & V. Sesov, Microzonation Of The Landslide Potential In Earthquake Prone Regions-Application Of Gis Methodology, 14 European Conference on Earthquake Engineering, Ohrid, Macedonia, 30August-03 September, 2010.

9. J.Cvetanovska, V.Sesov, I.Gjorgjiev, K.Edip, Gis Application In Earthquake Geotechnical Engineering Problems, International conference, Innovation as a function of engineering development, Nis, Serbia, 25 – 26 November, 2011.

10. J.Cvetanovska, I.Gjorgjiev, K.Edip, Influence Of Local Soil Conditions In The Response Of The Structures With Application Of The Software Saga-B, 14th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Struga, Macedonia, 28 September – 01 October, 2011.

11. J. Cvetanovska, V.Sesov, K.Edip, Important Aspects In Design Of Laminar Soil Container For 1-G Shaking Table Tests, 22nd European Young Geotechnical Engineers Conference, Gothenburg, Sweden, 26-29th August, 2012.

12. J. Cvetanovska, V. Sesov, I. Gjorgiev, K. Edip, Influence Of The Local Site Conditions For The Seismic Assessment Of Historical Monuments, 15th World Conference on Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal, 24 – 28 September, 2012.

13. J. Cvetanovska, V.Sesov, I.Gjorgiev, K. Edip, Landslide Hazard And Risk Assessment, 4th International Conference GNP 2012 Civil engineering – Science and practice, Zabljak, Montenegro, 20-24 February 2012.

14. K.Edip, M. Garevski, V.Sesov, J. Cvetanovska and I.Gjorgiev Contact Effects On Seismic Analysis Of Multistorey Frame In Soil Structure Interaction Problems, 4th International Conference GNP 2012 Civil engineering – Science and practice, Zabljak, Montenegro, 20-24 February 2012.

15. K.Edip, M.Garevski, C.Butenweg, V.Sesov, J.Cvetanovska and I.Gjorgjiev, Application Of Coupled Finite And Infinite Elements In Numerical Simulation Of Geotechnical Problems, International conference, Innovation as a function of engineering development, Nis, Serbia, 25 – 26 November, 2011.

16. K.Edip, M.Garevski, V.Sesov, I.Gjorgjiev and J.Cvetanovska, Boundary Effects On Seismic Analysis Of Multi-Storey Frames In Soil Structure Interaction Problems, 14th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), Struga, Macedonia, 28 September – 01 October, 2011.

17. Julijana Cvetanovska. WP1 Training of researchers through networking.Workshop:Seismic research testing facilities in earthquake engineering. FP 7 Project UREDITEME. March 22-23, 2012.

18. V.Sesov, D.Dojcinovski, K.Edip & J. Cvetanovska, Evaluation Of The Site Seismic Potential For Performance Based Design, 2nd International Conference on performance

based design in earthquake geotechnical engineering, Taormina, Italy, 28 – 30 May, 2012.

19. V.Sesov, K.Edip, J. Cvetanovska, Evaluation Of The Liquefaction Potential By In-Situ Tests And Laboratory Experiments In Complex Geological Condition, 15th World Conference on Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal, 24 – 28 September, 2012.

20. I. Gjorgiev, M. Garevski, V.Sesov, K. Edip & J. Cvetanovska "Effects Of Soil Medium On Response Of Base Isolated Multistorey Frame Structures" 15th World Conference on Earthquake Engineering 24 – 28 September, 2012 Lisbon, Portugal.

21. I.Gjorgiev, M. Garevski, J. Cvetanovska and K. Edip "Influence of bearing damping on response of base isolated structure considering the SSI Effects" 4th International Conference GNP 2012 Civil engineering – Science and practice, 20-24 February 2012 Zabljak, Montenegro.

22. I.Gjorgjiev, M.Garevski, V.Sesov, J.Cvetanovska and K.Edip, "Response Of Base Isolated Structure Considering The Soil Structure Interaction Effects" International conference, Innovation as a function of engineering development, 25 – 26 November, 2011 Nis, Serbia.

23. V.Sesov, J. Cvetanovska, K.Edip, Geotechnical Issues In Structural Stabilization Of Historical Monument - Clock Tower, 7th International Conference on case histories in geotechnical engineering and symposium in honour of Clyde Baker, Chicago, USA, 29 April – 04 May, 2013.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Стручно - апликативни проекти

1. Ревизија на Основен проект за потпорен ѕид за заштита на темелна јама, објект: семејна куќа Пр+2+Пот, Ул. "Димо Хаџи Димов" бб – Скопје, гр. парц.1.2 Б, тех. број 02/09

2. Основен проект за потпорен ѕид, манастир Св. Преображение во с. Зрзе, Прилеп, извештај ИЗИИС 2009/33

3. Пешачки мост на реката Вардар во центарот на Скопје – изведбен проект.
   Книга 1: Диспозиција на мостот и статичка и динамичка пресметка, извештај ИЗИИС 2009-39/1.
   Книга 2: Арматурни детали со спецификација, детали на челичните елементи и врски, извештај ИЗИИС 2009-39/2.

4. HE PONOVIČE geofizikalne raziskave in seizmična mikrorejonizacija – Извештај ИЗИИС 2009/51.

5. HE TRBOVLJE geofizikalne raziskave in seizmična mikrorejonizacija – Извештај ИЗИИС 2009/52.

6. HE SUHADOL geofizikalne raziskave in seizmična mikrorejonizacija – Извештај ИЗИИС 2009/53.

7. Report on Revision of the Final Executive Design (Structural Engineering phase) Of Vocational Education And Training School Malishevo, Republic Of Kosovo (IZIIS no. 08-1570/1, 15.09.2009).

8. Report on Revision of the Final Executive Design (Structural Engineering Phase) of Vocational Education School, Skenderaj, Republic Of Kosovo (IZIIS, Project Technical Number: PK_049), Skopje, November 2009.

9. Evaluation of the Seismic Potential of the Site, for the Development Project of the Ohrid Airport, IZIIS 2010 / 21.

10. Evaluation Of The Seismic Potential Of The Site, For The Development Project Of The Skopje Airport, IZIIS Report 2010 / 21.

11. Експертско мислење за деформациона состојба на пристапен пат. Објект на ул. Наум Охридски бр. 27 општина Кисела Вода, Скопје -Извештај ИЗИИС 2010/17.

12. Evaluation of the seismic potential of the site, Definition of the seismic design parameters for High Rise Buildings, Project: "Makedonya Cevahir Resident" Skopje, Macedonia, IZIIS Report 2011/24.

13. État Des Connaissances: Cartographie Régionale Des Effets De Site D'origine Sismique Dans La Vallée Du St-Laurent, Qc. Rapport pour Gouvernement du Canada (2011).

14. Evaluation of the liquefaction potential for the site of the St.Aubin and Tomas Trembley schools in Quebec, Canada (in french) (2011).

15. Evaluation of the liquefaction potential for the site of L'éco-Quartier De D'estimauville in Quebec, Canada (in french) (2011).

16. Evaluation of the liquefaction potential for the site of the BSt. Paul Hospital in Quebec, Canada (in french) (2011).

17. Analysis of Stability of Existing Church Structure of St. Mary Peribleptos in Ohrid under Gravity and Seismic Effects, Vol.2 - Assessment of seismic potential of St. Mary Peribleptos church site in Ohrid,IZIIS Report 2011/36.

18. Дефинирање на проектни сеизмички параметри за индустриски комплекс локација " Жабани", Битола, септември 2011, извештај ИЗИИС 2011/40.

19. Seismic microzonation of Gjilan, Geophysical investigation – Measurement and preliminary results part 3, January, 2012, report IZIIS 2012-01.

20. Seismic microzonation of Gjilan, August, 2012, report IZIIS 2012-45.

21. Ревизија на конструктивна фаза на техничка документација за Станбен комплекс и трговски центар - Џевахир Населба „Аеродром„ Скопје Блок А ТЕМЕЛНА КОНСТРУКЦИЈА, февруари 2012, извештај-ИЗИИС.

22. Ревизија на конструктивна фаза на техничка документација за Станбен комплекс и трговски центар - Џевахир Населба „Аеродром„ Скопје Блок Б ТЕМЕЛНА КОНСТРУКЦИЈА,февруари 2012, извештај-ИЗИИС.

23. Ревизија на конструктивна фаза на техничка документација за Станбен комплекс и трговски центар - Џевахир Населба „Аеродром„ Скопје Блок Ц ТЕМЕЛНА КОНСТРУКЦИЈА, февруари 2012, извештај-ИЗИИС.

24. Ревизија на конструктивна фаза на техничка документација за Станбен комплекс и трговски центар - Џевахир Населба „Аеродром„ Скопје Блок Д ТЕМЕЛНА КОНСТРУКЦИЈА, февруари 2012, извештај-ИЗИИС.

25. Ревизија на Основен проект за објектот Kromberg & Subert фабрика за конфекционирање на електро кабловски склопови за автомобили, Индустриска зона, Жабени, Битола,Темелна конструкција, декември 2011, извештај ИЗИИС.

26. Основен Проект за конструктивна консолидација на Саат кулата во Прилеп, ре-дефинирање на техничкото решение, IZIIS 2012 / 34 јуни 2012 година.

27. Assessment of Seismic Hazard and Risk in Emirate of Abu Dhabi / Site Characterization and Site Response Analyses / Dynamic and Liquefaction susceptibility testing (2011-2012).

28. Ревизија на елаборат за геотехнички истражни работи за паркинг просторот на Ски Центар Попова Шапка, октомври 2012, извештај-ИЗИИС.

29. Ревизија на елаборат за геотехнички истражни работи за жичара на просторот на Ски Центар Попова Шапка, октомври 2012, извештај-ИЗИИС.

30. Ревизија на елаборат за геотехнички истражни работи за отворен резервоар за вода на просторот на Ски Центар Попова Шапка, октомври 2012, извештај-ИЗИИС.

31. Geophysical survey - Dobrasinci, Location for waste disposal, IZIIS report 2012-53

Учество во промотивни активности на Институтот

- WORKSHOP - 'Seismic Research testing Facilities in Earthquake Engineering', 22-23 March, 2012, IZIIS, Skopje;
- Training Seiminar - 'Capabilities of experimental facilities toward seismic risk reduction', March, 2012, Skopje;
- Open Laboratory days, IZIIS, March 2012.

ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид сето она што е претходно изложено за кандидатката м-р Јулијана Цветановска, а врз основа на нејзиното досегашно активно и успешно учество во реализацијата на научноистражувачки, апликативни проекти, учество во изработка на научни и стручни трудови, научно усовршување и студиски престои во странство, како и активно учество во наставата на постдипломските студии на ИЗИИС, евидентно е дека се работи за кандидат кој покажува способност за наставно-научна дејност и квалитет за научноистражувачка и апликативна дејност од областа на земјотресното инженерство.

Врз основа на приложената документација, познавањето на кандидатката, досегашната соработка и нејзините постигнати резултати, според претходно споменатиот Правилник за критерумите за избор, ни претставува особена чест и задоволство на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје да му предложиме кандидатката м-р Јулијана Цветановска да ја реизбере во звањето асистент од областа на земјотресното инженерство.

Рецензентска комисија:

Вонр. проф. д-р Влатко Шешов, ИЗИИС-Скопје, претседател, с.р.

Вонр. проф. д-р Роберта Апостолска, ИЗИИС-Скопје, член, с.р.

Вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски, ИЗИИС-Скопје, член, с.р.

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Елена Големтеова Калиникова	Влијанието на менторските програми врз процесот на создавање и задржување на таленти во организацијата	Проф.д-р Ружица Цацановска
Софија Стојков	Пристрасност во информирањето на македонските дневни весници за политички теми	доц. д-р Елеонора Серафимовска
Маја Бајалска Георгиевска	Односите со јавноста на компаниите преку социјалните мрежи	проф. д-р Емилија Симоска

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА И ИНФОРМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен на 4.XII 2012 година во весникот „Дневник", за работното место наставник во сите наставно-научни звања во научната област математика и информатика, се пријави само еден кандидат: д-р Никола Тунески, дипломиран машински инженер и доктор на математички науки, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 27.XII 2012 година, за реализација на делот од конкурсот што се однесува до погоре споменатото работно место, со одлука број 02-3288/2 ја определи следнава Рецензентска комисија:

1. д-р Алекса Малчески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје,
2. д-р Душан Чакмаков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје,
3. д-р Милутин Обрадовиќ, редовен професор на Градежниот факултет во Белград, Србија.

По разгледувањето на приложените материјали за кандидатот и врз основа на впечатокот стекнат во текот на неговото образование и подоцна, низ соработката со него, Комисијата на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Никола Тунески е роден во Скопје во 1971 година, каде што ги завршил основното и средното образование, насока: математика-информатика. Во текот на овој период учествувал на повеќе натпревари по математика, при што двапати на сојузни натпревари, каде што постигнал забележителен успех. Во 1989 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, а во март 1994 година дипломирал на насоката термотехника-термоенергетика со средна оценка 9,60. Во текот на четирите учебни години бил демонстратор по предметите од Одделот за математика и информатика при Машинскиот факултет во Скопје.

По завршувањето на студиите на Машинскиот факултет, кандидатот Тунески, во учебната 1994/95 година, се запишал на постдипломските студии на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, откако претходно, согласно со Статутот на ПМФ, положил два диференцијални испита: одбрани делови од алгебра и одбрани делови од анализа. Во текот на учебната 1994/95 и 1995/96 година со оценка 10 ги положил сите испити од постдипломските студии: алгебарска топологија, одбрани делови од анализа, теорија на веројатност и теорија на мера и веројатност. На 11.XII 1997 година ја одбранил магистерската работа под наслов „Метод на итерации при стохастичките диференцијални равенки". Во текот на 1998 година бил на отслужување на воениот рок. Паралелно со служењето на воениот рок работел и на изработка на својата докторска дисертација под наслов „Нови прилози кон теоријата на еднолисните функции", која успешно ја одбранил на 27.XII 1999 година, на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Белград. Докторската дисертација е нострифицирана на 5.X 2000 година по предлог на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Од 1.II 1999 година е вработен како асистент при Одделот за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје. На 1.XI 2001 година повторно е избран во истото звање, а на 27.XI 2003 е избран во звањето насловен доцент од областа математика и информатика. На 28.IX 2006 е избран во звањето доцент, а на 22.V.2008 е избран во звањето вонреден професор од истата област.

II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Како насловен доцент, доцент и вонреден професор, д-р Никола Тунески држел предавања по предметите:

- на прв циклус студии:
  математика 1, инженерска математика, компјутери и програмирање, компјутери и апликативен софтвер, компјутери и инженерско програмирање, инженерско програмирање, инженерска статистика, нумеричка анализа;
- на втор циклус студии:
  комплексна анализа за инженери, симулација со статистички методи, веројатност и статистика; и
- на трет циклус студии:
  теорија и примена на диференцијалните субординации и теорија на еднолисните функции и нејзина примена.

Исто така, кандидатот држел вежби по речиси сите предмети од Одделот, и тоа: математика 1, математика 2, математика 3, дискретна математика со веројатност и статистика, веројатност и статистика, компјутери и програмирање, компјутери и апликативен софтвер, како и предметот инженерско програмирање.

Автор е на два универзитетски учебника: „Диференцијално сметање" и „Интегрално сметање", и на 4 интерни скрипти од предавања и 6 интерни скрипти за вежби на прв и втор циклус на студии.

Кандидатот бил член на комисијата за оцена и одбрана на една докторска дисертација и една магистерска работа при Машинскиот факултет во Скопје, како и рецензент на универзитетски учебник.

Тој има коректен однос кон студентите и методичен пристап во реализацијата на предавањата и вежбите.

III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кон пријавата, кандидатот д-р Никола Тунески приложил список на печатени трудови и на трудови поднесени за печатење, заедно со по еден примерок од секој труд. Тој е автор или коавтор на вкупно 50 трудови публикувани во реномирани меѓународни математички списанија (11 се со фактор на влијание) и на 1 труд кој е дел од монографија. Првите 27 трудови од списокот се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" при претходните избори, и тоа: во бр. 722 (од 15.XII 1998 година), првите 4 труда; во бр. 785 (од 14.IX 2001 година), трудовите со реден број од 5 до 11; во бр. 838 (од 3.XI 2003 година), трудовите со реден број од 12 до 15; во бр. 902 (од 1.IX 2006 година), трудовите со реден број од 16 до 23; во бр. 940 (од 15.IV 2008 година), трудовите со реден број од 24 до 27.

Трудовите објавени по 22.V 2008 година, кои не се рецензирани при претходните избори, дадени се во Анексот приложен кон овој извештај од реден број II.5.5 до II.5.28. Следува нивен кус преглед.

Во трудот II.5.5, даден е осврт на улогата на математиката кај студиите на техничките факултети, со посебен осврт на студиите по инженерство на животна средина и ресурси.

Во трудот II.5.6. дадени се критериуми кои сместуваат една нормализирана аналитичка функција во класата функции кои се ѕвездолики во однос на N-симетрични точки. Критериумот е базиран на количникот на аналитичките репрезентации на ѕвездоликост и конвексност во однос на N-симетрични точки.

Во трудот II.5.7. докажани се неколку квазиконволуциски својства на поткласи на клсата аналитички и мероморфни p-валентни функции на единечниот диск.

Трудот II.5.8. е публикуван во списание со фактор на влијание. Во него, проучени се изразите $f'(z)-(1-\gamma)f(z)/z$ и $zf''(z)-\gamma f'(z)$, каде што $0<\gamma\le 1$ и f е аналитичка функција дефинирана на единичниот диск и нормализирана така што $f(0)=f'(0)-1=0$, и добиени се доволни услови за ѕвездоликост и конвексност.

Во трудот II.5.9. дадени се доволни услови кога класата конвексни функции од тип Јановски е потклаcа на класата функции со ограничено вртење од тип Јановски.

Во трудот II.5.10. дадени се доволни услови за ѕвездоликост формулирани со помош на линеарна комбинација на аналитичките репрезентации на ѕвездоликост и конвексност.

Во трудот II.5.11., проучени се услови поврзани со количникот на аналитичките репрезентации на ѕвездоликост и конвексност кои имплицираат припадност на една аналитичка и нормализирана функција f на класата

$$S^*[A,B,b]=\left\{f\in A:1+\frac{1}{b}\left(\frac{zf'(z)}{f(z)}-1\right)\prec\frac{1+Az}{1+Bz}\right\}.$$

Во трудот II.5.12., авторите, со помош на оператор за првпат дефиниран во трудот: M. P. Chen, H. Irmak and H. M. Srivastava, Some families of multivalently analytic functions with negative coefficients, J. Math. Anal. Appl. 214 (2) (1997), 674-690, дефинираат нова класа мероморфни функции и докажуваат некои нејзини својства.

Трудот II.5.13. е публикуван во списание со фактор на влијание. Во него, со помош на методот на диференцијални субординации, добиени се неколку инклузивни релации меѓу класата на α-конвексни функции и класата функции од типот на Базилевич.

Во трудот II.5.14., дефинирана е и проучена нова потклаcа на класата функции кои се мероморфни во однос на N-симетрични точки. Добиени се интересни својства на оваа потклаcа поврзани со субординацијата.

Во трудот II.5.15., пручувана е класа функции дефинирани првпат во трудот: Takahashi, N.; Nunokawa, M. A certain connection between starlike and convex functions. *Appl. Math. Lett.* 16 (2003), no. 5, 653–655, и добиени се доволни услови една нормализирана аналитичка функција да припаѓа на оваа класа.

Во трудот II.5.16., со помош на оператор воведен во трудот: S. Owa, and H. M. Srivastava, *Univalent and starlike generalized hypergeometric functions*, Can. J. Math., 39 (1987), 1057-1077, дефинирани се две нови класи еднолисни функции и за нив се добиени заемните релации.

Во трудот II.5.17., публикуван во списание со фактор на влијание, добиени е радиусот на еднлисност на функцијата $F(z)=zf(z)/g(z)$, каде што f е еднолисна или

$$f\in U=\left\{f\in A:\left|f'(z)\left(z/f(z)\right)^2-1\right|,|z|<1\right\}$$

и g е еднолисна или

$$g\in P(1/2)=\left\{f\in A:\mathrm{Re}\left(f(z)/z\right)>1/2,|z|<1\right\}.$$

Во трудот формулирани се и неколку отворени проблеми.

Во трудот II.5.18., добиени се радиусот на спиралност на N-пати симетричните функции од Кебеов тип, како и доволни услови овие функции да се дел од класата функции дефинирана од Силверман.

Во трудот II.5.19., дефиниран е нов оператор кој дејствува на функциите од облик $F(z)=z^{\alpha}\cdot(1-z)^{-\alpha}$ и со негова помош обопштена е класта a функции од не-Базилевич тип, дефинирана од Милутин Обрадовиќ. За ова обопштување, со помош на лемата на Џек, добиени се неколку субординациски својства.

Во трудот II.5.20., публикуван во списание со фактор на влијание, со помош на методите од теоријата на диференцијални субординации проучуван е изразот:

$$\frac{f'(z)-1}{f(z)/z},$$

каде што f е нормализирана аналитичка функција, и добиени се резултати поврзани со $f(z)/z$, како и доволни услови за ѕвездоликост и еднолисност на f. Формулирани се и неколку отворени проблеми.

Во трудот II.5.21., публикуван во списание со фактор на влијание, дадени се критериуми една функција да биде ѕвездолика во однос на N-симетрични точки од Јановски тип. Критериумите се однесуваат на количникот на аналитичките репрезентации на ѕвездоликост и конвексност во однос на N-симетрични точки.

Во трудот II.5.22., проучуван е изразот:

$$z\cdot\frac{f'(z)-1}{f(z)-z},$$

каде што f е нормализирана аналитичка функција, и добиени се оценки на $\left|f'(z)-1\right|$ и доволни услови f да е со ограничено вртење.

Во трудот II.5.23., проучуван е изразот $\alpha f'(z)+\beta f(z)/z$, каде што f е нормализирана аналитичка функција, и добиени се резултати поврзани со $f'(z)$ и $f(z)/z$ кои водат до едноставни услови f да е со ограничено вртење.

Во трудот II.5.24. е направена споредба на методот за определување на големината на примерокот со помош на биномната распределба и со помош на стандардот ISO 2859-1.

Во трудот II.5.25. публикувани се нови резултати за аналитичките и еднолисните функции добиени со помош на лемата на Џек, а поврзани со аналитичките репрезентации на ѕвездоликите и конвексните функции.

Во трудот II.5.26. е направен преглед на моменталната состојба при опрделување на големината на примерокот за потребите на надзор на пазарот и дадени се предлози за нејзино подобрување.

Во трудот II.5.27., проучени се N-пати симетричните функции од Кебеов тип и за нив се добиени радиусите на силна ѕвездолиост и конвексност, како и дисторзионите теореми.

Во трудот II.5.28., со помош на неутрикс калкулусот, обопштена е дефиницијата на ди-гама функцијата на негативните цели броеви и разгледани се нејзините конволуции и неутрикс конволуции со други дистрибуции.

Во врска со научноистражувачката дејност на д-р Никола Тунески, треба да се истакне дека цитираноста на неговите трудови е забележителна. Имено, согласно со доказот приложен кон неговата пријава кандидатот, според MathSciNet е цитиран 33 пати, а според Google Scholar, 148 пати.

Кон пријавата, кандидатот д-р Никола Тунески приложил и список на научни собири на кои учествувал со сопствен реферат или како слушател, вкупно 34, од кои 7 во земјата и 27 во странство. Во периодот од неговиот избор во звањето вонреден професор учествувал со сопствен реферат или како слушател на 1 научен собир во земјата и 8 во странство.

Д-р Никола Тунески бил раководител на меѓународен научноистражувачки проект под наслов "Теорија и примена на еднолисните функции", финансиран од Министерството за образование и наука на Македонија и од TUBITAK, Турција. Исто така, бил раководител на научноистражувачкиот проект „Геометриска теорија на функциите и нејзина примена", во траење од 3 години, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, како и член на тимот за реализација на 1 меѓународен, 2 национални научноистражувачки проекта и 3 TEMPUS JEP проекти.

Ментор е на два студента на студиската програма математички науки и примени, во рамките на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и ментор на еден студент на постдипломски студии на насоката мехатронички системи при Машинскиот факултет во Скопје.

IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Никола Тунески учествува и во бројни стручно-апликативни активности во и надвор од Факултетот.

На почетокот би ја издвоиле неговата работа во подрачјето на статистиката, поточно, во развојот и примената на процедурите за опрделување на големината на примерокот при надзор на пазарот. Во рамките на тоа, д-р Никола Тунески има остварено:

1. Учество во 18-тата Работна група за регулаторна соработка и политики за стандардизација (WP.6) при Комисијата за економија при Обединетите нации – делот за Европа (UNECE - United Nations Economic Commission for Europe) во Женева, Швајцарија, од 3.XI до 4.XI 2008 година, со презентација под наслов „Статистички методи и надзор на пазарот".
2. Учество на IEEE - симпозиумот за инженерство за усогласеност на производите во Торонто, Канада, од 26.X до 28. X 2009 година, со презентација под наслов „Sampling considerations within Market Surveillance actions".
3. Публикување на труд број II.5.24 од Анексот приложен кон овој извештај.

Посебно вреди да се истакне неговата работа како раководител на Организациониот одбор на меѓународниот математички симпозиум „Geometric Function Theory and Applications - GFTA 2012", кој се одржа од 27 до 31 август 2012 година во Охрид.

Автор е и на една книга од стручна област со наслов „Вовед во МАТЛАБ" (заедно со доц. д-р Емилија Целакоска).

Кандидатот д-р Никола Тунески има рецензирано два научноистражувачки проекта во рамките на научната соработка меѓу Романија и Франција. Исто така, кон пријавата, д-р Никола Тунески приложил и список на 84 статии кои ги рецензирал по 22.V 2008 година, кои не се наведени при претходните избори. Од нив, 20 рецензии се за Zentralblatt MATH, 22 за Mathematical Reviews и 42 рецензии се за реномирани меѓународни научни списанија.

Бил член на рецензентски комисии за избор на наставници и асисенти на Машинскиот факултет во Скопје.

Има учествувано во развојот и реализацијата на повеќе наставни програми, пред сé наставната програма по мехатроника и наставната програма по инженерство на животна средина и ресурси, во рамките на која има публикувани и труд во монографија (труд број II.5.5 од Анексот приложен кон овој извештај), во кој дава осврт на улогата на математиката кај студиите по инженерство на животна средина и ресурси.

Член е на Сојузот на математичари на Македонија, неговиот Управен одбор и неговиот Научен совет, како и на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание Advances in Mathematics: Scientific Journal и на American Mathematical Society.

Во периодот од 1.X 2008 до 14.IX 2012 година бил раководител на Одделот за математика и информатика при Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, во периодот по изборот во наставно-научно звање - вонреден професор, може да се заклучи дека кандидатот д-р Никола Тунески остварил богата и интензивна активност во сите три дејности постигнувајќи значајни резултати во својата работа.

Тој успешно и квалитетено ги извршува наставно-образовните задачи на прв и втор циклус студии и е ментор на два студента по математички науки и примени при Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Автор е на два универзитетски учебника и на повеќе интерни учебни помагала. По изборот за вонреден професор има објавено 24 труда, од кои 5 се објавени во списанија со фактор на влијание, со забележителна цитираност. Од неговата богата стручно-апликативна дејност за одбележување е учеството како раководител на Организациониот одбор на меѓународниот математички симпозиум „Geometric Function Theory and Applications 2012", како и учеството во Работната група на Обединетите нации – делот за Европа (UNECE).

Од изнесеното може да се констатира дека д-р Никола Тунески е целосно оформен универзитетски професор и истражувач, кој е во тек со современите случувања во својата научноистражувачка област и е истовремено подготвен овие искуства да ги пренесе и на колеги од земјата и од странство. Тој ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање, предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Врз основа на анализата и оцената на неговата целокупна наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да донесе предлог-одлука за избор на д-р Никола Тунески во наставно-научното звање редовен професор во научната област математика и информатика, и неа да ја проследи до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на усвојување.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Алекса Малчески, с.р.
   Машински факултет - Скопје

2. Проф. д-р Душан Чакмаков, с.р.
   Машински факултет - Скопје

3. Проф. д-р Милутин Обрадовиќ, с.р.
   Градежен факултет - Белград, Србија

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Никола Илија Тунески
(име, татково име и презиме)
Институција: Машински факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: математика и информатика

I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава (прв циклус студии)**	**33**
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2007/08	1,8
	Компјутери и апликативен софтвер (2 часа), летен 2007/2008	1,2
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2007/2008	1,2
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2008/2009	1,8
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2008/09	1,8
	Компјутери и апликативен софтвер (2 часа), летен 2008/2009	1,2
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2008/2009	1,2
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2009/2010	1,8
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2009/10	1,8
	Компјутери и апликативен софтвер (2 часа), летен 2009/2010	1,2
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2009/2010	1,2
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2010/2011	1,8
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2010/11	1,8
	Инженерска статистика (2 часа), летен 2010/2011	1,2
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2010/2011	1,2
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2011/2012	1,8
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2011/12	1,8
	Инженерска статистика (2 часа), летен 2011/2012	1,2
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2011/2012	1,2
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2012/2013	1,8
	Нумеричка анализа (2 часа), зимски 2012/2013	1,2
	Математика 1 – МФ УГД (3 часа) , зимски 2012/2013	1,8
2	**Одржување на вежби (прв циклус студии)**	**5,85**
	Компјутери и инженерско програмирање (3 часа), летен 2007/08	1,35
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2007/2008	0,9
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2008/2009	1,35
	Инженерско програмирање (2 часа), летен 2008/2009	0,9
	Инженерска математика (3 часа), зимски 2009/2010	1,35
3	**Одржување на консултации (прв циклус студии)**	**4,09**
	Учебна година 2007/2008, летен семестар (318 студенти)	0,64
	Учебна година 2008/2009 (452 студенти)	0,9
	Учебна година 2009/2010 (447 студенти)	0,89
	Учебна година 2010/2011 (332 студенти)	0,66
	Учебна година 2011/2012 (325 студенти)	0,65
	Учебна година 2012/2013, зимски семестар, (175 студенти)	0,35
4	**Одржување на настава (втор циклус студии)**	**30**
	Комплексна анализа за инженери (2 часа) 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012	7,5

	Симулација со статистички методи 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012	7,5
	Веројатност и статистика 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012	7,5
	Одбрани поглавја од веројатност и статистика 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012	7,5
5	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1)**	**0,5**
6	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (1)**	**0,3**
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (2)**	**0,2**
8	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	**6**
	Диференцијално сметање (коавтор)	3
	Интегрално сметање (коавтор)	3
9	**Интерна скрипта од предавања**	**16**
	Инженерско програмирање	4
	Математика 1 (за МФС)	4
	Математика 1 (за ИЖИС)	4
	Математика 2 (за ИЖИС)	4
10	**Интерна скрипта од вежби**	**18**
	Практикум за лабораториски вежби и домашна работа за предметот инженерско програмирање	3
	Практикум за лабораториски вежби и домашна работа за предметот компјутери и апликативен софтвер	3
	Практикум за лабораториски вежби и домашна работа за предметот компјутери и инженерско програмирање	3
	Задачи за домашна работа по математика 1 (МФС)	3
	Задачи за домашна работа по инженерска математика	3
	Задачи за домашна работа по математика 1 (ИЖИС)	3
11	**Рецензент на универзитетски учебник**	**1**
	Веројатност и статистика за инженери	1
	Вкупно	**114,94**

II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Ментор на докторска дисертација (2 кандидати, во фаза на реализација)**	**6**
2	**Ментор на магистерска работа (1 кандидат, во фаза на реализација)**	**1**
3	**Раководител на меѓународен научен проект**	**9**
	"Theory and application of univalent functions", финансиран од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија и TUBITAK – Турција, 2006 – 2008.	9
4	**Учесник во национален научен проект**	**3**
	"Products of distributions in Colombeau algebras and their applications", financed by the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, 2011 – 2012.	3
5	**Учесник во меѓународен научен проект**	**20**
5.1.	"Neutrix products and convolutions of distributions and their applications", financed by the Ministry of education and science of Republic of Macedonia and TUBITAK – Turkey, 2006 – 2008.	5

5.2.	"Development of Environmental and Resources Engineering Learning", TEMPUS Joint European Project, 2010 – 2013.	5
5.3.	"Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum", TEMPUS Joint European Project, 2005 – 2008.	5
5.4.	"Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies", TEMPUS Joint European Project, 2010 – present.	5
	Дел од монографија	**4**
5.5.	Tuneski N., The Role of Mathematics in the Environmental and Resources Engineering Studies, Towards a new curriculum: the DEREC experience, Firenze University Press (2009), 101-106.	4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	**95,91**
5.6.	Tuneski N., Some results for univalent functions deffined with respect to N-symmetric points, *Novi Sad J. Math.*, 38 (3) (2008), 91-96.	6
5.7.	S. Siregar, Darus M., Tuneski N., Quasi-convolution Properties of Certain Subclasses of Meromorphic p-valent Functions, *Journal of Analysis and Applications*, Vol.7 No.2 (2009), 109-117.	4,8
5.8.	Tuneski N., Some simple sufficient conditions for starlikeness and convexity, *Applied Mathematics Letters*, Vol.22 (2009) 693-697. **(2010 IMPACT FACTOR 1.155)**	7,16
5.9.	Tuneski N., Convex Functions and Functions with Bounded Turning, *Tamsui Oxford J. of Math. Sciences*, Vol. 26 No. 2 (2010), 161-172.	6
5.10.	Tuneski N., On starlikeness of an analytic function, *Southeast Asian Bulletin of Mathematics*, Vol.34 (2010), 365-370.	6
5.11.	Tuneski N., Irmak H., On some sufficient conditions for starlikeness, *Scientia Magna* Vol. 6 No. 1 (2010), 105-109.	5,4
5.12.	Irmak H., Tinaztepe G., Tuneski N., Cetin O.F., An ordinary differential operator and its applications to certain classes of multivalently meromorphic functions, *Bulletin of Mathematical Analysis and Applications*, Vol. 1 No. 2 (2009), 17-22.	3,6
5.13.	Irmak H., Bulboaca T., Tuneski N., Certain relations between α-convex type functions and Bazilevič type functions, *Applied Mathematics Letters*, Vol. 24 (12) (2011), 2010-2014. **(2010 IMPACT FACTOR 1.155)**	5,72
5.14.	Darus M., Ibrahim R.W., Tuneski N., Mugur A., Classes of meromorphic functions with respect to N-symmetric points, *Acta Universitatis Apulensis*, Vol. 22 (2010), 7-15.	3,6
5.15.	Tuneski, N., On a Class of Functions Defined by Takahashi and Nunokawa, *Mathematica Balkanica*, Vol. 25 (1-2) (2011), 203-209.	6
5.16.	Irmak H., Tuneski N., Fractional calculus operator and its certain applications in the geometric function theory, *Sarajevo Journal of Mathematics*, Vol.6 (18) (2010), 51-57.	5,4
5.17.	M. Obradovic, S. Ponnusamy, N. Tuneski: Radius of Univalence of Certain Combinations of Univalent and Analytic Functions, *Bulletin of the Malaysian Mathematical Sciences Society*, (2) 35(2) (2012), 325–334. **(2010 IMPACT FACTOR 0.696)**	4,56
5.18.	H. M. Srivastava, N. Tuneski, Emilija Georgieva-Celakoska: Some Distortion and Other Properties Associated with a Family of the n-Fold Symmetric Koebe Type Functions, *Australian J. of Mathematical Analysis and Applications*, Vol. 9, Issue 2, Article 1, (2012) 1-17.	4,8
5.19.	Rabha W. Ibrahim, Maslina Darus and Nikola Tuneski: On subordination for classes of non-Bazilevič type, *Annales Universitatis Mariae Curie-Skłodowska (Section A)*, Vol.46 (2) (2010), 49-60.	4,8
5.20.	N. Tuneski, M. Obradovic, Some properties of certain expression of analytic functions, *Computers and Mathematics with Applications*,	6,72

	62 (2011), 3438-3445. **(2010 IMPACT FACTOR 1.472)**	
5.21.	N. Tuneski, M. Darus, On functions that are Janowski starlike with respect to N–symmetric points, *Hacettepe J. of Math. and Statistics*, Vol. 41 (2) (2012), 271 – 275. **(2010 IMPACT FACTOR 0.385)**	5,75
5.22.	N. Tuneski, T. Bulboaca, E. Aliaga, Some Results Over the First Derivative of Analytic Functions, *Advances in Mathematics: Scientific Journal*, Vol. 1 No. 1 (2012), 7 - 13.	4,8
5.23.	N. Tuneski, M. Darus, E. Gelova, Simple Criteria for Bounded Turning of an Analytic Function, *Advances in Mathematics: Scientific Journal*, Vol. 1 No. 2 (2012), 87 - 93.	4,8
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор	**2,7**
5.24.	Hendrikx I., Tuneski N., Emerging Issues in Regulations and Standards - Sampling Considerations Within Market Surveillance Actions, *Conformity* Vol. 22 (2009), 23-27.	2,7
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	**10,8**
5.25.	Irmak H., Tuneski N., A note on analytic and univalent functions, *Proccedings of the Int. Symposium on Geometric Function Theory and Applications*, August 20-24, 2007, Istanbul, Turkey, 57-60.	2,7
5.26.	I. Hendrikx, N. Tuneski: Sampling considerations within Market Surveillance actions, *Proceedings of IEEE Symposium on Product Compliance Engineering*, 26-28 October, 2009, Toronto, Canada , 1-4. DOI 10.1109/PSES.2009.5356011	2,7
5.27.	N. Tuneski, E. Georgieva-Celakoska: Some properties of n-fold koebe type functions, *Proccedings of the International Symposium on Geometric Function Theory and Applications*, Sofia, Bulgaria, 27 – 31 August 2010, 282 – 288.	2,7
5.28.	B. Jolevska-Tuneska, N. Tuneski: On the digamma function, *Proccedings of the Int. Symposium on Geometric Function Theory and Applications*, Sofia, Bulgaria, 27 – 31 August 2010, 165 – 168.	2,7
	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	**24**
5.29.	"Mathematical Conference: 85 years of Professor Blagoj Popov life", Ohrid, macedonia, September 02 – 04, 2008. – N. Tuneski, M. Darus: On some classes of meromorphic p–valent functions.	2
5.30.	"12–th Serbian Mathematical Congress", Novi Sad, Serbia, August 28 – September 02, 2008. – N. Tuneski: Sufficient conditions for starlikeness with respect to N–symmetric points.	2
5.31.	"18th Working Party on Regulatory Cooperation and Standardization Policies (WP.6) – UNECE", Geneva, Switzerland, Nov. 03 – 04, 2008. – N. Tuneski: Statistical Methods and Market Surveillance.	2
5.32.	" MASSEE International Congress on Mathematics", Ohrid, September 16 – 20, 2009. – N. Tuneski: A Class of Functions Defined by Takahashi and Nunokawa.	2
5.33.	Computational Methods and Function Theory, Ankara, Turkey, June 08 – 12, 2009. – N. Tuneski, Simple criteria for starlikeness and convexity.	2
5.34.	IEEE Symposium on Product Compliance Engineering, Toronto, Canada, October 26 – 28, 2009.	2

	– I. Hendrikx, N. Tuneski, Sampling considerations within Market Surveillance actions.	
5.35.	"Geometric Function Theory and Applications'2010", Sofia, Bulgaria, August 27 – 31, 2010. – N. Tuneski, E. Georgieva–Celakoska: Some properties of n–fold koebe type functions. – B. Jolevska–Tuneska, N. Tuneski: On the digamma function.	4
5.36.	"Geometric Function Theory and Applications'2011", Cluj–Napoca, Romania, September 3 – 9, 2011. – N. Tuneski, M. Petrusevski: Extension of some results of analytic functions with bounded derivative. – N. Tuneski, M. Obradovic: Some results over an expression of analytic functions.	4
5.37.	"Geometric Function Theory and Applications'2012", Ohrid, R. Macedonia, August 27 – 31, 2012. – N. Tuneski, T. Bulboaca: Ssome results over the first derivative of analytic functions. – N. Tuneski, M. Darus, E. Gelova: Simple criteria for bounded turning of an analytic function.	4
	Вкупно	**176,41**

III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Книга од стручна област**	7
	Тунески, Н., Георгиева-Целакоска Е.: Вовед во МАТЛАБ, 2010.	7
2	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**	**44**
	Рецензент на научноистражувачки проекти во рамките на научната соработка меѓу Романија и Франција (2)	2
	рецензија за Acta Mathematica Universitatis Comenianae (2)	2
	рецензија за Applied Mathematics Letters (4)	4
	рецензија за Computers and Mathematics with Applications (1)	1
	рецензија за Complex Variables & Elliptic Equations (3)	3
	рецензија за Hacettepe Journal of Mathematics and Statistics (7)	7
	рецензија за International Journal of Open Problems in Computer Science and Mathematics (1)	1
	рецензија за Journal of Inequalities and Applications (1)	1
	рецензија за Journal of Applied Analysis (3)	3
	рецензија за Journal of Inequalities in Pure and Applied Math. (3)	3
	рецензија за Mathematica Slovaca (2)	2
	рецензија за Mathematical and Computer Modelling (2)	2
	рецензија за Novi Sad Journal of Mathematics (2)	2
	рецензија за Soochow Journal of Mathematics (1)	1
	рецензија за Turkish Journal of Mathematics (1)	1
	рецензија за Bulletin of Mathematical Analysis and Applications (1)	1
	рецензија за Computers and Mathematics with Applications (2)	2
	рецензија за Pakistan Acad. Sci. (1)	1
	рецензија за Rendiconti del Seminario Matematico dell'Universita' e Politecnico di Torino (2)	2
	рецензија за International Journal of Mathematics and Mathematical Sciences (1)	1
	рецензија за Filomat (1)	1
	рецензија за Matematicki Vesnik (1)	1

Дејности од поширок интерес		
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	**0,5**
	Advances in Mathematics: Scientific Journal	0,5
	Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	**2**
	"Geometric Function Theory and Applications'2012", Ohrid, R. Macedonia, August 27 – 31, 2012.	2
	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект	**1**
	Проучување на геометриските својства на комплексните функции, пријава по Конкурс за научноистражувачки проекти објавен од Министерството за образование и наука на Република Македонија, носител.	0,5
	Диференцијални субординации, диференцијални суперординациии и нивна примена, пријава по Конкурс за научноистражувачки проекти објавен од Министерството за образование и наука на Република Македонија, носител.	0,5
	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект	**1**
	Воведување на нов простор на дистрибуции и негова примена, во рамки на билатералната соработка Р. Македонија – Црна Гора, (соработник).	1
	Раководител на внатрешна организациона единица	**3**
	Раководител на Одделот за математика и информатика при Машинскиот факултет во Скопје во периодот од 1.10.2008 до 14.09.2012 година.	3
	Член на комисија за избор во звање	**0,4**
	Член на Комисија за избор во звањето асистент на Е. Целакоска.	0,2
	Член на Комисија за избор во звањето доцент на Е. Целакоска.	0,2
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	**2**
	Член на Управниот одбор на Сојузот на математичари на Македонија.	1
	Член на Науниот совет на Сојузот на математичари на Македонија.	1
	Вкупно	**60,9**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**114,94**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**176,41**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**60,9**
Вкупно	**352,25**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Алекса Малчески, претседател с.р.
2. Проф. д-р Душан Чакмаков, член с.р.
3. Проф. д-р Милутин Обрадовиќ член с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ БИОХЕМИЈА И КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе решение за избор на 1 наставник во сите звања по предметот БИОХЕМИЈА И КЛИНИЧКА БИОХЕМИЈА и формираше Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Соња Алабаковска, претседател
2. проф. д-р Јасна Богданска, член
3. проф. д-р Даница Лабудовиќ, член
4. проф. д-р Марија Крстевска, член
5. доц. д-р Светлана Цековска , член

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 24.11.2012 година, се пријави кандидатката ас. д-р Катерина Тошеска-Трајковска, вработена на Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставените документи од пријавената кандидатка, на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје има чест да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Ас. д-р Катерина Тошеска-Трајковска е родена на 2.7.1973 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1991/92 година, а дипломирала на 16. 10. 1997 година со просечен успех 9,4. Од 1997 година е вработена на Институтот за медицинска и експериментална биохемија, при Медицинскиот факултет во Скопје во редовен работен однос.

Стручниот испит за лекари го положила во 1998 година. Специјалистичкиот испит по медицинска биохемија го положила на 24.9.2004 година, со што се стекнала со звањето специјалист по медицинска биохемија. Интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија и генетско инженерство, отсек молекуларна медицина (Темпус-Фаре проект) ги завршила на 17.1.2003 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов "Полиморфни форми на хуманиот аполипопротеин(а) кај здрава популација од Република Македонија", под менторство на професор д-р Бојана Тодорова, со што се стекнала со звањето магистер по молекуларна биологија и генетско инженерство.
Докторската дисертација под наслов "Асоцираност на липидните трансфер протеини и ензими со атеросклерозата", под менторство на проф. д-р Соња Алабаковска, ја одбранила на 30.12.2011 година.
Активно се служи со англискиот, а говори и албански јазик.
Член е на Македонското лекарско друштво, Здружението на доктори-специјалисти по медицинска биохемија, Лекарската комора на Македонија, Федерацијата на европски биохемиски здруженија (FEBS), Интернационалната федерација за клиничка хемија (IFCC) и на Интернационалната асоцијација за атеросклероза (IAS).

Наставно-образовна дејност

За помлад асистент по биохемија била избрана во 2000 година, а во 2003 година е избрана за асистент. Во 2006 година е реизбрана во истото звање.
По изборот за помлад асистент, активно е вклучена во изведувањето на практичната настава по задолжителните предмети: медицинска хемија (втор семестар), биохемија 1 (прв семестар), биохемија 2 (втор семестар) клиничка биохемија (8 семестар) - за студенти на додипломски студии по медицина; хемија и биохемија (прв семестар) за студенти на додипломски студии по стоматологија; биохемија и биофизика (2 семестар), дијагностички методи (3 семестар) и дијагностички методи (4 семестар) за стручни студии за медицински сестри и техничари, биохемија (2 семестар) за физиотерапевти, медицинска биохемија и клиничка биохемија за студенти по аналитичка биохемија од Природно-математички факултет. Исто така е вклучена и во практичната настава од трет циклус на студии на Медицински факултет. Перманентно е вклучена и во едукација на специјализантите по медицинска биохемија. Назначена е за одговорен асистент за подготовка и реализација на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија. Учествува и во подготвување на вежбите и колоквиумите. Била ментор на еден студентски научен труд кој има освоено прва награда на меѓународен студентски конгрес. Своето искуство како асистент го пренела како коавтор на практикумите за вежби за студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и на поглавје во интерна скрипта по клиничка биохемија.

Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Катерина Тошеска-Трајковска активно учествува во научноистражувачката дејност на Институтот. Како автор и коавтор учествувала во изработката на повеќе од 80 стручни и научни трудови од областа на клиничката биохемија, при што покажува особена плодна истражувачка дејност во развој на методологиите за дијагностика на липидните нарушувања. Дел од објавените трудови се презентирани на повеќе национални и меѓународни научно-стручни собири и конгреси. Континуирано учествува на стручни состаноци каде што има одржано две стручни предавања.
Учествувала во работата на 1 меѓународен и 4 национални научни проекти финансирани од Министерството за образование и наука.
Како млад истражувач добитник е на повеќе грантови од различни интернационални и европски стручни здруженија:

- Scientific Summer School "Advanced topics in biomedicine", Интернационален центар за генетско инженерство и биотехнологија во Трст, Италија, 2005 година (IFCC грант);
- 5th IFCC Clinical Molecular Biology Course, San Raffaele Hospital, Милано, Италија, 2007 година (IFCC грант);
- 8th EFCC Continuous Postgraduate Course in Clinical Chemistry "New trends in classification, diagnosis and management of kidney diseases", Дубровник, Хрватска, 2008 година (EFCC-UEMS грант);
- 20th IFCC Congress, Форталеза, Бразил, 2008 година (IFCC/Roche Scholarship);
- 12th Asian-Pacific Congress of Clinicl biochemistry, Сеул, Кореа, 2010 година (APCCB 2010 Young Scientist Scholarship);
- FEBS/IUBMB работилница "Eukaryotic lipids: treasure of regulatory information", Спецес, Р.Грција, 2010 година (FEBS грант).

Стручно-апликативна дејност

Како доктор-специјалист по медицинска биохемија вклучена е во севкупната здравствена дејност на Институтот за МЕБ. Од јануари 2012 година назначена е на позицијата Одговорна за квалитет во Лабораторијата за биохемиски испитувања (ЛБИ), која е во состав на Институтот за МЕБ. Учествувала во дизајнирање на информацискиот систем на ЛБИ. За потребите на стручно-апликативната, но и научноистражувачката дејност, има воведено две нови лабораториски методи.
Има одржано две секциски предавања на стручните состаноци на Здружението на доктори-специјалисти по медицинска биохемија.
Била член на организациониот одбор на 17. Конгрес на Балканската клиничка лабораториска федерација, одржан во Охрид од 16 до 19 септември 2009 година.

Била член во работата на повеќе комисии и тела на државни и други органи. Била стручен рецензент на научен труд на покана на главниот уредник на научното списание "Archives of Medical research". За потребите на МОН учествувала во превод на дел од книгата Harper's Illustrated Biochemistry од авторите Robert K Murray, Daryl K. Granner, Peter A. Mayes, Victor W. Rodell.
Со мандат од 2 години била член на ННС на Медицинскиот факултет од редот на асистенти.
Ас. д-р Катерина Тошеска-Трајковска од јануари 2012 година е сертифициран одитор за акредитација на лаборатории по ИСО-стандард 17025.
Добитник е на Благодарница од Македонското лекарско друштво за придонес и ангажирање во активностите што ги организира МЛД.

Стручни и научни трудови

Ас. д-р Катерина Тошеска –Трајковска досега има објавено 49 труда кои при изборот и реизборот во помлад асистент и асистент се рецензирани во билтените на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје (757/00, 827/03 и 915/07). За овој избор приложува и трудови за рецензија кои се прикажани во образецот (Анекс 2) за научноистражувачка дејност.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: КАТЕРИНА НАСЕ ТОШЕСКА-ТРАЈКОВСКА
(име,татково име,презиме)

Институција: Медицински факултет, Институт за медицинска и експериментална биохемија
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: биохемија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	Одржување на вежби (лабораториски или изработка на семинарски труд)	
1	Одржување на вежби по медицинска хемија (Медицински факултет), 2007-2012 год. 3 часа x 15 недели x 0.03 x 5 години x 2 групи	**13,5**
2	Одржување на вежби по биохемија 1 (Медицински факултет), 2007-2012 год. 3 часа x 15 недели x 0.03 x 5 години x 3 групи	**20,25**
3	Одржување на вежби по биохемија 2 (Медицински факултет), 2007-2012 год. 3 часа x 15 недели x 0.03 x 5 години x 3 групи	**20,25**
4	Одржување на вежби по клиничка биохемија (Медицински факултет), 2011-2012 год. 3 часа x 3 недели x 0.03 x 2 години x 10 групи	**5,4**
5	Одржување на вежби по биохемија (Стоматолошки факултет), 2007-2009год. 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 години x 1 група	**4,1**
6	Одржување на вежби по хемија и биохемија (Стоматолошки факултет), 2010-2012 год. 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 години x 1 група	**5,4**
7	Одржување на вежби по биохемија и биофизика, 2007-2012 год. Стручни студии за медицински сестри и техничари (Медицински факултет) 2 часа x 5 недели x 0.03 x 5 години x 2 групи	**3,0**
8	Одржување на вежби по биохемија, 2007-2012 год.	**3,0**

	Стручни студии за физиотерапевти (Медицински факултет) 2 часа x 5 недели x 0.03 x 5 години x 2 групи	
9	Одржување на вежби по дијагностички методи (3 семестар), 2007-2012 год. Стручни студии за медицински сестри и техничари (Медицински факултет) 5 часа x 5 недели x 0.03 x 5 години x 2групи	**7,5**
10	Одржување на вежби по дијагностички методи (4 семестар), 2007-2012 год. Стручни студии за медицински сестри и техничари (Медицински факултет) 5 часа x 5 недели x 0.03 x 5 години x 2групи	**7,5**
11	Одржување на вежби по медицинска биохемија, 2007-2012 год. Насока аналитичка биохемија (Природно-математички факултет) 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 години x 1 група	**2,7**
12	Одржување на вежби по клиничка биохемија, 2007-2012 год. Насока аналитичка биохемија (Природно-математички факултет) 2 часа x 15 недели x 0.03 x 2 години x 2 групи	**3,6**
13	Одржување на вежби од трет циклус студии на Медицински факултет (2011-2012 год.) 4 часа x 1недела x 0.06 x 2 години x 1 група	**0,48**
14	Консултации со студенти (2007-20012)	**0,9**
15	Ментор и едукатор на здравствена едукација 0.08 x 3	**0,24**
16	Позитивно рецензиран практикум-автор Тодорова, Алабаковска, Богданска, Босилкова, Крстевска, Корнети, Лабудовиќ, Тошеска, Трајковска, Цековска, Цекова-Стојкова. Практикум по општа биохемија за студенти по медицина, фармација и стоматологија. Второ издание, Скопје 2001; ISBN 9989-9675-0-4	**4,0**
17	Позитивно рецензиран практикум-автор Тодорова, Алабаковска, Богданска, Босилкова, Крстевска, Корнети, Лабудовиќ, Тошеска, Трајковска, Цековска, Цекова-Стојкова. Практикум по биохемија за студенти по медицина: Трето издание, Скопје 2003; ISBN 9989-9675-1-2	**4,0**
18	Позитивно рецензиран практикум-автор Тодорова, Алабаковска, Богданска, Босилкова, Корнети, Крстевска, Лабудовиќ, Тошеска, Трајковска, Цековска, Цекова-Стојкова Практикум по општа биохемија за студенти по фармација. Скопје 2003; ISBN 9989-9675-3-9	**4,0**
19	Позитивно рецензиран практикум-автор Корнети, Алабаковска, Богданска, Босилкова,	**4,0**

	Крстевска, Лабудовиќ, Тодорова, Тошеска, Трајковска, Цековска, Цекова-Стојкова. Практикум по биохемија за стоматолози, Скопје, 2003; ISBN ISBN 9989-9675-2-0	
20	Позитивно рецензиран практикум-автор Алабаковска, Богданска, Босилкова, , Ефремова-Аарон Крстевска, Лабудовиќ, Тошеска-Трајковска, Цековска, Цекова-Стојкова. Практикум по медицинска хемија. Скопје, 2011 год; ISBN 978-608-4596-15-8	**4,0**
18.	Nikoloska Dadic E., Efremovska Lj., Pavlovska K,. **Todorovska L.,** Maleska Ivanovska V., Djordjevic D. Familial study on hand clasping and arm folding. LI Congress of Anthropological Society of Serbia, Nis, 2012, Book of abstracts, p.p: 109.	1.00
19.	Pavlovska Kristina, Misevska P, **Todorovska L,** Dadic Nikolovska E, Efremovska Lj. Analysis of anthropometric parameters in patients with crohn's disease and ulcerative colitis. LI Congress of Anthropological Society of Serbia, Nis, 2012, Book of abstracts, p.p: 119.	1.00
20.	Slobodan Nikolic, Jasmina Pluncevic-Gligorovska, **Todorovska Lidija,** Ljudmila Efremovska, Vesela	1.00

21.	Maleska, Ivanka Karadjozova. Body mass components in the young soccer players in R. Macedonia. LI Congress of Anthropological Society of Serbia, Nis 2012, Book of abstracts, p.p: 107. Jasmina Pluncevic-Gligorovska, Slobodan Nikolic, **Todorovska Lidija**, Vesela Maleska, Ljudmila Efremovska, Sanja Mancevska. Anthropometric indicators in young footbal soccer players in R. Macedonia. LI Congress of Anthropological Society of Serbia, Nis, 2012, Book of abstracts, p.p: 125.	1.00
	- национални конференции	
1.	Павловска К, Мишевска П, Крстевски М, **Тодоровска Л,** Димитровска З, Андреевски В. Проценка на нутритивниот статус кај пациенти со воспалителни заболувања преку анализа на биохемиски параметри. IX Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, 2012, Зборник на абстракти: 06По3.	0.5
		21.50
	Вкупно:	**105.557**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста	Поени
	Книга од стручна област	
	- автор:	
1.	**Л. Тодоровска.** Нутритивна антропологија, Скопје, 2011.	8.00
		8.00
	Експертски активности	
1.	Стручна редакција на книга (З. Деспопулус. Физиолошки атлас во боја, Табернакул, 2010)	1.0
2.	Рецензија на меѓународен проект (Статус и компаративна анализа на антропометриските и моторните латентни димензии кај младите од Словенија и Македонија, 2011)	1.00
3.	Рецензија на 15 научни трудови во научни/стручни списанија (15 рецензирања x 1.00)	15.00
		17.00
	Завршена специјализација од областа на медицинските науки и здравството	
1.	Специјализација по спортска медицина	2.00
		2.00

Вкупно:	**27.00**

ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Реден број	Назив на активноста	Поени
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	
1.	Physioacta	0.5
2.	Документи	0.5
		1.00
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	
1.	Член на програмскиот одбор на Конгресот на Антрополошкото друштво на Србија со меѓународно учество, Ниш, 2012.	1.00
		1.00
	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект	
	- соработник	
1.	Учество во изготвување на меѓународен проект со наслов: *Улога на нутритивните сигнали кај дијабет тип 2* (Меѓународен партнер Институт за физиологија, Медицински факултет, Марибор, Словенија).	1.00
		1.00
	Член на Универзитетскиот сенат	
1.	Со мандат од јуни 2012 година	2.00
		2.00
	Член на факултетска комисија	
1.	Член на Наставно-научен совет (од 2009)	0.5
2.	Член на Одборот за меѓународна соработка (2006 - 2009)	0.5
3.	Член на Етичката комисија за експерименти на животни (од 2009)	0.5
		1.50
	Член на комисија за избор во звање	
1.	Член на седум комисии (7 комисии x 0.20)	1.40
		1.40
	Вкупно	**7.90**

ВКУПНО

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	ПОЕНИ
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	104,89
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	105,557
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	27,00
ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	7,90
ВКУПНО:	245,347

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Весела Малеска-Ивановска с.р.

2. Проф. д-р Васка Антевска с.р.

3. Проф. д-р Бети Дејанова с.р.

4. Проф. д-р Невена Костовска с.р.

5. Проф. д-р Марија Папазова с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 138/09, 140/09, 173/11 и 194/11), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.XII 2012 година, донесе решение за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања (редовен професор) по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА и формираше Рецензентска комисија за избор на редовен професор по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, во состав: проф. д-р Нада Петрова, проф. д-р Александар Анчевски, проф. д-р Љубива Павлова, проф. д-р Дејан Докиќ и проф. д-р Розалинда Исијановска.
На конкурсот објавен во весникот "Дневник" и во весникот "Коха" од 28. XI 2012 за избор на редовен професор се пријави кандидатот вонр. проф. д-р Весна Гривчева – Пановска.
Рецензентската комисија ги разгледа поднесените документи и трудови и врз основа на тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Проф. д-р Весна Гривчева-Пановска е родена во Скопје во 1959 година.

Основно училиште и гимназија завршила во Белград како носител на дипломата "Вук Стефановиќ Караџиќ" за континуиран одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1977/78 година.

Дипломирала во 1982 година со среден успех 9,30.

На Клиниката за дерматовенерологија се вработила во 1983 година, каде што го положила специјалистичкиот испит по дерматовенерологија во 1987 година и се стекнала со звањето специјалист по дерматовенерологија.

Постдипломски студии по медицина од областа на имунологијата, под раководство на академик проф. д-р Ристиќ, запишала во учебната 1983/84 година. Магистерскиот труд „Имунолошка и фотоплетизмографска процена Raynaud феномена код пацијената са системским болестима везивног ткива", под менторство на проф. д-р Ристиќ, го одбранила на 27.IV 1995 година.

Докторската дисертација на тема: „ Хронична идиопатска Urticaria - процена на етиолошката и модулаторна улога на Helicobacter pylori асоцираните гастроентеролошки болести", под менторство на проф.д-р Б. Поленаковиќ, ја одбранила на 27.VI 2002 година на Медицинскиот факултет во Скопје (рецензија објавена во Билтен бр. 803/2002).

Стручни усовршувања и престои

Во рамките на постдипломската настава, 2 семестра престојувала на Институтот за имунологија, Медицински факултет, Белград, под раководство на академик проф.д-р М. Симиќ, како и 1 семестар под раководство на проф. д-р М. Лукиќ.

Во текот на 1992 година (април-јули) била на тримесечна едукација во научноистражувачкиот центар на болницата Mounts of Sinai, на Robert O. Perelman

Department of Dermatology, при New York University, под раководство на проф. д-р Е. Friedberg.

Во 2006 г., д-р Гривчева-Пановска со успех ја заврши едукацијата за Добра Клиничка пракса (GCP).

Во јануари 2007 г., Д-р Гривчева-Пановска со успех ја заврши едукацијата за примена на хуман пастеризиран C1 INH кај пациенти со Хередитарен ангиоедем (HAE).

Во текот на 2012 г. д-р Весна Гривчева-Пановска беше на 3-неделен едукативен курс на Универзитетот во Giessen, Германија, за координатор за Македонија за проектот ESDaP Multicenter Study on depression, anxiety, quality of life and attachment among adult patients with common skin disorders.
Д-р Весна Гривчева-Пановска е член на Управниот одбор на eCOST Action: BM1007 и на МЗАКИ (Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија).

Наставна дејност

Покрај вршењето на здравствената дејност, учествува и во наставно-научната дејност, така што е избрана за:

- помлад асистент во учебната 1987/88 година;
- асистент во учебната 1988/89 година, со реизбор во 1992/93, 1994/95, 1998/99 и 2002/03 г.;
- доцент во октомври 2003 година (реферат објавен во Билтен бр. 828/2003);
- вонреден професор во јуни 2008 во учебната 2008/09 г.
- проф. д-р Весна Гривчева-Пановска е член во Рецензентската комисија за магистерски труд на кандидатката д-р Е. Ангеловска.

Научна дејност

Д-р Весна Гривчева - Пановска е член на Издавачкиот одбор на меѓународното списание Our dermatology on line http://www.odermatol.com , како уредник на Секцијата за клиничка дерматологија и алергологија и член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание Journal of General Practice.

Д-р Весна Гривчева - Пановска е автор на поглавјата АЛЕРГИСКИ БОЛЕСТИ ОД РАН ТИП и КОНТАКТЕН ДЕРМАТИТ, како и коавтор на поглавјето СПЕЦИФИЧНА ИМУНОТЕРАПИЈА во книгата "Алергологија и клиничка имунологија", под редакторство на проф д-р Д.Докиќ .

Д-р Весна Гривчева - Пановска е автор на три монографии (во прилог).

Д-р Весна Гривчева - Пановска е автор на повеќе трудови публикувани во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, од кои 3 се во списанија со импакт фактор на влијание (во прилог: трудови за рецензирање) .

Во моментов, проф д-р Весна Гривчева-Пановска е координатор за Македонија на меѓународинте проекти:

- ESDaP Multicenter Study on depression, anxiety, quality of life and attachment among adult patients with common skin disorders;
- проект на ЕУ e-COST Action: BM1007 EMBRN-COST International Mast Cell & Basophil Project BM1007-261112-024311.

Стручна дејност

Потесна област на нејзиниот стручен и научен интерес се алергологијата и клиничката имунологија во дерматологијата. Работи како самостоен специјалист на одделите на Клиниката, како и во Амбулантата за алергологија, со која раководи во изминативе 14 години.

Редовно зема учество на сите стручни манифестации на Клиниката, како и во активностите на Здружението на дерматовенеролозите на Македонија.

Учествува на конгреси, симпозиуми и семинари во земјава и во странство, со коавторски трудови и како носител (прв автор) на труд има повеќе презентации на домашни и на странски стручни манифестации.

Д-р Весна Гривчева - Пановска е член на:

- Здружението на дерматовенеролозите на Македонија;
- МЗАКИ (Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија);
- ESDaP (European Society for Dermatology and Psychiatry);
- EAACI (European Academy of Asthma, Allergology and Clinical Immunology) ;
- European C1-INH Deficiency Working Group.

Список на трудови

Рецензирани трудови

Досега се рецензирани 56 труда на кандидатката објавени во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 484/87, 504/88, 576/92,627/94, 709/98 803/02, 828/03 и 941/08.

За избор во звањето редовен професор ги пријави следниве трудови:

1. **HENOCH-SCHŐNLEIN PURPURA IN ADULT PATIENT: EXTRAGASTRIC, CUTANEOUS MANIFESTATION OF HELICOBACTER PYLORI INFECTION**

   ***Весна Гривчева-Пановска**, Калина Старделова, Владимир Серафимоски*

   МАНУ, Прилози; 2008 Јул;29(1):291-301 . ПМИД: 18709017. Одделение за биолошки и медицински науки.

Авторите ја разгледуваат можната улога на Helicobacter pylori во различни екстрагастрични болести. Авторите прикажуваат случај на Henoch-Schönlein пурпура кај возрасен пациент со Helicobacter pylori инфекција и регресија на болеста по спроведена трипла ерадициона антиHelicobacter pylori терапија. Пациентот е мониториран во период на следење од скоро 9 години, како клинички така серолошки. Во текот на периодот на следење немаше релапс на болеста ни на клиничките маркери на Helicobacter pylori - инфекцијата.
Авторите заклучуваат дека Henoch-Schönlein пурпура може да претставува кутана, екстрагастрична манифестација на Helicobacter pylori - инфекцијата.
Авторите ги дискутираат современите сознанија за имунолошките основи на можната улога на Helicobacter pylori - инфекцијата кај Henoch-Schönlein пурпура.
Трудот е меѓу најцитираните 20 во својата област од публикувањето до денес.

2. **Акутна абдоминална болка со спонтана резолуција како патоказ кон поставување на дијагнозата на Oedema Angio Hereditarium**

   ***Весна Гривчева-Пановска**, Калина Старделова, Владимир Серафимоски*

   МАНУ, Прилози; 2012 ПМИД: 18709017. Одделение за биолошки и медицински науки.

Точната и навремена дијагноза на акутната абдоминална болка, честа ургентна состојба, е клучна во одбегнувањето на непотребните хируршки интервенции.

Прикажан е случај на пациентка Ц.М. на возраст од 21 година, транспортирана како итен пациент откако од сон ја пробудила силна, акутна абдоминална болка. Болката не ирадирала, со карактер била на колика, и придружена била со флатуленција, гадење и повраќање.

Семејната историја е негативна за ангиоедема, што ја намалува, но не ја исклучува можноста за појава на хередитарна ангиоедема.

Сите лабораториски наоди биле нормални, со исклучок на ниските вредности на C4 компонентата на комплемент 4.56 мг/дл (нормални вредности 10-40), функционалната C1 esterase INH беше 10.29% (нормални вредности 80 - 130) C1-esterase inhibitor (протеин) 4.58 мг/дл (нормални вредности 16-33), што укажа на XAE typ I.

Без оглед на негативната семејна историја за хередитарен ангиоедема, мошне е веројатно de novo mutation да доведе до тоа прикажаната пациентка да биде прв случај во своето семејство.

Прикажаниот случај ја потврдува потребата да се вклучи хередитарниот ангиоедема како дифернецијално дијагностичка можност кај појава на акутен ебдомен, уште повеќе што навремената и точна дијагноза овозможува да се одбегнат непотребните хируршки интервенции.

3. Secondary pellagra. Case study

Весна Гривчева - Пановска,

Physioacta (ISSN 1857-5887) – Научно списание со меѓународен уредувачки одбор; Волумен 6-3, 2012.

Авторите прикажуваат случај на пациент О.С. на возраст од 23 години, кој е испратен за дерматолошка евалуација поради 3 - месечна историја на еволуирачки еритемно - сквамозен и булозен егзантем кој ги зафаќа лицето, вратот и дорзумот на стапалата.Поставена е дијагноза на секундарна Pellagra и ординирана е суплементациона перорална витаминска терапија со 100 mg niacinamide (Vit B3) до резолуција на мајорните симптоми, со последователен 2 - неделен курс на одржување од 50 mg niacinamide per os, по што настапило видливо подобрување. Навремената дијагноза на оваа ретка состојба воедно овозможува успешно излекување.

4. Hereditary angioedema: Validation of the end point time to onset of relief by correlation with symptom intensity

Jonathan A. Bernstein, M.D.,[1] Bruce Ritchie, M.D.,[2] Robyn J. Levy, M.D.,[3] Richard L. Wasserman, Ph.D., M.D.,[4] Againdra K. Bewtra, M.D.,[5] David S. Hurewitz, M.D.,[6] Krystyna Obtułowicz, M.D.,[7] Avner Reshef, M.D.,[8] Dumitru Moldovan, M.D.,[9] Todor Shirov, M.D.,[10] **Vesna Grivcheva-Panovska, M.D.,**[11] Peter C. Kiessling, Ph.D.,[12] Heinz-Otto Keinecke, M.S.,[13] and Timothy J. Craig, M.D.[14]

Allergy Asthma Proc 32:36–42, 2011; doi: 10.2500/aap.2011.32.3404;
Импакт фактор: 1.735.

Во трудот авторите прикажуваат време до почеток на намалување на симптомите на хередитарниот ангиоедем (HAE) како заеднички примарен фактор во клиничките студии, кој досега никогаш не бил валидиран по пат на корелација со текот на HAE симптомите. Оваа студија е дизајнирана како ретроспективна валидација на примарните точки за плацебо контролирана фаза II/III студија кај пациенти со HAE. Третирани биле 98 пациенти со 10 или 20 U/kg на високо прочистен C1 esteraza inhibitor (C1-INH) концентрат или плацебо. Примарната точка за проценка била почетокот на редукција на симптоми за кои известува пациентот. Пациентите го проценувале интензитетот на симптомите: болка, наузеа, повраќање, грчеви и дијареа во тек на периодот на следење. По Spearman rank correlation, примарната точка е споредена со времето до првата редукција на (1) интензитетот на кој било симптом, (2) сумата на скорот на интензитет на симптомите, и (3) интензитет на последниот симптом присутен на baseline. C1-INH, 20 U/kg и плацебо групите биле споредени со едностранн Wilcoxon тестови од два примерока. Времето на првата редукција на интензитетот на последниот симптом присутен на baseline ја имало највисоката корелација со примарната крајна точка (r 0.77). Времето на појава на намалување на симптомите и времето до првата редукција на интензитетот на последниот симптом биле значајно пократки за C1-INH, 20 U/kg групата споредена

со плацебо (p 0.009 и p 0.0036 соодветно).
Поврзаноста со интензитетот на поединечни симптоми е потврда дека времето на започнување на намалувањето на симптомите е соодветна крајна точка за проценка на ефикасноста на C1-INH терапија.

5. **Population pharmacokinetics of plasma-derived C1 esterase inhibitor concentrate used to treat acute hereditary angioedema attacks**

Jonathan A. Bernstein, MD*; Bruce Ritchie, MD†; Robyn J. Levy, MD‡; Richard L. Wasserman, MD, PhD§; Againdra K. Bewtra, MD¶; David S. Hurewitz, MD ||; Krystyna Obtulowicz, MD#; Avner Reshef, MD**; Dumitru Moldovan, MD††; Todor Shirov, MD‡‡; **Vesna Grivcheva-Panovska, MD§§**; Peter C. Kiessling, PhD¶¶; Fritz Schindel, MS |||; and Timothy J. Craig, DO##
Ann Allergy Asthma Immunol. 2010;105:149 –154
Импакт фактор: 2.677.

C1 esterase inhibitor (C1-INH) се препорачува како терапија од прва линија за акутни напади на едема кај хередитарен ангиоедем (HAE). Достапни се само ограничени фармакокинетички анализи на дадениот C1-INH во плазмата. Во оваа студија ретроспективно се истражува популационата фармакокинетика на плазма - дериваниот C1-INH (pC1-INH) концентрат кој се користи за третман на акутни HAE - напади во рандомизирана, плацебо-контролирана фаза 2/3 студија кај пациенти со HAE. Акутните абдоминални и фацијални напади биле третирани или со pC1-INH концентрат како поединечни интравенски дози од 10 или 20 U/kg телесна тежина или со плацебо. Земањето на примероци од плазмата се вршеше на 0, 1 и 4 часа по дозирањето. Беше постигнат нелинеарен, ретроспективен, популационен фармакокинетички модел употребувајќи ја претпоставката за 1-compartment модел. Крајниот популационен фармакокинетички модел бил базиран на податоци од 97 пациенти третирани со 10 или 20 U/kg pC1-INH концентрат. Проценетиот среден полуживот бил 32.7 часа (90% confidence interval, 16.6–48.8 часа), а проценетиот среден clearance беше 0.92 mL/kg/h (90% confidence interval, 0.50 –1.33 mL/kg/h). Студијата покажува дека полуживотот на истиот pC1-INH концентрат за кој се известува во претходната студија е потврден со оваа ретроспективна популациона фармакокинетичка анализа на пациентите третирани за акутни HAE - напади. За разлика од другите можности за лекување со пократок полуживот, долгиот полуживот на pC1-INH концентратот може да овозможи продолжен период на заштита дури и откако симптомите на напад се повлекле.

6. **Efficacy of human C1 esterase inhibitor concentrate compared with placebo in acute hereditary angioedema attacks**

Timothy J. Craig, MD,[a] Robyn J. Levy, MD,[b] Richard L. Wasserman, PhD, MD,[c] Againdra K. Bewtra, MD,[d] David Hurewitz, MD,[e] Krystyna Obtu1owicz, MD,[f] Avner Reshef, MD,[g] Bruce Ritchie, MD,[h] Dumitru Moldovan, MD,[i] Todor Shirov, MD,[j] **Vesna Grivcheva-Panovska**, MD,[k] Peter C. Kiessling, PhD,[l] Heinz-Otto Keinecke, MS,[m] and Jonathan A. Bernstein,MD[n]
Hershey, Pa, Atlanta, Ga, Dallas, Tex,Omaha, Neb, Tulsa, Okla, Krakow, Poland, Tel Hashomer, Israel, Edmonton, Alberta, Canada, Tirgu Mures, Romania, Sofia, Bulgaria, Skopje, Republic of Macedonia, Marburg, Germany, and Cincinnati, Ohio
(Journal of Allergy and Clinical Immunology 2009;124:801-8.)
Фактор на влијание: 11.003 (рангирано е како седмо од 139 списанија во областа).

Хередитарната ангиоедема предизвикана од C1 esterase inhibitor дефициенција е ретко нарушување. Оваа студија ја посредува ефикасноста на пастеризиран C1 esterase inhibitor концентрат како интравенски дози од 10 или 10 U/kg телесна тежина со плацебо кај третманот на поединечни, акутни абдоминални или

фацијални напади кај пациенти со хередитарен ангиоедем. Студијата е рандомизирана, двојно-слепа, плацебо-контролирана, биле вклучени 125 пациенти со тип 1 или 2 хередитарен ангиоедем. Примарниот исход бил времето од почеток на третманот до времето на почеток на намалување на симптомите. Секундарните исходи биле времето на комплетна ремисија, делот на пациентите со зголемен интензитет на симптоми на ангиоедем помеѓу 2 и 4 часа по третманот и број на епизоди на повраќање во тек на 4 часа. Средното време потребно за почеток на намалување на симптомите е значајно пократко при примена на C1 esterase inhibitor концентрат во доза од 20 U/kg отколку кај плацебо (0.5 vs 1.5 часа; P 5.0025), додека кај 10 U/kg, времето потребно за почеток на намалување на симптомите било само малку пократко отколку кај плацебо (1.2 vs 1.5 часа; P 5.2731). Во споредба со плацебо, скратувањето на времето до почетокот на намалување на симптомите е најизразено кај тешките напади (0.2 vs 13.5 часа). Секундарните исходи конзистентно ја потврдиле ефикасноста на дозата од 20 U/kg. C1 esterase inhibitor концентратот е безбеден и добро се толерира. Не е најдена сероконверзија за HIV, hepatitis или B19 вирус. Студијата потврди дека C1 esterase inhibitor концентратот при интравенска примена во доза од 20 U/kg е ефикасен и безбеден третман за акутни абдоминални и фацијални напади кај пациенти со хередитарен ангиоедем, кој води до брзо намалување на симптомите.

7. **Монографија: Хронична Urticaria: рационален дијагностички и тераписки пристап**
   Академски печат; ISBN 978-608-231-082-4.

Обидот на авторот проф д-р Весна Гривчева-Пановска да ја демистифицира комплексната енигма на Urticaria chronica, сложен проблем во кој медицинската теорија и практика не успеваат доволно да пронајдат причинско-последични импликации, го приближува до лекарите - специјалисти, но и до студентите по медицина сето она што значи современ протокол, односно рационален пристап кон овој проблем кој ги измачува подеднакво и лекарите и пациентите.
Овој труд претставува една од првите систематизирани анализи на проблемот на хроничната Urticaria во Македонија и претставува резултат на повеќегодишната стручна работа на авторката во полето на хроничната Urticaria.
Како резултат на својата практика, авторката дава особено корисен преглед на основните етиопатогенетски механизми на хроничната Urticaria, цитирајќи многубројни меѓународни извештаи, научни публикации и современи консензуси за пристап кон хроничната Urticaria.
Од особена вредност претставуваат коментарите на авторката, кои произлегуваат од суштинско познавање на проблемот на хроничната Urticaria, со што читателот добива продлабочена димензија, но и поттик за дополнително размислување, истражување и реевалуација на пациентите со хронична Urticaria, "тврдиот орев" на алергологијата.
Тематската поделба од аспект на етиопатогенезата, основните имунолошки специфики и механизми, рационалниот дијагностички пристап и евалуација на тераписките протоколи врз основ на медицината базирана на докази, резултираат со монографски труд кој претставува вредна научна и стручна анализа на хроничната Urticaria.
Трудот претставува можност за проширување на хоризонтите на научно-истражувачката работа во клиничката алергологија и создава простор за понатамошни проучувања на оваа област.

Рецензенти: проф д-р Д. Докиќ; проф д-р В. Вељиќ-Стефановска.

8. **Монографија: Хередитарен ангиоедем во Македонија**
   Академски печат, ISBN 978-608-231-079-4

Монографијата претставува прв систематизиран приказ на хередитарниот ангиоедем (ХАЕ) во Македонија. Авторката во овој оригинален научен труд, за првпат ги презентира во систематизирана форма современите научни сознанија за етиопатогенезата, современата дијагностика и современите тераписки консензуси за ХАЕ.
Со оглед на тоа дека ХАЕ претставува ретка болест, која што може смртоносно да заврши, авторката низ призмата на современите препораки на WAO, како и HAENetwork, во кои е еден од вклучените научни истражувачи, дава, освен теоретски, и практичен пристап кон овој мошне сериозен проблем.
Текстот е на високо стручно ниво, меѓутоа е ефикасно систематизиран, со што е добредојдена литература и за лекарите - специјалисти, но и за студентите по општа медицина.
За прв пат во Македонија авторката дава приказ на проблемот на национално ниво. Вредно е да се напомене дека авторот на монографијата проф д-р Весна Гривчева – Пановска, директно беше вклучена во формирањето на Македонското здружение на пациенти со ХАЕ - ХАЕ Македонија.
Во поширoки рамки, практичните искуства на авторката со новите современи терапии за ХАЕ (хуман пастеризиран С1 инхибитор), како и рекомбинантен С1 инхибитор, претставуваат дополнителен предизвик за читателот, но и големо охрабрување и надеж за пациентите со оваа ретка болест.
Монографијата "Хередитарен ангиоедем во Македонија" е резултат на повеќегодишниот посветен труд на авторката проблемот на ХАЕ да го издигне од приказ на ретки случаи до формирање и функционирање на национална ХАЕ - организација во Македонија и нејзино активно вклучување во меѓународните здруженија на пациенти.
Монографијата ја препорачуваме како драгоцен придонес за осовременување на знаењата, како на медицинските професионалци, така и на поширокатa стручна јавност за овој сериозен проблем кој во светски рамки добива сè поголемо значење.

Рецензенти: проф д-р Д. Докиќ; проф д-р В. Вељиќ-Стефановска

9. **Монографија: Хронична спонтана Urticaria: ретко препознаени тригерни и модулаторни фактори**
   Академски печат; ISBN 978-608-231-078-7.

Во својот оригинален труд за ретко препознаените тригерни и модулаторни фактори кај хроничната спонтана Urticaria, авторката ги прикажува на систематизиран начин најсовремените сознанија за неколку фактори на кои ретко помислува лекарот - алерголог.
Пред сè како резултат на повеќегодишното искуство, авторката се обидува со научен егзактен пристап, согласно со препораките на ESDaP, на вистински начин да ја позиционира димензијата на неколку фактори како што се алекситимијата и стресот како потенцијални модулаторни, односно тригерни фактори во етиологијата на хроничната спонтана Urticaria.
Од особен интерес е дистинкцијата која авторката ја прави помеѓу хроничната и тешките рефрактерни форми на хронична спонтана Urticaria рефрактерни на терапија, каде што и пациентот и лекарот - алерголог влегуваат во circulus vitiosus. Авторката врз основа на личното практично искуство, наведува повеќе современи скоринг модели за опишаните фактори, како и лично дизајниран скор за активност на хроничната спонтана Urticaria кој е валидизиран на преку илјада пациенти.

Монографијата "Хронична спонтана Urticaria: ретко препознаени тригерни и модулаторни фактори" ја препорачуваме како оригинален научен придонес во полето на алергологијата која, поради јасниот стил и систематизираноста на материјалот, претставува исто така мошне корисен прирачник и за лекарите од други специјалности, кој високо стручно, но на едноставен и разбирлив начин ја обработува и разјаснува проблематиката.

Рецензенти: проф д-р Д. Докиќ; проф д-р В. Вељиќ-Стефановска

10. **Автор на следните поглавја во учебникот "Алергологија и клиничка имунологија" (главен уредник: проф д-р Дејан Докиќ)**
    - Уртикарија и ангиоедем
    - Атопичен дерматит
    - Коавтор на поглавјето „Специфична имунотерапија"

11. **Координатор за Македонија за меѓународниот научноистражувачки проект "A European Multicenter study on depression, anxiety, quality of life and attachment among adult patients with common skin disorders".**

12. **Координатор за Македонија и член на Management Committee за меѓународниот научноистражувачки проект COST Action: BM1007**

13. **Главен истражувач во клиничка студија: C1 1310 - A phase III Randomized, double-blind, placebo-controlled study with an open-label extension evaluating the efficacy, safety and immunogenicity of recombinant human C1 Inhibitor for the treatment of acute attacks of angioedema in patients with HAE.**

14. **Главен истражувач на клиничката студија H9B-MC-BCDS A Phase 3, Multicenter, Randomized, Double-Blind, Placebo-Controlled Study to Evaluate the Efficacy and Safety of Subcutaneous LY2127399 in Patients with Systemic Lupus Erythematosus (SLE) (ILLUMINATE-1)**

15. **Пленарно предавање на IV конгрес на дерматовенеролозите на Република Македонија: Кутани манифестации на гастроинтестинални болести.**
    Апстрактот е објавен во Зборникот на резимеа, стр. 29.

Авторката ги претставува најчестите дерматолошки состојби кои можат да бидат асоцирани со гастроинтестиналните заболувања, како и неколку ретки дерматолошки болести кои треба да бидат препознаени од овој аспект.
Прикажани се дерматолошките манифестации на:
- инфекции на гастроинтестиналниот тракт (со особен осврт на Helicobacter pylori);
- асоцирани со метаболиски нарушувања и нарушувања во исхраната;
- малигни заболувања на гастроинтестиналниот тракт (специфични, неспецифични);
- хеморагии на гастроинтестиналниот тракт;
- васкуларни болести.

Особено внимание е посветено на новите сознанија за можните патогенетски механизми на асоцираност помеѓу дерматолошките болести и болестите на

гастроинтестиналниот тракт, со претставување на нивната современа класификација.

16. **Предавање на симпозиумот "Рационална примена на препарати од природно потекло во аптеките" со тема: Природни препарати во дерматологијата со in extenso публикација.**

17. **Поканет предавач на Justus-Liebig-Universität Giessen со предавање на тема: Антиципација на пациентот кај хроничните алергиски болести**
Giessen, декември 2011

18. **Презентација на постер на тема: Chronic medications as possible cause of chronic eczema in elderly adults;**
27. Конгрес на EAACI,
Барселона, јуни 2008

19. **Апстракт на тема: Chronic medications as possible cause of chronic eczema in elderly adults**
Journal of Allergy and Clinical Immunology 2008, Supplement 88, Volume 63; 368:999)
Фактор на влијание: 11.003 (рангирано е како седмо од 139 списанија во областа).

Хроничната изложеност на лекови кај постарите е често земена како можна причина на хроничен екцем. Со цел да се разјасни можната поврзаност на најчестата терапија во кардиологијата со овие ерупции, авторката спроведе case-kontrolled студија на 39 пациенти (вклучувачки критериуми: дерматолошки и кардиолошки амбулантски пациенти постари од 60 години со хроничен екцем, во траење подолго од 12 недели, без јасно дефинирана причина, негативни кожни тестови и без медицинска историја за атопија, и со од страна на кардиолог препорачана употреба на блокатори на калциумовите канали (ССВ). Пациентите биле групирани според возраст, пол и место на живеење. Во контролната група 1 имало 39 пациенти со хроничен екцем, кои ги исполнувале сите вклучувачки критериуми освен употреба на блокатори на калциумовите канали. Во контролната група 2 имало 39 пациенти со хроничен екцем и медицинска историја на употреба на блокатори на калциумовите канали кои ги користелеа и во текот на студијата. Сите групи биле третирани исклучиво со топична нестероидна терапија (локални уреа препарати). Фармаколошката историја е добиена со авторизиран преглед на медицинските податоци на пациентите. Континуираната употреба на лекови подолга од 3 месеци годишно пред кожната ерупција била споредена кај сите групи. Периодот на обсервација бил 12 месеци. Постоела значајна поврзаност помеѓу блокаторите на калциумови канали и хроничен екцем (matched odds ratio од 2.7, 95% confidence interval). Клиничката ремисија на хроничен екцем по повлекувањето на блокаторите на калциумови канали била дијагностицирана кај 84.6% од овие случаи во текот на контролираниот период. Клиничката ремисија била 48.7% кај контролната група 1 и 28% кај контролната група 2. Долготрајната употреба на блокатори на калциумови канали е можен ризик - фактор за хроничен екцем кај возрасните, кој укажува на медикаментозна етиологија.

20. Nickel sensitivity in chronic Urticaria patients – Усно предавање
SAM 2010,
Ноември 2010, Венеција

Била извршена нерандомизирана проспективна клиничка студија со цел да ја објективизира преосетливоста на никел кај пациентите со хронична уртикарија. Биле вклучени 257 пациенти (183 жени и 74 мажи) на возраст меѓу 18-68 години со хронична уртикарија (EAACI GALEN критериум). Бил применет прашалник специјално дизајниран за студијата (професионална изложеност на никел и други метали, пирсинг, дентални протези, дентални или хируршки импланти и навики како интензивно пушење). Исклучувачки критериуми биле: контактен екцем и контактна уртикарија. Симптомите биле скорирани според Urticaria score, а patch тестирањето било извршено со European standard серија. 163 од 257 пациенти (63.42%) биле позитивни на никел сулфат, 2 пациенти покажале позитивитет на повеќе алергени (мешавина на мириси и кобалт), 83 пациенти добиле влошување на уртикаријата во тек на patch - тестот. Пациентите биле поделени на 2 групи (врз основа на matching pairs). Контролната група била монотераписки лекувана со антихистаминици, додека кај групата 1, покрај ова, била подложена и на исклучување и одбегнување на потенцијалните извори на никел, како и исхрана без никел. По 6-месечно следење (прекин на антихистаминската терапија кај двете групи, модифициран стил на живот кај група 1), заболувањето повторно се појавило кај сите пациенти во контролната група, наспроти 3 пациенти во група 1. Во текот на следните 6 месеци, кај сите пациенти од група 1 дојде до повторно појавување на уртикаријата по прекинување на модифицираниот режим. Полот, возраста, очекувањата на пациентот како и тежината на уртикаријата немале влијание врз еволуцијата на болеста (Pearson correlation coefficient <0.2 со анализа на секој одделен фактор). Предложениот режим е високоефикасен (p=0.378, alpha=0.05 ремисија). Предложено е patch-тестирање како можен релевантен клуч кај хроничната уртикарија. Исхраната без никел може да биде корисна како дијагностички и како терапевтски пристап. Попродлабочени одговори во врска со улогата на сензитивноста на никел кај хроничната уртикарија можат да бидат пронајдени со појаснување на глобалните модели на клеточен одговор на факторите од надворешната средина, преку скрининг на човечкиот геном, по пат на идентификација на библиотеката на сетови на нонесенцијални хаплоидни делециони генски синџири, и идентификација на гените чија делеција предизвикува чувствителност на никел наспроти гените кои ја потврдуваат отпорноста.

21. Апстракт на темата Nickel sensitivity in chronic Urticaria patients објавен во Book of Abstracts,
SAM 2010.
Ноември 2010, Венеција.

22. Постер - презентација: Hypersensitivity reactions to chemotherapy in colorectal malignancies
Grivcheva-Panovska, Vesna, School of Medicine University Ss Cyril and Methodius, Department of Dermatology, Unit of Allergology and Clinical Immunology, Skopje, Macedonia, Fyrom (Presenting); Stardelova, Kalina, School of Medicine University Ss Cyril and Methodius, Department of Gastroeneterohepathology, Skopje, Macedonia, Fyrom
30ти Конгрес на EAACI.
Јуни 2011, Истанбул.

Бројот на хемотерапевтски агенси се зголемува, надминувајќи 100 лека. Употребата на повеќето цитотоксични агенси може да резултира со хиперсензитивност, претставувајќи релевантен проблем. Хиперсензитивните реакции се чести при присуство на платина, таксани, прокарбазин и епиподофилотоксини, и се невообичаени, но можни и кај други хемотерапевтски лекови. Вклучувачки критериуми се: дијагностицирана алергиска реакција кај хистолошки потврден колоректален канцер, кај напредната метастатска болест, возраст до 75 години, COG 0-2, листа на претходно употребувана хемотерапија, пишана информирана согласност. Од 132 пациента (90 мажи, 42 жени) кои беа третирани со оксалиплатин и 5-флуроурацил, 21 (15.91%) развил алергиски реакции; просечна возраст - 49, опсег од 34 до 75, инциденца, n (%) 21/132* (15.91). Историја на алергија: Да n% 8 (38.09) јод 1 (4.76) антибиотици 3 (14.28) храна 2 (9.52) парфеми и козметика 2 (9.52). Статистичка анализа: хи квадрат тест и Фишеровиот егзакт тест за веројатност биле применети за споредба на категориски податоци. Разликите помеѓу средните вредности на континуираните варијабли биле проценети со Студентов т - тест и биле потврдени со Mann-Whitney U-тестот. Кај сите анализи, P - вредноста помала од 0.05 индицирала статистичка значајност. Сите алергиски реакции биле дијагностицирани во тек на 2 часа по инфузијата, најчесто по четвртиот циклус (76.1%), а кај 33.3% од пациентите биле детектирани за помалку од 30 минути. 17 (80.95%0 биле настани од степен 1 или 2, 4 (19.05%) биле тешки, вклучувајќи 1 настан од степен 4. Прик - тестовите биле позитивни на оксалиплатин кај 16 (76.19%), 1 на 5FU (4.76%). Полот, возраста, претходната хемотерапија и историјата на алергија не биле ризик - фактори за овие настани. Прогресијата на туморот и невротоксичноста исто така не биле поврзани со развојот на алергиските реакции. Хемотерапијата заснована на оксалиплатин продолжува да биде третман од прва линија за разни типови на канцер. Потребни се повеќе студии за разјаснување, дијагностицирање и превенција на алергиските реакции на овие агенси. Третманот на алергиските реакции вообичаено вклучува прекин на инфузијата на оксалиплатин и примена на антихистаминици и/или стероиди. Последователниот менаџмент е поконтраверзен. Доколку се очекува пациентот да има корист од понатамошните третмани, пациентите примаат профилактична терапија (на пр. антихистаминици и стероиди) и/или оксалиплатинската инфузија се пушта побавно. Кожните тестови може да бидат потенцијално корисни.Потребен е мултидисциплинарен пристап на пациентите со малигни болести и потенцијални алергии.

23. Апстракт на тема: Hypersensitivity reactions to chemotherapy in colorectal malignancies

Journal of Allergy and Clinical Immunology 2011, Supplement 90, Volume 63; 368:999)

Фактор на влијание: 11.003 (рангирано е како седмо од 139 списанија во областа)

24. Усно предавање на тема: Alexithymia in spontaneous Urticaria

4th International Consensus Meeting on Urticaria.

Ноември 2012, Берлин.

Цел на студијата е анализа на можната поврзаност помеѓу анксиозноста, депресијата и алекситимијата кај пациентите со спонтана уртикарија. Била извршена кросекциона студија на 118 пациенти кои ги исполнуваат EAACI-GA2LEN критериумите за спонтана уртикарија во траење од јануари до јули 2012, а контролната група била составена од 120 здрави доброволци. Сите испитаници го пополниле Urticaria Symptoms and Impact Score USIS (дизајниран од авторот), како и македонската верзија на Marburger Haut Fragebogen MHF (со категории за социјална

анксиозност/избегнување, циклус од јадеж и чешање, беспомошност, анксиозно-депресивно расположение, импакт на квалитетот на живот и дефиниција за активно справување) и Торонто Алекситимија скалата (TAS-26). Пациентите беа на возраст од 25.3±10.7 години, 57.9% жени v.s. 23.8±9.7 години и 58.35% во групата на здрави доброволци. USIS, MHF i TAS-26 средните вредности на пациентите со спонтана уртикарија биле значајно повисоки отколку оние на контролната група (p≤0.01), TAS-26 скорот беше позитивно корелиран со депресија (p=0.38, p=0.001), и анксиозност (p=0.31, p=0.01). Резултатите индицираат дека алекситимијата е фактор кој треба да се земе предвид при лекувањето на пациентите со спонтана уртикарија.

25. **Постер - презентација: Analysis of risk versus benefit of patch testing in senior citizens**
SAM 2012.
Декември 2012, Берлин.

Постојат само мал број на студии кои ги анализираат индикациите и ризиците за patch - тестирање на возрасни пациенти, како и соодветноста на нивната упатеност. 1102 пациента биле упатени за patch - тестирање во 2010 и 2011 година. 983 пациенти беа patch тестирани (на возраст помеѓу 65-89 години). Индикациите беа: 285 (28.99%) пациенти со синдром на жарење на устата; чувствителна пруритична кожа кај 213 (21.66%); сомневање на алергија на топични стероиди кај 122 (12.41%); хроничен екцем кај 112 (11.39%), 98 (9.96%) сомнителни за алергија на детергенти и козметика, и 85 (8.64%) на лично барање, со симптоми кои не може јасно да се поврзат со алергија; можна алергија на преврски на рани кај 68 (6.91%). Patch - тестирањето било извршено по European Standard, Corticosteroid, Cosmetic, Medicament, Dental and Acrylate and Leg Ulcer Chemotechnique series and IQ chambers. Во групата со чувствителна, пруритична кожа, 97 пациенти (45.53%) биле позитивни на најмалку еден алерген (Никел кај 67 пациенти); кај синдромот на жарење на устата 71 пациент (24.91%) биле позитивни на калиум дицијаноаурат, никел сулфат и 46 биле исто така позитивни на аури натриум тиосулфат; кај хроничниот екцем 73 (65.17%) биле позитивни на еден или повеќе алергени (97.26% на никел, 67% на никел и мешавина на мириси); кај групата со топични стероиди 43 (35.24%) биле позитивни на најмалку еден алерген; 29 (42.64%) биле алергични на еден или повеќе алергени во групата со можна алергија на преврски на рани; 57 (58.16%) беа алергични на еден или повеќе алергени во групата со можна алергија на детергенти (од кои сите беа алергични на Никел); и 43 (50.58%) биле позитивни (од кои сите на Никел и 44.7% на два или повеќе алергена). Во групата со симптоми кои не можат јасно да се поврзат со алергија, 49 (57.64%) биле алергични на еден или повеќе алергени. 12 пациента (1.22%) искусиле влошување на симптомите во текот на тестирањето, но не биле забележани животно загрозувачки реакции или реакции кои би побарувале прекинување на тестирањето. Резултатите индицираат висока стапка на позитивност на patch тестирањето кај возрасните пациенти (42.66%), што до води до можни вредни показатели при понатамошниот третман. Високата стапка на сензибилизација од 57.64% кај групата со симптоми кои не можат јасно да се поврзат со алергија ја истакнува потребата од patch - тестирање на возрасните пациенти. Ниската стапка на забележани реакции на тестирањето го потврдува patch - тестирањето како дијагностичко средство со мал ризик.

26. **Предавач на секциски стручно-едукативен состанок со меѓународно учество на тема: "Новини во дерматоалергологијата, употреба на фотопротектори и можна појава на алергиски реакции", со тема: Фотопротективни средства: сојузник или предизвик.**
Скопје, април 2011.

27. **Предавач на секциски стручно-едукативен состанок на тема „Прикази на поретки казуси од дерматолошката практика”**
Дојран, септември 2010.

28. **Учесник во работилница “Декубитуси социоекономски и тераписки аспекти”.**
Скопје, април 2011.

29. **Учесник на Прв курс - III циклус К.Е.Е.А - Респирација и торакс во организација на Европската фондација за Едукација - К.Е.Е.А.**
Дојран, ноември 2011.

30. **Член на Рецензентска комисија за магистерскиот труд на д-р Елена Ангеловска**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Весна Васил Гривчева - Пановска
(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факултет, Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: дерматовенерологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр	Назив на активноста	Број на активности	Поени од формулар	Вкупно поени
1	**Додипломска настава** 1. **Медицински факултет** - дерматовенерологија (2008-2013)	14/15*5	0.04	2.8
	- здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести (2008-2013)	6/15*5	0.04	0.08
	2. **Тригодишни студии за медицински сестри, техничари, физиотерапевти, логопеди и рендген технолози при Медицинскиот факултет** - дерматовенерологија (2008-2013)	6/15*5	0.04	0.08
	3. **Стоматолошки факултет** - дерматовенерологија (2008-2013)	3x5	0.04	0.04
	Вкупно:			**3**

2	**Настава во школи и работилници** 1. Учесник во работилница: "Декубитуси социоекономски и тераписки аспекти"-Скопје, април 2011 2. Учесник на Прв курс – III циклус К.Е.Е.А. – Респирација и торакс во организација на Европската фондација за едукација – К.Е.Е.А.-Дојран, ноември 2011	1 1	1 1	1 1
	Вкупно:			**2**
3	**Консултации со студенти** 1. Дерматовенерологија за студенти по медицина (2008-2013) 2. Дерматовенерологија за студенти по стоматологија (2008-2013) 3. Дерматовенерологија за студенти од тригодишни стручни студии (2008-2013) 4. Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести (2008-2013)	200 студенти*5 години 100 студенти*5 години 50 студенти*5 години 200 студенти*5 години	0.002 0.002 0.002 0.002	2 1 0.5 2
	Вкупно:			**5.5**
4	**Одржување на настава од прв циклус студии (вежби) по предметот дерматовенерологија (5 години)**	12*15*5	0.03	**27**
	Вкупно:			**27**
5	**Изработка на семинарски труд** 1. Дерматологија за студентите на медицина (5 години)	2 часа*5	0.03	0.3
	Вкупно:			**0.3**
6	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** 1. Дипломска работа од Високата школа за сестри, физиотерапевти и логопеди	1 студент	0.1	0.1
	Вкупно:			**0.1**
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**	1 студент	0.3	0.3
	Вкупно:			**0.3**
			Вкупно:	**38,2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.бр	Назив на активноста	Број на активности	Поени од формулар	Вкупно поени
1	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**			
	31. Secondary pellagra. Case study Весна Гривчева - Пановска, Physioacta (ISSN 1857-5887) – Волумен 6-3, 2012	1	6	6
	32. Hereditary angioedema: Validation of the end point time to onset of relief by correlation with symptom intensity Jonathan A. Bernstein, M.D.,[1] Bruce Ritchie, M.D.,[2] Robyn J. Levy, M.D.,[3] Richard L. Wasserman, Ph.D., M.D.,[4] Againdra K. Bewtra, M.D.,[5] David S. Hurewitz, M.D.,[6] Krystyna Obtułowicz, M.D.,[7] Avner Reshef, M.D.,[8] Dumitru Moldovan, M.D.,[9] Todor Shirov, M.D.,[10] **Vesna Grivcheva-Panovska, M.D.,**[11] Peter C. Kiessling, Ph.D.,[12] Heinz-Otto Keinecke, M.S.,[13] and Timothy J. Craig, M.D.[14], Allergy Asthma Proc 32:36–42, 2011; doi: 10.2500/aap.2011.32.3404;	0.6	6+1.735	5.335
	33. Population pharmacokinetics of plasma-derived C1 esterase inhibitor concentrate used to treat acute hereditary angioedema attacks Jonathan A. Bernstein, MD*; Bruce Ritchie, MD†; Robyn J. Levy, MD‡; Richard L. Wasserman, MD, PhD§; Againdra K. Bewtra, MD¶; David S. Hurewitz, MD ||; Krystyna Obtulowicz, MD#; Avner Reshef, MD**; Dumitru Moldovan, MD††; Todor Shirov, MD‡‡; **Vesna Grivcheva-Panovska, MD§§**; Peter C. Kiessling, PhD¶¶; Fritz Schindel, MS |||; and Timothy J. Craig, DO## Ann Allergy Asthma Immunol. 2010;105:149 –154	0.6	6+2.677	6.277
	34. Efficacy of human C1 esterase inhibitor concentrate compared with placebo in acute hereditary angioedema attacks Timothy J. Craig, MD,[a] Robyn J.	0.6	6+11.003	14.603

	Levy, MD,[b] Richard L. Wasserman, PhD, MD,[c] Againdra K. Bewtra, MD,[d] David Hurewitz, MD,[e] Krystyna Obtuıowicz, MD,[f] Avner Reshef, MD,[g] Bruce Ritchie, MD,[h] Dumitru Moldovan, MD,[i] Todor Shirov, MD,[j] **Vesna Grivcheva-Panovska**, MD,[k] Peter C. Kiessling, PhD,[l] Heinz-Otto Keinecke, MS,[m] and Jonathan A. Bernstein,MD[n] *Hershey, Pa, Atlanta, Ga, Dallas, Tex,Omaha, Neb, Tulsa, Okla, Krakow, Poland, Tel Hashomer, Israel, Edmonton, Alberta, Canada, Tirgu Mures, Romania, Sofia, Bulgaria, Skopje, Republic of Macedonia, Marburg, Germany, and Cincinnati, Ohio* (Journal of Allergy and Clinical Immunology 2009;124:801-8.)			
	Вкупно:			**32.215**
2	**Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно/стручно списание** **1. HENOCH-SCHŐNLEIN PURPURA IN ADULT PATIENT: EXTRAGASTRIC, CUTANEOUS MANIFESTATION OF HELICOBACTER PYLORI INFECTION** ***Весна Гривчева-Пановска,*** *Калина Старделова, Владимир Серафимоски* МАНУ, Прилози; 2008 Јул;29(1):291-301 . ПМИД: 18709017. Одделение за биолошки и медицински науки. **2. Акутна абдоминална болка со спонтана резолуција како патоказ кон поставување на дијагнозата на Oedema Angio Hereditarium** ***Весна Гривчева-Пановска,*** *Калина Старделова, Владимир Серафимоски* МАНУ, Прилози; 2012;33(2) ПМИД: 18709017. Одделение за биолошки и медицински науки.	0.8 0.8	4 4	3.2 3.2
	Вкупно:			**6.4**
3	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** 1. Кутани манифестации на гастроинтестинални болести; IV	1	3	3

	конгрес на дерматовонеролозите на Република Македонија; Охрид, септември 2009.			
	Вкупно:			**3**
4	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** 1. Природни препарати во дерматологијата - Симпозиум: Рационална примена на препарати од природно потекло во аптеките; Скопје, мај 2010	1	2	2
	Вкупно:			**2**
5	**Секциско предавање на научен/стручен собир** 1. Прикази на поретки казуси од дерматолошката практика; Дојран, септември 2010	1	1	1
	Вкупно:			**1**
6	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** 1. Фотопротективни средства: сојузник или предизвик. Состанок на тема: Фотопротективни средства: сојузник или предизвик; Скопје, април 2011	1	2	2
	Вкупно:			**2**
7	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** 1. Антиципација на пациентот кај хроничните алергиски болести; Justus-Liebig-Universität Giessen, Giessen, декември 2011	1	3	3
	Вкупно:			**3**
8	**Национален координатор на меѓународен научен проект** 1. COST Action: BM 1007 2. A European Multicenter study on depression, anxiety, quality of life and attachment among adult patients with common skin disorders	1 1	6 6	6 6
	Вкупно:			**12**
9	**Учество на научен/стручен собир со реферат** **- Усна презентација** 1. Nickel sensitivity in chronic Urticaria patients; SAM 2010: Венеција, Ноември 2010 2. Alexithymia in spontaneous Urticaria; 4th International Consensus Meeting on Urticaria; Берлин, Ноември 2012 **- постер** 1. Chronic medications as possible cause of chronic eczema in elderly adults; 27ми конгрес на EAACI; Барселона, Јуни 2008 2. Hypersensitivity reactions to chemotherapy in colorectal malignancies; 30ти конгрес на EAACI; Истанбул, Јуни	1 1 1 1	1 1 0.5 0.5	1 1 0.5 0.5

	2011 3. Analysis of risk versus benefit of patch testing in senior citizens; SAM 2012; Берлин, Декември 2012	1	0.5	0.5
	Вкупно:			**3.5**
89	Irina Panovska-Stavridis, Lidija Cevreska, Dusko Dukovski, Nadica Matevska, Aleksandar Dimovski. Evaluation of the JAK2V617F mutations using allele-specific PCR assay in patients with myeloid malignancies in Republic of Macedonia. Abstract book, p.13(poster) MPN&MPNr-EuroNet Second Workshop. October 2010.Albufeira ,Portugal	1
90	Irina Panovska, Martin Ivanovski, Sanja Trajkova, Aleksandra Pivkova, Sonja Genadieva-Stavric, Liljana Hadzi-Pecova, Arif Latifi, Dejan Trajkov, Mirko Spiroski, and Lidija Cevreska. A Case Report of Aggressive Adult Neuroblastoma Mimicking Acute Leukemia with Fulminant Course and Fatal Outcome. Blood (ASH Annual Meeting Abstracts), Nov 2008; 112: 4893	1

91	Irina Panovska, Nadica Matevska, Martin Ivanovski, Sanja Trajkova, Aleksandar Stojanovik, Aleksandar Dimovski, and Lidija Cevreska. Identification of Homozygous JAK2V617F Mutation in Unfractioned Blood Samples in a Substantial Proportion of Myeloproliferative Disorders: Long Term Follow-Up Study. Blood (ASH Annual Meeting Abstracts), Nov 2007; 110: 4644	1
92	Liljana Hadzi-Pecova, Gordana Petrusevska, Irina Panovska, Svetlana Stankovic, and Aleksandar Stojanovik. Collagen Type IV as Independent Prognostic Factor for Non-Hodgkin's Lymphoma. Blood (ASH Annual Meeting Abstracts), Nov 2005; 106: 4708	1
93	Panovska-Stavridis, L Hadzi-Pecova,S Trajkova, A Stojanovic, L Cevreska. Current diagnostic approach in acute myeloid leukemia (AML) opatients and a proposal for minimal screening based clinical stratification: single centre experience. Haema 2010;1(3) p.239. (oral presentation)	1
94	I. Panovska-Stavridis, L Cevreska , A Stojanovic, M Ivanovski, S Trajkova,d Dukovski, N Matevska, A Dimovski .Evaluation of the JAK2V617F mutation sby PCR- direct sequencing and allele specific PCr assay in patients with myelid malignancies: single centre experience. Haema 2010;1(3) p.242. (oral presentation)	1
95	A PivkovaVeljanovska, S Genadieva Stavrik, Z Stojanoski, L Cevreska, S Trajkova, I Panovska Stavridis, S Krstevska Balkanov, B Georgievski. Peripheral blood stem cell collection and mobilization for autologous transplantation: procedures, efficiency and risks. Haema 2010;1(3) p.259 (poster)	1
96	И. Пановска, М. Ивановски, А. Стојановиќ, О. Каранфилски, Б. Георгиевски. Евалуација на преживуваньрто на пациентите со хронична лимфатична леукемија: искуства на Клиниката за хематологија-Клинички центар-Скопје. XVII конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество 2007, Зборник на апстракти, стр. 181, С-8.	1
97	I Panovska-Stavridis ,N Matevska ,M Ivanovski ,S Trajkova ,M Lozance ,A Stojanovik ,A Dimovski ,L Cevreska. JAK2V617F mutations: implications in the diagnosis and prognosis of the patients with classic BCR-ABL negative myeloprolife-ratuive neoplasms (MNS): single center long term follow up-study. Hematologica 2008/s1,p510, abstract 1328	1
98	S Trajkova ,A Stojanovic ,I Panovska-Stavridis, G Petrusevska ,O Karanfilski ,A Pivkova ,B Georgievski ,S Stankovic ,T Sotirova ,S Trpkovska ,M Pavkovik ,A Ljatifi ,DD Dukovski ,CL Cevreska. Hypermutation Of The Bcl6 Gene In Primary Mediastinal Lymphoma And Other Types Of Diffuse Large B Cell Lymphoma. Hematologica 2009/ S2, p.641 abstract 1669	1
99	A. Pivkova, S Genadieva Stavrik, Z. Stojanoski, L. Cevreska, S. Krstevska Balkanov, S. Trajkova, I. Panovska Stavridis, O. Karanfilski, B. Georgievski. Validation of the predictive power of the hematopoietic cell transplantation comorbidity index (HCT-CI), performance status for non relapse mortality	1

	(NRM) and long term survival after autologous transplantation in patients with hematological malignancies. Bone Marrow Transplantation 2011, Vol 46, Supp1,p.1109	
100	Pivkova Veljanovska Aleksandra, Genadieva Stavrik Sonja, Stojanoski Zlate, Cevreska Lidija, Trajkova Sanja, Panovska Stavridis Irina, Krstevska Balkanov Svetlana, Georgievski Borce. Adverse events related to PBPC collection and mobilization for autologous transplantation in 10 years experience: procedures, efficiency, variables related to collection and safety profile. Bone Marrow Transplantation 2010, Vol 45, Supp2,p.456	1
101	Cevreska l, Panovska-Stavridis I, Ivanovski M, Georgievski B. Distinct immunoglobulin variable heavy chain genes as possible early prognostic indicator for allogeneic stem cell transplantation in patients with chronic lymphocytic leukemia. Bone marrow Transplantation 2007, Vol 39, Supplement 1, P453	1
102	S Trajkova, I.Panovska-Stavridis , A. Stojanovic, G Petrusevska, D.Dukovski, and L.Cevreska. Association between the immunohistohemical GCB/non GCB classification and the outcome of the patient with diffuse large B cell lymphoma treated with Rituximab-CHOP regimen: single centre experience. Hematologica 2011, Supp1,p933	1
103	Cevreska L, Pivkova A, S. Genadieva-Stavric, A. Pivkova, Z. Stojanovski, I. Panovska, O.Karanfilski, Georgievski B. Long-term follow-up of autologous transplant in AML patients in first complete remission-five year single-centre experience. Bone marrow Transplantation 2007, Vol 39, Supplement 1, R1142	1
104	S Trajkova, I.Panovska-Stavridis , A. Stojanovic, G Petrusevska, D.Dukovski, and L.Cevreska. Association between the immunohistohemical GCB/non GCB classification and the outcome of the patient with diffuse large B cell lymphoma treated with Rituximab-CHOP regimen: single centre experience. Hematologica 2011, Supp1,p389	1
105	Cevreska L, Pivkova A, S. Genadieva-Stavric, A. Pivkova, Z. Stojanovski, I. Panovska, O.Karanfilski, Georgievski B. Long-term follow-up of autologous transplant in AML patients in first complete remission-five year single-centre experience. Bone marrow Transplantation 2007, Vol 39, Supplement 1, R1142	1
106	I. Panovska-Stavridis, N.Matevska, M.Ivanovski, S.Trajkova, D. Dukovski, A. Pivkova-Veljanovska, L. Cevreska, A. Dimovski. Frequency and clinical correlates of JAK2 46/1 haplotype in Essential Thrombocythemia: single center experience. Lijecnicki vjesnik 2011; supp 4(133):102(poster)	1
107	S.Trajkova, I. Panovska-Stavridis, Stojanovik A, Petrusevska G, Dukovski D, Cevreska L. Immunoblastic morphology as a possible prognostic indicator for the outcome of the patients with diffuse large B cell lymphoma in era of the Rituximab based treatment: single centre experience. Lijecnicki vjesnik 2011; supp 4(133):99.	1

108	L. Hadzi-Pecova, A.Stojanovik, Petrusevska G, I. Panovska, Z.Stojanovski. Atipical blastoid variant of hairy cell leukemia: a case report. Lijecnicki vjesnik 2011; supp 4(133):111.	1
109	S.Trajkova I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, D.Dukovski, O.Karanfilski, A.Pivkova-Veljanovska, M.Popova-Simjanovska, S.Trpkova-Terzieva, L.Cevreska. Rituximab maintenance therapy versus re-treatment at progression in patients with indolent NHL. Abstract book 2011. 6th Balkan Day of Hematology, Belgrade, Serbia.	1
110	S.Trajkova I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, D.Dukovski, L.Cevreska. Rituximab maintenance therapy in difusse large B-cell lymphoma. Critical reviews in Oncology hematology 2012; 82 Supp 1:22	1
111	D.Dukovski, S.Trajkova I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, L.Cevreska. Re-tretment versus rituximab maintenance therapy at progression in patients with follicular lymphomas. Critical reviews in Oncology hematology 2012; 82 Supp 1:23	11
112	S.Trajkova, L.Cevreska, A.Stojanovik, M.Ivanovski, D.Dukovski, I.Panovska-Stavridis. Combination of the distinct clinical and biological markers of CLL patients in their prognostic stratification: preliminary results from single center experience. Hematologica 2012 supp 1	1
113	D.Dukovski, , L.Cevreska , S.Trajkova, M.Ivanovska, M.Popova, I. Panovska-Stavridis. Two steps flow-cytometric diagnosis of acute leukemia:single center experience. Hematologica 2012 supp 1	1
114	I.Panovska-Stavridis , N.Matevska, M.Ivanovski, S.Trajkova, D.Dukovski A.Stojanovik, L.Cevreska, A.Dimovski. The C allele of JAK2 RS12343867 designate the genetic basis of myeloproliferative neoplasm in the Macedonian population. Hematologica 2012 supp 1	1
115	S.Trajkova I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, M.Ivanovski, D.Dukovski, M.Popova-Simjanovska, G.Petrusevska, L.Cevreska. MUN1/IRF experession as a adverseprognostic factor in a subset of germinal center B lymphoma-single centre experience. 1st Congress of the Macedonian Hematology Association and 7th Balkan Day of Hematology Abstact book 2012, Skopje Macedonia	1
116	D.Dukovski, I.Panovska-Stavridis, S.Trajkova, M.Ivanovski, M.Popova-Simjanovska, L.Cevreska . Efficient and cost –effective antibody panel for flow-cytometric diagnosis of acute leukemia:single centre experience. 1st Congress of the Macedonian Hematology Association and 7th Balkan Day of Hematology Abstact book 2012, Skopje Macedonia	1
117	S.Trajkova I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, M.Ivanovski, D.Dukovski, M.Popova-Simjanovska, L.Cevreska. Prognostic model for stratification of patients with CLL. 1st Congress of the Macedonian Hematology Association	1

	and 7th Balkan Day of Hematology Abstact book 2012, Skopje Macedonia	
118	D.Dukovski, M.Ivanovski, S.Trajkova M.Popova-Simjanovska, L.Cevreska , I.Panovska-Stavridis. The diagnostic value of CD123 in HCL and other B-cell disoreders with hairy lymphocytes. 1st Congress of the Macedonian Hematology Association and 7th Balkan Day of Hematology Abstact book 2012, Skopje Macedonia	1
119	M.Popova-Simjanovska, S.Trajkova, I.Panovska-Stavridis, A.Stojanovik, D.Dukovski, M.Ivanovski, L.Cevreska. Interferon alfa in management of essential thrombocytemia-single center experience. 1st Congress of the Macedonian Hematology Association and 7th Balkan Day of Hematology Abstact book 2012, Skopje Macedonia	1
120	Irina Panovska Stavridis, Pivkova-Veljanovska A. Ivanovski M, Matevska N, Eftimov A, Dimovski A. Preliminary results of introducing of jak2 sequencing in the diagnosis of BCR-ABL negative myeloproliferative neoplasm in Republic of Macedonia. Sixth MPN&MPNr-Euronet Workshop; Billund Denmakr 2012.Abstract book.	1
121	Irina Panovska Stavridis, L.Cevreska, M.Ivanovski, S.Trajkova, A.Dimovski. The "C" allele of JAK2 RS 12343867 designate the genetic basis of essential thrombocytemia in the Macedonian population independent of the JAK2V617F mutation status. Sixth MPN&MPNr-Euronet Workshop; Billund Denmakr 2012.Abstract book.	1
12	**Апстракти објавени во зборник на конференција/ национална:**	
	L Cevrevska, B Georgievski, S Genadieva-Stavrik, I Panovska, Z Stojanovski, A Pivkova. Autologous transplantation in patients with AML in first remission. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Panovska I, Georgievski B, Cevreska L, Efremov D, Stojanovski Z, Pivkova A. Nonmyeloablative stem cell transplantation: our first experience-case report. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Lozance M, Genadieva-Stavrik S, Cevrevska L, Karanfilski O, Stankovik S, Siljanovski N, Pavkovik M, Panovska I. Successful prophylaxis and treatment of fungal infections in patients with acute leukemia.VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Pivkova A, Georgievski B, Cevreska L, Stojanovski Z, Panovska I, Krstevska – Balkanov S. Thrombotic thrombocytopenic purpura(TTP) and/or haemolytic uremic syndrome (HUS) in allogeneic transplants recipients. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5

	Georgievski B, Cevreska L, Efremov D, Stojanovski Z, Panovska I, Pivkova A, Milenkov V, Dukovski R, Gerasimovska P. Hematopoetic stem cell transplantation (HSCT) in the treatment of hematological malignancies-single center experience. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Pivkova A, Georgievski B, Stojanovski Z, Panovska I, Efremov D. Cryopreservation of hematopoetic stem cells: single center experience and results. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Georgievski B, Cevreska L, Efremov D, Stojanovski Z, Panovska I, Genadieva-Staviric S, Krstevska-Balkanov S, Pivkova A. Autologous bone marrow transplantation (ABMT) without cryopreservation in the treatment of hematological malignancies. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.	0.5
	Stojanovski Z, Georgievski B, Pivkova A , Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Pavkovik M, Panovska I. Early infective complications after high-dose chemotherapy and stem cell-transplantation. VII National Congress of clinical and transfusion hematology 2003, Sofia, Bulgaria.(early infectons)	0.5
	Вкупно:	**271,125**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Стручна монографија објавена во странство**	
	"Cancer Treatment / Book 3", ISBN 978-953-307-1362-5	**7.2**
2.	**Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на здравството/првпат во државата воведена метода**	
1	Флоуцитометриска мултипараметарска имунофенотипизација на акутни леукемии кај возрасни,	**4**
2	Флоуцитометриска мултипараметарска имунофенотипизација на адултните хронични лимфорполиферативни болести	**4**

3	Детекција на минималната резидулана болест кај адултите со акутна леукемија	**4**
4	Флоуцитометриска квантификација на матични хематопоетски клетки кај адултите	**4**
5	Флоуцитометриска мултипараметарска имунофенотипизација и прогностичка стратификација на детските акутни леукемии	**4**
6	Флоуцитометриска детекција на минималната резидуална болест кај детските акутни леукемии	**4**
7	Флоуцитометриска дијагностика на пароксизмалната ноќна хемоглобинурија	**4**
8	Флоуцитометриска квантификација на матични хематопоетски клетки во детската популација	**4**
9	Вовела метод за детекцијата на JAK2B617Ф онкогенот во дијагностиката на хроничните миелопролиферативни заболувања	**4**
3.	**Превод на дел од книга**	
	Учебник: Канцер:онколошки принципи и практика на ДеВита, Хелман и Розенберг, прв и втор том.	**1x2=2**
4.	**Раководител на лабораторија**	
	Раководител на отсекот за имунохематологија (Лабораторија за имунохематологија) на Клиниката за хематологија	**1**
5.	**Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството/раководител**	
	1. Главен истражувач од МКД во студијата "STAR- safety, effectiveness and patient acceptance of the treatment with MABCAMPATH in Chronic lymphocytic leukemia" Post-marketing surveillance study. 2. Главен истражувач во интернационалната клиничка студија: ГСК 1841157. 3. Главен истражувач во интернационалната клиничка студија: Glaxo Smith Cline name patient program. 4. Главен истражувач во студијата "An open-label, single arm study of MK-8808 in patients with advanced CD20-positive follecular lymphoma". 5. Раководител на апликативен проект за основање на Лабораторија за цитогенетика при Универзитетската клиника за хематологија **реализирана од страна на МОН-РМ.**	**5x2 = 10**

6.	**Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството/учесник**	
	1.Помлад истражувач во студијата CLL-1 EORTC 06991: Fludarabine versus high-dose chlorambucil in advanced B-cell chronic lymphocytic leukemia na Leukemia Cooperative Group of the European Organization for Research and Treatment of Cancer (EORTC) на кој главен истражувач била проф. д-р Лидија Чевреска . 2.Помлад истражувач во студијата EORTC 06941: A feasibility study for the therapy of chronic myeloid leukemia (CML) with recombinant interferon alpha (rIFN-alpha) plus all-trans retinoic acid (ATRA) на кој главен истражувач била проф. д-р Лидија Чевреска. **3.** Помлад истражувач во студијата CLL-3 EORTC 06992: Low dose chlorambucil maintenance vs. no treatment following high-dose chlorambucil induction in patients with advanced B-cell chronic lymphocytic leukemia, на Leukemia Cooperative Group of the European Organization for Research and Treatment of Cancer (EORTC) на кој главен истражувач била проф. д-р Лидија Чевреска. 4.Помлад истражувач во студијата: A randomized phase III study of the EORTC LG: EORTC 06951 "ALL-4: A randomized phase III trial comparing dexamethasone with prednisone in induction treatment and peripheral blood progenitor cell (PBPC) transplantation in adolescent and adult acute lymphoblastic leukemia and lymphoblastic lymphoma" на Leukemia Cooperative Group of the European Organization for Research and Treatment of Cancer (EORTC) на кој главен истражувач била проф. д-р Лидија Чевреска. 5. Ко-истражувач во студијата: A non-comparative, multicentre, repeat dose safety in use study of Neukine (Filgrastim) in patients receiving chemotherapy known to induce neutropenia 6. Ко-истражувач во студијата CELG-AML1 студијата"A non-interventional prospective study to test the feasibility to perform chemotherapy and stem cell transplantation in patients with acute myeloid leukemia (AML)". **7.** BO22334 SABRINA: A two-stage phase III, international, multi-center, randomized, controlled, open-labeled study to investigate the pharmacokinetics, efficacy and sfety of Rituximab SC in combination with CHOP or CVP versus Rituximab IV in combination with CHOP or CVP in patients with previously untreated follicular lymphoma followed by maintenance treatment with either Rituximab SC or Rituximab IV	7x1=7
	Завршена специјализација во областа на медицинските науки	
	Интерна медицина	**2**

	Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки	
	Супспецијалистички испит по специјалноста хематологија и се стекнала со звањето супспецијалист по хематологија	**1**
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	
	18. Macedonian medical student congress-international, May 1994	**1**
	Награда за научни постигнувања од струкова организација/самостојни	
	1.Награда за најдобар млад истражувач на PanPacific Lymphoma Conference, која се одржа од 20 до 23 јули 1999 год. во The Hyatt Regancy Kauai, The Island of Kauai, Hawai, спонзорирано од The University of Nebraska Medical center, студијата под наслов: Low prevalence of chronic hepatitis C virus infection in B-cell Non-Hodgkin's lymphoma patients from a population with high prevalence of healthy HCV carriers. 2. Пофалница од страна на МЛД. 3. Добитник на престижната награда на American Society of Hematology Visiting Trainee Program Award. 4. Награда за најдобра усмена презентација на 21. Congress of the Hellenic Society of Hematology (5th Balkan hematology days).	**12**
	Студиски престој во странство:	
	1. Награда за најдобар млад истражувач на PanPacific Lymphoma Conference, која се одржа од 20 до 23 јули 1999 год. во The Hyatt Regancy Kauai, The Island of Kauai, Hawai, спонзорирано од The University of Nebraska Medical center, за студијата под наслов: Low prevalence of chronic hepatitis C virus infection in B – cell Non Hodgin's lymphoma patients from a population with high prevalence of health HCV carriers. 2. Пофалница од страна на МЛД 3. Добитник на престижната награда на American Societiy of Hematologs Visiting Trainee Program Award 4. награда за најдобра орална презентација на 21 Congress of the Hellenic Society of Hematology (5th Balkan hematologs days). 1. Интернистичкиот студентски стаж го остварила на Одделот за интерна медицина во "Пулидо Валенте Хоспитал" во Лисабон, Португалија (1 месец). **2. Септември-Декември 1999: стручен престој во Royal Marsden Hospital** во Лондон во тек на три месеци	**3**

	3. Јуни 2000: стручен престој во Royal Marsden Hospital во Лондон во тек на еден месец 4. Декември 2001:стручен престој во Центарот за трансплантација на хематопоетски клетки на Клиниката "Г. Папаниколау", Солун, Грција 5. Октомври-Декември 2004: стручна обука за флоуцитометрија во Camcer Research Center & Royal Marsden Hospital во Суттон, Лондон, Англ 6. 2009: обавила стручна едукација во траење од 20 недели од областа на клиничката хематологија и експерименталната молекуларна имунологија на Feinstain Institute for Medical research & Long island Jwingh Hospital, North Shope University, Long Island, NY, USA.	
	Членство во извршно тело на меѓународна организација кој подржува научно-истражувачка дејност/член	
	член на managing committe for COST Action BM092	**2**
	Подготовка на национални документи	
	Соработник во изработката на "Упатствата за практикување на медицина заснована на докази", издадени од Министерството за здравство на Република Македонија во 2006 година.	**2**
	Вкупно:	**86.2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**68.08**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**271.125**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**86.2**
Вкупно:	**425,405**

Членови на комисијата:

1.Академик проф. д-р Владимир Серафимоски, претседател, с.р.

2.Проф. д-р Милчо Богоев, член, с.р.

3. Проф. д-р Стевка Богдановска, член, с.р.

4.Проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска, член, с.р.

5. Проф. д-р Борче Георгиевски, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК

Комисијата опстојно, детално и внимателно ја разгледа целокупната приложена документација за рецензија од кандидатите и направи увид во сите релевантни податоци важни за избор на наставници и соработници, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Комисијата едногласно има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет за избор на 2 наставника по предметот интерна медицина – ЈЗУ Клиника за гастроентерохепатологија да ги предложи доц. д-р Мери Трајковска и доц. д-р Магдалена Генадиева-Димитрова за избор во звањето **вонреден професор,** а за избор на 1 наставник по предметот интерна медицина–ЈЗУ Клиника за хематологија ја предлага доц. д-р Соња Генадиева-Ставриќ за избор во **вонреден професор.**

Рецензентска комисија

1.Академик проф. д-р Владимир Серафимоски, претседател, с.р.

2.Проф. д-р Милчо Богоев, член, с.р.

3. Проф. д-р Стевка Богдановска, член, с.р.

4.Проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска, член, с.р.

5. Проф. д-р Борче Георгиевски, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЧЕТИРИР ВОНРЕДНИ ПРОФЕСОРИ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, по конкурсот за избор на 4 наставници во сите звања по предметот хирургија, објавен на 24. 11. 2012 година во весникот „Утрински весник", формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Илија Панговски
2. проф. д-р Мирче Симеонов
3. проф. г-р Горан Кондов
4. проф. д-р Перо Петровски
5. проф. д-р Никола Јанкуловски.

На распишаниот конкурс се пријавија: доц. д-р Миле Петровски, доц. д-р Сашко Јовев, доц. д-р Игор Кафтанциев и доц. д-р Ѓорѓи Јота

Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација и врз основа на тоа го изготви следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Доц. д-р Миле Петровски

Биографски податоци

Доц. д-р Миле Петровски е роден на 9. 3. 1959 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1977/78 година, каде што дипломирал во 1984 година, со среден успех 9,54. Од 1985 год. е вработен на Клиниката за детска хирургија во Скопје. Специјализација по детска хирургија му е одредена на 18. 1.1988 год., а специјалистичкиот испит по детска хирургија го положил во 1992 год. За помлад асистент по предметот хирургија е избран во 1989 год., за асистент по истиот предмет е избран во 1993 год., а реизбран е во истото звање во 1997, 2001 и 2007 година. Во мај 2008 година е избран за доцент по предметот хирургија.

Педагошка активност

Доц. Миле Петровски, како помлад асистент, а потоа и како асистент беше редовно и активно вклучен во изведувањето на практичниот дел на наставата по предметите хируршка пропедевтика, воена хирургија и општа хирургија. Ја изведувал и теоретската настава по хирургија за учениците во МУЦ "Д-р Панче Караѓозов" во Скопје во учебната 1996/97 до 1999/2000 година. При тоа прикажуваше

методичност и систематичност во совладувањето на поставените обврски. По изборот за доцент вклучен е во наставата по предметот хирургија и клиничко испитување за студентите по медицина, како и во теоретската настава за студентите од Високата школа за медицински сестри и радиолошки техничари при Медицинскиот факултет во Скопје. Во постдипломската настава спроведувал семинари и менторирал трудови за специјализантите по општа, детска хирургија, урологија и педијатрија. Ментор е на повеќе специјализанти по општа о детска хирургија. Д-р Петровски, воедно, активно е вклучен во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина и специјализантите по хируршките дисциплини. Сметаме дека неговиот сериозен пристап кон материјалот по општа и детска хирургија претставува квалитет во изведувањето на теоретската и практичната настава.

Стручно-здравствена работа

Доц. Петровски, преку секојдневната работа на Клиниката за детска хирургија, активно учествува во решавањето на стручните проблеми во областа на детската хирургија, како рутинските така и најсложените, особено од областа на неонаталната хирургија и детската урологија. Во текот на 1993 год. престојувал во Институтот "Н. И. Пирогов" во Софија, Р. Бугарија, на двомесечно постспецијалистичко усовршување од областа на детската урологија. Во 1994 год. го завршил "Salzburg Cornell Seminar" во Салцбург, Австрија, од областа на детската урологија и неонатална хирургија. Во текот на 1999 и 2000 год., на Универзитетот за постдипломски студии за здравствени науки во Будимпешта, Унгарија, ги завршил студиите од областа на здравствениот менаџмент. Во септември 2001 год. престојувал еден месец на Универзитетската детска хируршка клиника во Грац, Австрија. Во септември 2006 год., во Мишколц, Унгарија, ја реализирал работилницата од областа на детската хирургија, организирана од Европското здружение на детски хирурзи.

Учествувал како соработник-истражувач за вродени аномалии во научноистражувачкиот проект на Министерството за наука на Р. Македонија: "Македонска мултицентрична студија за леталните коскени дисплазии (1996-1998 год.)". Раководел со проектот од областа на здравството, кој е финансиран од Институтот отворено општество - Македонија со наслов: "Едукативна програма за правовремена дијагноза и адекватно лекување на хируршки коректабилните аномалии на дигестивниот и уринарниот тракт (1999-2004 год.)".

Во јуни 1999 год. одобрена му е изработка на докторска дисертација со наслов: "Индикатори за предоперативна и постоперативна евалуација на конгениталната унилатерална опструкција на пиело-уретералниот сегмент во детската возраст". Ја одбранил докторската дисертација во декември 2004 год.

Од 1998 год. се наоѓа на функцијата шеф на Одделот за неонатална и доенечка хирургија, а од 1994 до 1998 год. бил на функцијата шеф на Отсекот за детска урологија на Клиниката за детска хирургија во Скопје. Ја извршувал функцијата претседател на Упрвниот одбор на Клиниката за детска хирургија, веднаш по основањето на Клиниката во 2008 година.

По изборот во звањето доцент, доц. Петровски вовел три нови хируршки методи во рутинската практика на Клиниата за детска хирургија: ендоскопски пристап во лекување на везикоуретералниот рефлукс; Duhamel-ова процедура оперативното лекување на M. Hirschsprung; корекција на хипосапдија по методот на Snodgrass.

Избран е за член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во два мандатни периода (од 2009 год. и од 2011 год.), како и за член на Одборот за специјализации и супспецијализации во истите мандатни периоди.

Бил секретар на Здружението на детските хирурзи на поранешна Југославија. Член е на здруженијата на хирурзи и на детските хирурзи на Р. Македонија.

Со одлука на министерот за здравство на Р. Македонија, од 2011/2012 год. ангажиран е како експерт за изготвување на протоколи за медицина базирана на докази од областа на детската хирургија.

Добитник е на Пофалница, Благодарница и Плакета од Македонското лекарско друштво. Делегат е во Собранието на Лекарската комора на Македонија.

Активно учествува во работата на Националната фондација за трансплантација, како член на Комисијата за едукација и во Бордот на научните собири кои ги организирала Фондацијата.

Научна дејност

Доц. д-р Миле Петровски е автор на монографски учебник од областа на детската хирургија, еден е од коавторите на Прирачникот за лекари и автор е на првиот Практикум за вежби по хируршка пропедевтика. Исто така, автор и коавтор е на 119 труда, дел од нив се објавени во целост во повеќе списанија, а другите се презентирани на домашни и меѓународни конгреси и стручни состаноци. Трудовите се од областа на детската хирургија, а најголем дел се посветени на неонаталната хирургија и детската урологија. Трудовите изработени по изборот во звањето доцент имаат големи стручно/научни достигнувања, а поголем дел од нив се рецензирани при нивното публикување.

Анекс 2.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Миле Бранко Петровски
(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факултет, Скопје, УКИМ, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија, Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: хирургија

НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на актив-ности	Поени од форму-лар	Поени

1.	Одржување на настава			
	- прв циклус студии	100	0,04	4
	- втор циклус студии	30	0,05	1,5
2.	Одржување на вежби	900	0,03	27
3.	Консултации со студенти	800	0,002	1,6
4.	Член на комисија за одбрана на специјалистичка работа	3	0,2	0,6
5.	Ментор на специјалистичка работа	3	1	3
6.	Член на комисија за одбрана на дипломска работа	3	0,1	0,3
7.	Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса	624	0,06	37,44
	ВКУПНО:			75,44

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	**Одбранета докторска теза**	1	8	8
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/ стручно списание** *1. Дислоцирани екстезиони супракондиларни фрактури на хумерусот во детската возраст* Л. Тодоровиќ, Петровски П., Петровски М., Димов А., Камилоски М., Симеонов Р., Мишоски М., Зафирова Е. Acta orthopedic et traumatologica macedonica, том 6, бр. 1 (36-41), Скопје, 2009. *2. Етика на трансплантација на органите во детската возраст* Чадиковски В. Димов А., Петровски М., Петровски П., Симеонов Р., Мемети Ш. Педијатрија (годишна ревија), (167-170), Скопје, 2009. *3. Употреба на ултрасонографски параметри во разликувањето на конгениталната опструктивна и неопструктивна хидронефроза кај децата* Петровски Миле, Трајковски З., Димов А., Л. Тодоровиќ, Симеонов Р., Чадиковски В. Acta morphologica, Vol 8 (1), (64-70), Скопје, 2011. *4. Третман на фрактури на*	60% 60% 60%	4 x 0,6 4 x 0,6 4 x 0,6	2,4 2,4 2,4

	тибија кај деца со флексибилни Ендерови клинови Тодоровиќ Лазар, Петровски П., Петровски М., Димов А., Симеонов Р., Камилоски М. Acta morphologica, Vol 8 (1), (71-75), Скопје, 2011. 5. *Клоакална екстрофија: приказ на случај* Тодоровиќ Лазар, Петровски М., Камилоски М., Цветановска В., Петровска Б. Acta morphologica, Vol 8 (2), (78-82), Скопје, 2011. 6. *Конгенитални цисти на црниот дроб и слезената* Димов А., Чадиковски В., Петровски М., Петровски П., Смеонов Р. Acta morphologica, Vol 8 (2), (72-74), Скопје, 2011. 7. *Кадаверична трансплантација на Балканот: невозможна мисија?* Чадиковски В., Димов А., Петровски М., Петровска Б. Maced I Med Sci, Dec 15:4(4) (411-416), Скопје, 2011. 8. *Лапароскопска транс-периотенеална техника за третман на варикоцела кај деца* Тодорвиќ Л., Симеонов Р., Петровски М., Димов А., Камилоски М., Цветановска В., Петровска Б. Medicus, Vol XVII (1) (208-211), 2012. 9. *Ендоскопски третман на везикоуретерален рефлукс кај деца* Петровски М., Симеонов Р., Тодоровиќ Л., Чадиковски В., Мемети Ш., Цветановска В., Ристески Т., Петровска Б. Medicus, Vol XVII (1) (212-216), 2012.	60% 60% 60% 60% 60%	4 x 0,6 4 x 0,6 4 x 0,6 4 x 0,6 4 x 0,6	**2,4** **2,4** **2,4** **2,4** **2,4**
3.	**Трудови со оригинални резултати, објавевени во стручно/научно популарно списание** Медицина 2007, Зборник на научни трудови (стр. 78-111).			

	1. *Неонатална форма на M. Hirschsprung* Петровски П., Петровски М., Димов А., Камилоски М., Тодоровиќ Л. 2. *Антериорни хипоспадии-современи концепти на лекување* Чадиковски В., Димов А., Петровски М., Мишоска Л., Симеонов Р. 3. *Ехинококоза во детска возраст* Мишоска Л., Петровски П., Петровски М., Димов А., Соколова Р. Чадиковски Л., Мишоски М. 4. *Солидни тумори во детска возраст* Мишоска Л., Петровски П., Петровски М., Димов А., Тодоровиќ Л., Симеонов Р., Соколова Р., Мишоски М. 5. *Лапароскопија во детската возраст-првични искуства* Симеонов Р., Петровски М., Симеонова А., Камилоски М. Медицина 2007, Зборник на научни трудови (стр. 78-111).	60% 60% 60% 60%	2 x 0,6 2 x 0,6 2 x 0,6 2 x 0,6	1,2 1,2 1,2 1,2
4.	**Апстракти со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** 1. *Респираторен дистрес кај новородени со вродени аномалии* Петровски М, Којиќ Љ., Димов А, Петровски П, Симеонов Р., Чадиковски В., Мемети Ш., Сајковски А., Фидановски Д. 4. Конгрес на педијатрите на Р. Македонија со интернационално учество, Охрид, 2007, Зборник на апстракти и трудови, стр.74. 2. *Ендоскопски третман на везико-уретералниот рефлукс* Петровски М, Петровски П., Димов А, Симеонов Р., Чадиковски В., Тодоровиќ Л. 4. Конгрес на педијатрите на Р. Македонија со интернационално учество, Охрид, 2007, Зборник на	60% 60%	0,5 x 0,6 0,5 x 0,6	0,3 0,3

	апстракти и трудови, стр.226. 3. *Хируршки третман на аномалии на ГИТ инкомпатибилни со живот (1993-2007)* Петровски М, Петровски П., Димов А. Симеонов Р., Чадиковски В., Тодоровиќ Л. 1.Национални денови по неонатлогија на Р. Македонија со интернационално учество, Охрид, 2008, Зборник на апстракти и трудови, стр. 102. 4. *Лапароскопска апендектомија кај деца* Симеонов Р., Симеонова А., Петровски М., Петровски П., Димов А., Мемети Ш, Чадиковски В., Камилоски М., Тодоровиќ Л., Зибери Ј. 2. Национален конгрес по детска хирургија, Хисар, Р. Бугарија, 2008, Зборник: 39. 5. *Почетни искуства со лапароскопски третман со варикоцела* Тодоровиќ Л, Симеонов Р, Петровски М., Петровски П., Камилоски М. 2. Национален конгрес по детска хирургија, Хисар, Р. Бугарија, 2008, Зборник: 45. 6. *Третман на конгенитален мегауретер (10. годишно искуство)* Петровски М., Петровски П., Димов А., Тодоровиќ Л., Симеонов Р., Чадиковски В., Мемети Ш. 2. Национален конгрес по детска хирургија, Хисар, Р. Бугарија, 2008, Зборник: 639. 7. *Први искуства со минимално инвазивна абдоминална и уролошка детска хирургија* Петровски М.,Симеонов Р., Петровски П., Димов А., Чадиковски В., Камилоски М., Тодоровиќ Л. 1. Конгрес на детските хирурзи на Србија, Белград, 2010, Зборник: 66. 8. *Лапароскопска апендектомија кај деца* Симеонов Р., Петровски М., Петровски П., Димов А., Чадиковски В., Камилоски М., Тодоровиќ Л.,	60% 60% 60% 60% 60% 60%	0,5 x 0,6 1 x 0,6 1 x 0,6 1 x 0,6 1 x 0,6 1 x 0,6	**0,3** **0,6** **0,6** **0,6** **0,6** **0,6**

	Мемети Ш. 1. Конгрес на детските хирурзи на Србија, Белград, 2010, Зборник: 68. 9. *Еластично интрамедуларно пинување наспроти конзервативен третман на скршеници на дијафиза на тибија кај деца* Тодоровиќ Л., Петровски П., Петровски М., Димов А., Чадиковски В., Камилоски М., Симеонов Р. 1. Конгрес на детските хирурзи на Србија, Белград, 2010, Зборник: 92. 10. *Приказ на случај на комбинирана конгенитална малформација на УГТ кај двомесечно доенче* Бојациева Е, Рецепи Ф, Шахпазова Е, Петровски М, Тасиќ В, Кузмановска Д 5. Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Охрид, 2011, Зборник на апстракти и трудови, стр. 331. 11. *Трансплантација на бубрег од жив донор кај деца (приказ на 6 случаи)* Симеонов Р., Петровски М., Јосифов А., Ставридис С., Симеонова А., Ристовска Н., Ристески Т. 2. Конгрес на детските хирурзи на Србија, Нови Сад, 2012, Зборник: 54.	60% 60%	0,5 x 0,6 1 x 0,6	**0,3** **0,6**
5.	**Секциски предавања на научен/стручен собир** 1. Димов А., Петровски П., Петровски М., Чадиковски В., Симеонов Р., Тодоровиќ Л.. Едноставни конгенитални цисти на црн дроб и слезена Здружение на детски хирурзи на Р. Македонија, 2011, Скопје. 2. Медицина базирана на докази - елективна детска хирургија Петровски Миле Здружение на детски хирурзи на Р. Македонија, 2012, Скопје.	1 1	1,0 1,0	**1,0** **1,0**
	ВКУПНО:			43

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	**Експертска активност:** Проверка и ажурирање на клинички упатства за практицирање на медицина базирана на докази, Министерство за здравство на Република Македонија.	1	1	1
2.	**Воведување на нова хируршка метода:** 1. Ендоскопски пристап во лекување на везико-уретералниот рефлукс, 2. Духамелова процедура при оперативно лекување на М. Hirschsprung, 3. Корекција на хипосапдија по методот на Snodgrass.	1 1 1	4,0 4,0 4,0	**4,0** **4,0** **4,0**
	ВКУПНО:			**13,0**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	**Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** 1. Заменик - претседател на Комисијата за едукација при Националната фондација за трансплантација на Р. Македонија 2. Член во Бордот на научните собири при организирање на работилниците и симпозиумите организирани од Фондацијата, а поддржани од Лекарската комора на Р. Македонија: - научна работилниц „Жолто бебе", Скопје, 27. 11. 2010 г.; - Прв симпозиум за матични клетки и регенеративна медицина со интернационално учество, Скопје, 23. 3. 2011г.; - Симпозиум "Рана интервенција и развојни нарушувања ", Охрид, 19-21. 5. 2011 г.;	1 1 1 1	1,0 1,0 1,0 1,0	**1,0** **1,0** **1,0** **1,0**

	- Работилница за имплементирање на стандардите за несакани настани, релации и следливост при трансплантации, а поддржано од TAIEX, Европска комисија, Скопје, 7. 11. 2011 г.	1	1,0	**1,0**
2.	**Член на факултетска комисија** Наставно-научен совет Одбор за специјализација	2	0,5	**1,0**
	ВКУПНО:			**6**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**75,44**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**43**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**13**
ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**6**
Вкупно:	**137,44**

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Илија Панговски, претседател, с.р. _____
2. Проф. д-р Мирче Симеонов, член, с.р. _____
3. Проф. д-р Горан Кондов, член, с.р. _____
4. Проф. д-р Перо Петровски, член, с.р. _____
5. Проф. д-р Никола Јанкуловски, член, с.р. _____

2. Доц.д-р Сашко Јовев

Биографски податоци

Доц. д-р Сашко Јовев е роден на 8.3.1964 год. во Скопје. Основно и средно образование (гимазија „Раде Јовчевски Корчагин") завршил со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1982/83 година и дипломирал во 1989 година со просечен успех 9,40. Од 1990 година е вработен на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија во Скопје. Специјализацијата по општа хирургија ја започнал во 1992 година, а ја завршил во 1996 година. Супспецијализацијата по торакална хирургија ја започнал во 1998 година, а ја завршил во 2000 година. За помлад асистент по предметот општа хирургија е избран во 1992 година, за асистент е избран во 1996 година и реизбран во 2000 и 2004 година. Магистрирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2002 година, а докторирал во 2007 година. Во мај 2008 година е избран за доцент по предметот хиругија.

Педагошка активност

Доц. Сашко Јовев како помлад асистент, а потоа и како асистент беше редовно и активно вклучен во изведувањето на практичната настава по предметите хируршка пропедевтика, воена хирургија и општа хирургија, за студентите по медицина. Притоа има покажано сериозност, исполнителност и систематичност во извршувањето на обврските. По изборот за доцент, тој е вклучен во изведувањето на наставата по хирургија за студентите, но и во одржувањето на практични вежби понатаму. Ментор е на повеќе специјализанти по хирургија, како и на повеќе специјализантски и студентски трудови и семинарски работи. Сметаме дека неговиот сериозен пристап кон изведувањето на наставата по општа, торакална и кардиохирургија претставува особен квалитет.

Стручно-здравствена работа

Доц. Јовев преку својата секојдневна работа на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија активно учествува во решавањето на стручните проблеми на Клиниката, од рутинските сè до најсложените.

Во текот на својата стручна работа на Клиниката, тој повеќепати бил на стручно усовршување од областа на торакалната хирургија и кардиохирургијата. Во севкупно траење од неколку години, тој работел на неколку реномирани универзитетски клиники во странство, и тоа на Универзитетската клиника за кардиоторакална хирургија во Франкфурт, Германија, Цирих, Швајцарија, Софија, Бугарија, Бершева, Израел, Торакалниот центар Bezirk unter Franken во Германија, Клиниката за кардиоторакална хирургија во Олденбург, Германија и Кардиоторакалниот центар, Ал Амири во Кувајт.

Во јули 2002 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Прогноза за аксиларниот лимфен статус кај карциномот на града".

Во јуни 2007 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Ефекти на белодробните рескеции врз срцево-белодробната хемодинамика".

Д-р Јовев е добитник на стипендијата на Германската влада DAAD и на наградата од Европското здружение за кардиоторакални хирурзи H.G.Borst.

Д-р Јовев бил делегат на Клиничкиот центар во Лекарската комора на Македонија. Во моментов е шеф на Отсекот за белодробна хирургија при Клиниката.

Активно зборува англиски, германски и италијански јазик.

Научна дејност

Доц. Сашко Јовев е автор на прирачникот по срцева хирургија за студентите по медицина. Тој е автор и коавтор на повеќе од 100 труда, од кои поголемиот дел се рецензирани и објавени во медицински списанија во земјата и странство, а некои од нив се презентирани на домашни и странски конгреси и симпозиуми и имаат големи стручно/научни достигнувања.

Анекс 2.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сашко Јордан Јовев
(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факултет, Скопје, УКИМ, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: хирургија

НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на актив-ности	Поени од форму-лар	Поени
1.	Одржување на настава			
	- прв циклус студии	90	0,04	3,6
	- втор циклус студии	30	0,05	1,5
2.	Одржување на вежби	900	0,03	27
3.	Консултации со студенти	800	0,002	1,6
4.	Член на комисија за оцена и одбрана на докторат	4	0,5	2
5.	Ментор за изработка на докторат	1	3	3
6.	Член на комисија за одбрана на дипломска работа	4	0,1	0,4
7.	Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса	1200	0,06	72
	ВКУПНО:			111,1

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Број на актив-ности	Поени од форму-лар	Поени
1.	**Одбранета докторска теза**	1	8	8

2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/ стручно списание**			
	1. Non - small cell, белодробен карцином со N2 статус – група на пациенти третирани хируршки – **Јовев Сашко,** ММП,2011,65(3)	60%	4 x 0,6	**2,4**
	2. "Lung resections and heart-lung haemodynamics" **Сашко Јовев,** Идриз Орана, Зоран Спировски, Трајанка Трајковска, Ристо Чоланчевски, Борче Кондов, Medicus, ISSN 1409-6366,UDC 61, Vol.XVI (2), Dhjetor, 2011.(6)	60%	4 x 0,6	**2,4**
	3. „Хирургија кај рано откриен белодробен карцином – потреба од прегледи за негово рано откривање" – **Јовев Сашко**, Спировски Зоран, Трајковска Трајанка, Чоланчевски Ристо, Антевски Борче, Абдули Авни, Кондов Борче – труд во ММП, 2010, (64)3 стр. 40-45 (4).	60%	4 x 0,6	**2,4**
	4. „Пациенти оперирани заради пневмоторакс, актуелни ставови за хируршки третман"- **Сашко Јовев**, Идриз Орана, Ристо Чоланчевски, Авни Абдули, Борче Кондов, Medikus, ISSN 1409-6366, UDC 61, Vol.XV(1),Qershor 2011 (6)	60%	4 x 0,6	**2,4**
	5. "Indications for VATS or open decortication in the surgical treatment of fibrino-purulent stage of parapneumonic pleural empyema"- Чоланчевски Ристо, Спировски Зоран, Кондов Горан, **Јовев Сашко**, Антевски Борче Contributions, sector of biological and medical	60%	4 x 0,6	**2,4**

	sciences,XXXI 2,Skopje 2010 6. „Плеврална биопсија при клиничка торакоскопија како можност за дијагноза и терапија на плеврален емпием" – Чоланчевски Ристо, Спировски Зоран, Кондов Горан, **Јовев Сашко**, Антевски Борче, ММП, 2008; 62(3); 49-53. 7. „ Индикација за хируршко лекување на фибринопурулентниот стадиум на плевралниот емпием според морфолошките карактеристики на плеврата и плевралниот простор Р.Чоланчески, З.Спировски, Г.Кондов, А.Арсовски, **С.Јовев** ММП,61,2007,стр1-96,бр.1-3	60% 60% 60%	4 x 0,6 4 x 0,6 4 x 0,6	**2,4** **2,4** **2,4**
3.	**Интерна скрипта од предавања**	1	4	**4**
4.	**Стручно пленарен состанок/поканет предавач** 1.Поканет предавач за стручно-пленарен состанок на Здружението на хирурзи на Македонија на тема: Хемодинамска проценка кај пациенти кандидати за белодробна ресекција заради белодробен карцином, Демир Капија, ноември 2009.(2) 2.Поканет предавач на стручно	1 1	2 2	**2,0** **2,0**

	пленарниот состанок на Здружението на лекари за критично болни пациенти на тема: Хируршко лекување на инфекции во торакалната хирургија (2) 3.Поканет предавач на стручно пленарниот состанок на Здружението на лекари за критично болни пациенти на тема: Хируршко лекување на торакална траума (2)	1	2	**2,0**
	ВКУПНО:			**38.8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Број на актив-ности**	**Поени од форму-лар**	**Поени**
1.	**Стручен престој во странство**	2	0.5	**1**
2.	**Воведување на хируршка метода** Ресекција и анастомоза на трахеа по постинтубациона стеноза	1	4.0	**4**
	ВКУПНО:			**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**111.1**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**38.8**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**5**
ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
Вкупно:	**158.9**

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Илија Панговски, претседател, с.р. _____
2. Проф. д-р Мирче Симеонов, член, с.р. _____
3. Проф. д-р Горан Кондов, член, с.р. _____
4. Проф. д-р Перо Петровски, член, с.р. _____
5. Проф. д-р Никола Јанкуловски, член, с.р. _____

3. Доц. д-р Игор Кафтанциев

Биографски податоци

Доц. д-р Игор Кафтанциев е роден на 23. 1. 1966 година, во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1985/86 година, а дипломирал во 1991 година, со среден успех 9,42. За време на студиите бил стипендист на Фондот за талентирани студенти. Како студент активно учествувал во работата на Студентскиот научен клуб, како и на два студентски конгреса. Како научен соработник бил вклучен во изработката на проектот "Имунологија на малигните заболувања" на Министерството за наука. По завршувањето на студиите бил волонтер на Клиниката за трауматологија во Скопје, а од септември 1992 год. е вработен во оваа Клиника. Специјализација по општа хирургија започнал во октомври 1993 год, а специјалистичкиот испит по општа хирургија го положил во октомври 1997 год. Супспецијализација по трауматологија започнал во 2002 година, а супспецијалистичкиот испит го положил во јуни 2004 година. За помлад асистент по предметот хирургија е избран во октомври 1993 год., за асистент по истиот предмет е избран во април 1998 год., а реизбран е во истото звање во 2003 година. Во мај 2008 година е избран за доцент по предметот хирургија.

Педагошка активност

Доц. д-р Игор Кафтанциев, како помлад асистент, а потоа како асистент беше редовно и активно вклучен во изведувањето на

практичниот дел на наставата по предметите хируршка пропедевтика, воена хирургија и општа хирургија. При тоа прикажуваше методичност и систематичност во совладувањето на поставените обврски. По изборот за доцент вклучен е во наставата по предметот хирургија и клиничко испитување за студентите по медицина, како и во теоретската настава за студентите по стоматологија, редовните и вонредните студенти од тригодишните стручни студии за радиолошки техничари и физиотерапевти при Медицинскиот факултет во Скопје. Како ментор учествувал во изработка на дипломски работи за ТСС за физиотерапевти. Бил ментор на еден магистерски труд од областа на трауматологијата, а сега е ментор на две докторски дисертации кои се во изработка. Активно учествувал во теоретската постдипломска настава за специјализантите по општа хирургија и ортопедија. Д-р Кафтанциев, воедно, активно е вклучен во изведувањето на практичната настава на студентите по медицина и специјализантите по хируршките дисциплини. Сметаме дека неговиот сериозен пристап кон материјалот по општа хирургија претставува квалитет во изведувањето на теоретската и практичната настава.

Стручно-здравствена работа

Рефератот за избор на наставник во сите звања е објавен во Билтен бр. 1045 од 31.12.2012 година. Од изнесеното произлегува дека приговорот е поднесен по истекот на рокот од осум дена и поради тоа, Рецензентската комисија го смета како неблаговремен.

Рецензентската комисија во прилог на потврдување на изборот за кандидат на Катедрата за дентална патологија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје по точките наведени во приговорот го дава следново мислење:

Првиот сегмент во приговорот во кој се цитира членот 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.173 на 1 август 2011 година, на кој се повикува ас. д-р Василка Ренцова е неоснован. Имено, рефератот со биографијата, анексот и заклучокот е доставен до Рецензентската комисија на македонски и англиски јазик (преведен од овластен преведувач). Комисијата во законски рок ги потпиша рефератите на македонски и англиски јазик кои беа процедурирани до УКИМ за печатење во Билтенот. Но, во Билтенот на УКИМ се печати само примерокот на

македонски јазик, особено поради неговата должина, со што е запазена законитоста на член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.173 на 1 август 2011 година. Рецензентската комисија одлучи и постапи според документацијата која е доставена од кандидатите на конкурсот, запазувајќи ја објективноста во изборот.

Во забелешките, ас. д-р Василка Ренцова приговара на бројот на бодовите од наставно-образовната дејност. Во овој параграф апострофира 11 години наставно-образовна дејност, започнувајќи од 2002 до 2012 година. Во врска со овој дел од приговорот посочуваме дека изборот во звањето помлад асистент на д-р Василка Ренцова е реализиран во мај 2002 година, што значи на крајот од летниот семестар во учебната 2001/02 година. Бодирањето во наставно-образовната дејност, Комисијата го започна од зимскиот семестар 2002, т.е. учебната 2002/03 година, заклучно со 2012. Повикувајќи се на овие факти, Комисијата сосема точно ги пресметала бодовите според анексот приложен во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.173 на 1 август 2011 година.

Бодовите за кои кандидатката известува дека е оштетена за периодот 1996-2002 година, а изнесуваат 64,8 бода, не можат да бидат земени предвид. Имено, кај сите кандидати се пресметани бодови од наставно-образовните активности од моментот на избор во звањето асистент. Евентуалните претходни учества во практичната настава не се земени предвид кај ниту еден кандидат од повеќе причини. Кандидатите - учесници во конкурсот не можат да го прецизираат нивното учество во практичната настава, тргнувајќи од обликот во кој учествувале (примарни, секундарни), до бројот на часовите и семестрите во кои биле вклучени пред изборот за асистент.

По однос на пресметувањето кое се однесува на помалку пресметани 2,8 бода, а кои се апострофираат во областа на научноистражувачката дејност, Комисијата не располага со сознанија кој труд не е соодветно бодиран, и одлучи да не го земе предвид приговорот на овој став на кандидатката.

Со даденото образложение, Комисијата смета дека совесно и правилно го дава мислењето за кандидатите.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Славољуб Живковиќ, претседател, с.р.

_____

2. Проф. д-р Горанка Прпиќ Мехичиќ член, с.р

_____

3. Проф. д-р Мирјана Поповска, член, с.р

_____

Subject: Reply concerning the complaint by Ass. Dr Vasilka Rendzova, employee of the Clinic for cariology and endodontics PHI University Dental Clinical Centre "St. Pantelejmon" – Skopje, regarding the paper selection for the academic title teacher in all academic-scientific titles at the Faculty of Dentistry in Skopje, published in the Newsletter no. 1045, in December 31, 2012.

The reader commission with the following members: Prof. Dr Slavoljub Zivkovik, Faculty of Dentistry in Belgrade Prof. Dr Goranka Prpikj-Mehicikj, Faculty of Dentistry in Zagreb and Prof. Dr Mirjana Popovska, Faculty of Dentistry in Skopje, Ss. Cyril and Methodius Univeristy in Skopje, submit the following reply to the complaint of Ass. Dr Vasilka Rendzova:

The complaint was rejected as unfounded.

REPORT

According to Article 51 of the Regulation on the criteria and procedures for selection to the academic research, scientific, educational expert and associate titles Ss. Cyril and Methodius University of Skopje published in the University Herald бр.173 August 1, 2011, deadline for filing an objection is 8 days from the date of publication of the review in the Bulletin of the University.

Review of the selection of the teacher in all titles published in Bulletin no. 1045 of 31.12.2012. From the above it follows that the opposition is filed after the expiration of eight days and therefore Review Committee considered untimely delivered.

Review Committee in addition to the confirmation of the election of a candidate at the Department of Dental Pathology choice teacher in all teaching and scientific titles of the Dental Faculty of the points listed in the complaint gives the following opinion:

The first segment in the complaint, where the Article 48 of the Rulebook for the criteria and procedure for selection in academic-scientific, scientific and educational professional and associate titles of Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, published in the University Gazette no. 173, of August 1, 2011, on which Ass. Dr Vasilka Rendzova refers to, is not founded. Namely, the Review with the biography, the Annex, as well as the conclusion is submitted to the commission in Macedonian and in English language (translated by official court translator). The commission, in legal deadline, signed the papers in Macedonian and in English, which were handed in for procedure to the officials responsible for publishing the newsletter. But, the University's bulletin is published in Macedonian language only, mostly

because of the length, which is in accordance with Article 48 of the Rulebook for the criteria and procedure for selection in academic-scientific, scientific and educational professional and associate titles of Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, published in the University Gazette no. 173, of August 1, 2011. The reader commission decided and acted according to the documentation filed by the candidates in the call, taking in consideration the impersonality in the selection.

Ass. Dr Vasilka Rendzova complains on the number of points of the academic and scientific activity. In this paragraph, she appoints 11 years of such activity, the period from 2002 until 2012. Concerning this part of the complaint, we state that the selection in the title junior teaching assistant of Dr Vasilka Rendzova dates from May 2002, which means in the end of the summer semester in the academic 2001/02. The commission gave the points from the academic and scientific activity based on the activity in the period: winter semester 2002, i.e. the academic year 2002/2003, including 2012. Taking into consideration these facts, the commission accurately calculated the points according to the Annex, attached to the Rulebook for the criteria and procedure for selection in academic-scientific, scientific and educational professional and associate titles of Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, published in the University Gazette no. 173, of August 1, 2011.

The points for which the candidate considers that she is impaired for the period 1996-2002 (64,8) cannot be taken into consideration. Namely, the points of each andidate are calculated based on the academic and scientific activity from the selection in assistants. Previous possible participations in the practical education are not taken into consideration for each of the candidates from numerous reasons. The candidates participating in the call can not give precisely their participation in the practical education, starting from the mode of participation (primary, secondary) to the number and semester which were included before the selection in assistant.

Regarding the calculation which refers to less than 2,8 points, which are highlighted in the filed of scientific-research activity, the commission concluded not to take into consideration since the candidate doe not highlight the paper.

Based on the remarks of Ass. Dr Vasilka Rendzova, as well as based on the second review of the documentation, the readers commission rejects the complaint as unfounded.

In justification the Commission considers that conscientiously and properly gave an opinion on the candidates.

Review Commission:

1. Prof.Slavoljub Zivkovic- commission president

2. Prof. Goranka Prpic Mehicic- commission member

3. Prof. Mirjana Popovska- commission member

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ПРИМЕНА НА 'HARDWARE-IN-THE-LOOP' СИМУЛАЦИИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ СО КОМПЛЕКСНИ МАШИНСКИ СИСТЕМИ",

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕМИЛ ЗАЕВ, ДИПЛ. МАШ. ИНЖ.,
ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-3156/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 29.11.2012 год., формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов: „Примена на 'Hardware-In-The-Loop' симулации за управување во реално време со комплексни машински системи", изработена од м-р Емил Заев, дипл. маш. инж.

По прегледувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Емил Заев претставува самостоен научен труд од областа на моделирањето, симулацијата и управувањето на хидрауличните преносни системи со фокус на пропорционалните и сервосистемите со повратна врска. Посебен акцент е ставен на користењето на модерните и напредните технологии како што е 'Hardware-In-The-Loop' при проектирањето и тестирањето на нови управувачки стратегии, подобрувања во енергетската ефикасност и придушување на вибрации.

Докторската дисертација се состои од шест глави. Главата 1 го дава воведот, Главата 2, „'Hardware-In-The-Loop' симулации", информира за симулациските системи, нивните барања и апликации. Главата 3, „Нумерички методи на интеграција при симулации", го дискутира нумеричкото решавање на комплексните системи на диференцијални равенки и проблемите кои се јавуваат кај крутите (stiff) системи, какви што и се хидрауличните системи истражувани во оваа дисертација. Во Главата 4, „'Hardware-In-The-Loop' симулација на хидроцентрала", започнуваат оригиналните придонеси со проектирање и конструкција на симулатор. Главата 5, „Иновативни концепти кај мобилните хидраулични системи", се фокусира на тешката машинерија. Овде авторот го претставува и го унапредува најсовременото управување на хидрауличните сервосистеми. Конечно, Главата 6 дава резиме на целокупната работа.

Во дисертацијата се вклучени 129 слики и 156 означени равенки и формули. Списокот на користена литература содржи 110 наслови.

Воведниот дел на трудот е изложен во првата глава и содржи концизен вовед во симулацискиот предизвик сретнат во оваа дисертација. Вклучени се целите и организацијата на темата, како и презентацијата на постигнатите резултати и оригинални придонеси од авторот.

Втората глава дава детален вовед во полето на работа. Даден е историски развој на симулациските системи и нивната апликација, вклучувајќи ја и областа на хидроцентралите, што е и една од главните цели на оваа дисертација. Како барање за имплементација на симулацискиот модел, даден е преглед на реално-временските системи. Презентирана е класификација на модерните симулациски системи, што претставува предизвик, бидејќи е процес кој се менува и е виден различно зависно од инженерската област. Консеквентно, авторот ја завршува главата со дискусија посочувајќи ги тие разлики. Конечно, даден е преглед на достапните хардверски и софтверски системи и систематската процедура како да се добие максимална корист од hardware-in-the-loop симулацијата за развој на автомобилски или хидраулични управувачки системи.

Третата глава ги обработува нумеричките аспекти на симулација, посебно проблемот на крути системи, кој предизвикува нумеричка нестабилност. Ова е прикажано преку два примера, прво преку равенката на Van-Der-Pol и второ, преку линеарен модел на хидрауличен цилиндар. Разгледани се постојните алгоритми за решавање на парцијални и обични диференцијални равенки (ПДР и ОДР), какви што се методите со конечни разлики, Ојлеровиот метод, имплицитните методи, Рунге-Кута и повеќечекорните методи. Дискутирани се својствата кои се однесуваат на стабилност на методите, нивната А-стабилност и Л-стабилност, конзистентност и нумеричка грешка. Потоа се дискутирани методите кои се преферирани во модерните софтверски алатки, какви што се линеарните повеќечекорни методи, формулите на Гир, имплицитните Рунга-Кута, Росенброк и Фелберг- методи, со фокус на крутите системи.

Во четвртата глава се спроведува истражување на хидроцентрала. Цел е да се создаде hardware-in-the-loop (HIL) модел за централа. Прв чекор кон таа цел е темелна анализа на основното управувачко коло за хидраулични цилиндри со пропорционален или сервовентил. Вклучени се детални решенија на проблеми какви што се моделирање на триењето со најнапредниот LuGre-модел и ефективниот модул на еластичност. Нелинеарните ОДР-ки и ПДР-ки се преведени во Simulink™ модели и имплементирани во реално-временски хардвер. Извршена е верификација на симулацијата со мерења спроведени на реален систем. Интересен иновативен аспект е комбинацијата на компјутерска симулација во спој со постоен физички дел на постројката.

Петтата глава ја проширува целта на трудот кон управување на големи хидраулични двигатели, оптоварени со големи сили и високи напојни притисоци. Пример, што е предмет на интерес, е рударска машина за пробивање на патишта од компанијата Сандвик во Зелтвег, Австрија. Главата започнува со критичен преглед на литературата за неодамнешниот развој во областа на енергетската потрошувачка и ефикасност, што во денешно време е тема од се поголема

важност. За анализа се избрани два критични работни услова кои се појавуваат кај една ваква машина: влечна оптоварувачка сила и придушување на осцилации. Дадена е математичка анализа на проточните и притисните услови за моделирање вклучувајќи и анализа на енергетската потрошувачка. Резултантниот симулациски модел е успешно потврден со мерења спроведени на реална машина во компанијата за време на истражувачки проект. Со цел успешно извршување на оваа задача, Емил Заев организираше посета во Австрија. Во понатамошните истражувања, споредена е конвенционална опрема која користи регулација според оптоварување и контрабаланс вентили со современи, висикософистицирани концепти кои користат одвоен довод и одвод (SMISMO). Авторот предлага конфигурација со три вентили со цел да се подобри енергетската ефикасност на работниот режим со придушени осцилации при процесот на сечење на машината за копање тунели. Дури и конструкциски проблеми се земени во предвид, кога авторот предлага користење на антикавитациски линии. Се покажува дека потенцијалот за заштеда на енергија е значителен во споредба со современите индустриски решенија.

Во шестата глава се дадени заклучокот на трудот и целите кои се постигнати.

Поглавјето со 110 референции содржи добра мешавина на важна историска литература и голема количина на нови публикации, што дава доказ дека трудот е на најсовремено ниво во областа на хидрауличното управување. Цитирани се научници од северна Европа кои се водечки во хидрауличните технологии благодарение на големото значење на дрвопреработувачката индустрија.

Докторската дисертација на м-р Емил Заев претставува оригинална научна работа. Комисијата ги наоѓа следниве придонеси:

М-р Емил Заев конструираше hardware-in-the-loop (HIL) симулатор за хидроцентрала и го потврди симулацискиот модел со мерења.

Тој предложи систематска чекор-по-чекор процедура за успешно развивање на HIL- симулатори.

Направен е интересен пристап моделирајќи го системот делумно со компјутерски модел во комбинација со постојни физички компоненти на системот.

Предложувајќи три независни вентили за управување со цилиндар, авторот презентира решенија за проблеми поврзани со управување на престигнувачки оптоварувања, особено стратегија за управување на притисоците. Вклучени се исто така и регенеративно извлекување и регенеративно вовлекување. Покрај тоа, воведени се и антикавитациски линии.

При режимот на придушување на вибрациите со користење на повратна врска по динамички притисок, докажано е дека потрошувачката на енергија со тука предложената конфигурација може да биде суштински намалена, со фактор два, за разгледуваната машина.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Примена на 'Hardware-In-The-Loop' симулации за управување во реално време со комплексни машински системи", изработена од м-р Емил Заев, дипл. маш. инж., претставува висококвалитетен и оригинален научен труд, кој дава значаен научен придонес во областа на машинското инженерство со фокус на моделирање и симулација, hardware-in-the-loop-симулација, управување на сервохидраулични системи и активно придушување на вибрации.

Темелното истражување во најсовремената технологија ја прави оваа дисертација богат извор на информации за научниците кои работат во оваа област.

Реализиран е hardware-in-the-loop-систем за симулација на хидроцентрала и верифициран е со мерења. Анализиран и верифициран е хидрауличен систем на рударска машина, со што м-р Емил Заев воспоставува интернационална соработка.

Предложени се нови решенија со што се направени подобрувања.

Врз основа на горната евалуација, Комисијата заклучува дека трудот со наслов „Примена на 'Hardware-In-The-Loop' симулации за управување во реално време со комплексни машински системи", изработен од м-р Емил Заев, дипл. маш. инж., во целост ги исполнува критериумите и барањата за успешно изработена докторска дисертација и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

Комисија

1. Проф. д-р Пол О'Лири, с.р.
Универзитет во Леобен, Австрија

2. Проф. д-р Лазе Трајковски, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Машински факултет, Скопје

3. Проф. д-р Атанаско Тунески, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Машински факултет, Скопје

4. Проф. д-р Александар Ношпал, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Машински факултет, Скопје, ред. проф. во пензија

5. Вон. проф. д-р Герхард Рат, с.р.
Универзитет во Леобен, Австрија

RECENSION

OF THE DOCTORAL DISSERTATION

'HARDWARE-IN-THE-LOOP' FOR REAL-TIME SIMULATION OF COMPLEX MECHANICAL SYSTEMS AND THEIR CONTROL

MADE BY EMIL ZAEV M.SC., GRADUATE MECHANICAL ENGINEER

SUBMITTED TO THE FACULTY OF MECHANICAL ENGINEERING IN SKOPJE

With decision no. 02-3156/2 scientific Council of the Faculty of Mechanical Engineering in Skopje, taken on 29.11.2012 established a Commission for the defense of the doctoral dissertation with the title: "'Hardware-In-The-Loop' for real-time simulation of complex mechanical systems and their control" prepared by Emil Zaev, M.Sc. graduate mechanical engineer.

After reviewing the dissertation, the Commission submits the following

REPORT

The doctoral dissertation of Emil Zaev, M.Sc. represents an independent scientific work in the field of modelling, simulation and control of hydraulic power systems with the focus on proportional and servo feedback systems. Special emphasis is placed on the use of modern and advanced technologies such as 'Hardware-In-The-Loop' for the design and testing of new control strategies, improvements in energy efficiency and vibration damping.

The dissertation consists of six chapters. Chapter 1 gives an introduction, Chapter 2, "Hardware-In-The-Loop simulations", informs about simulation systems, their requirements and application. Chapter 3, " Numerical integration methods in simulations" discusses the numerical solution of complex differential equation systems

and the problems emerging with stiff systems, of which kind the hydraulic systems under investigation are. In Chapter 4, "Hydro power plant in Hardware-In-The-Loop" the original contribution begins with the design and construction of a simulator. Chapter 5, " New concepts in mobile fluid power systems" focuses on heavy machinery. Here the author introduces and advances the state of the art of control of hydraulic servo systems. Finally, Chapter 6 summarises the work.

The dissertation includes 129 figures and 156 numbered equations and formulas. The bibliography contains references to 110 titles.

The introductory part is presented in the first chapter and contains a very concise introduction to the simulation challenge met in this work. The aims and the outline of the thesis are included, and the achieved results and the original contributions by the author are presented.

The second chapter provides a detailed introduction in the field of the work. A historical development of simulation systems and their application is given, including the field of hydro power plants, which is a major objective in the actual thesis. As a requirement for the implementation of a simulation model, an overview of real-time systems is given. A classification of modern simulation systems is presented, which is a challenging job, since this is an ongoing process and is seen differently dependent on the engineering field. Consequently, the author has closed the chapter with a discussion pointing out these divergences. Finally, an overview of available hard- and software systems and a systematic procedure how to get maximum benefit of hardware-in-the-loop simulation for developing an automotive or hydraulic control system are given.

The third chapter treats numerical aspects of simulation, especially the problem of stiff systems, which cause numerical instability. This is demonstrated in 2 examples, first the Van- der-Pol equation and the second, a linear model of a hydraulic cylinder. Existing algorithms to solve PDEs and ODEs are reviewed, such as finite difference, forward Euler, implicit methods, Runge-Kutta, and multistep methods. Properties are discussed concerning stability, A-, L-stability, consistency and numerical error. Then methods preferred in modern software tools are discussed, such as linear multistep methods, Gear formulas, implicit Runge-Kutta, Rosenbrock and Fehlberg, with the focus on stiff systems.

In the fourth chapter the research work on the hydraulic power plant is done. The goal is to create a hardware-in-the-loop (HIL) model for the plant. The first step towards this aim is a thorough analysis of the basic control loop for hydraulic cylinders with proportional or servo valve. Detail problem solutions such as friction modelling with the most advanced LuGre model and effective bulk modulus are included. The nonlinear

ODEs and PDEs are translated to executable Simulink™ models and implemented on a real-time hardware. Verification of the simulation with measurements made on a real system has been performed. An interesting innovative aspect is the combination of a computer simulation in conjunction with an existing physical part of the plant.

The fifth chapter extends the scope of the work to the control of large hydraulic drives with high load forces and high supply pressures. The example item of interest is a roadheader mining machine of the Sandvik company in Zeltweg, Austria. The work starts with a critical literature review of recent development concerning energy consumption and efficiency, which is a topic of increasing importance today. Two critical working conditions of such a machine are chosen for analysis: The pulling load force and damping of oscillations. Mathematical analysis of flow and pressure conditions for modelling is given including analysis of energy consumption. The resulting simulation model was successfully verified with measurements made on a real machine at the company's site during a research project. For this reason, Emil Zaev organised a visit in Austria to accomplish this work. In further investigations, conventional equipment such as load-sensing and counterbalance valves are compared with recent, high-sophisticated concepts using separate meter-in/meter-out (SMISMO). The author proposes a configuration with three valves in order to improve the energy efficiency in an oscillation-damping operation mode during the cutting process of the tunnelling machine. Even construction problems are considered when the author proposes anti-cavitation lines. It turns out that the potential of energy saving is remarkable compared to state-of-the-art industrial solutions.

In the sixth chapter conclusion is given over the work and the goals that are achieved.

The section of 110 references contains a good mixture of important historical literature and a large amount of new publications, which gives evidence that the work is on the newest state of the art in hydraulic control. Scientists of northern Europe are cited, who are leading in hydraulic technologies due to the high significance of the wood processing industry.

The doctoral dissertation of Mr. Emil Zaev represents an original scientific work. The Commission finds following contributions:

Mr. Emil Zaev constructed a hardware-in-the-loop (HIL) simulator for a hydro power plant and verified the simulation model with measurements.

He proposed a systematic step-by-step-procedure for the successful development process of HIL simulators.

An interesting approach is made modelling a system partially with a computer model and combining it with an existing physical component of the system.

Proposing three independent metering valves for the control of a hydraulic cylinder, the author presents solutions for problems adjunct with managing overrunning load, particularly a strategy to control the pressures. Regenerative extension and regenerative extraction are included. Furthermore, anti-cavitation lines are introduced.

In an oscillation damping mode utilising dynamic pressure feedback, it was proved, that energy consumption with the proposed configuration can be decreased essentially at least by a factor of two for the machine considered.

CONCLUSION

The doctoral dissertation entitled "'Hardware-In-The-Loop' for real-time simulation of complex mechanical systems and their control" made by Emil Zaev, M.Sc. graduate mechanical engineer, represents high quality and original scientific work, which provides a significant scientific contribution in the field of mechanical engineering with the focus on modelling and simulation, hardware-in-the-loop simulation, control of servo-hydraulic systems and active oscillation damping.

A thorough investigation of the state-of-the-art makes the thesis to a rich source of information for scientists who work on this field.

A hardware-in-the-loop system for hydro power plant simulation was realised and verified with measurements. The hydraulic system of a mining machine was analysed and verified, whereby Mr. Emil Zaev organised international cooperation.

New solutions were proposed for improvement.

Based on the above evaluation, the Commission concludes that the dissertation entitled "'Hardware-In-The-Loop' for real-time simulation of complex mechanical systems and their control" made by Emil Zaev, M.Sc. graduate mechanical engineer, fully meets the criteria and requirements for successful completion of a doctoral dissertation and proposes to the Scientific Council of the Faculty of Mechanical Engineering in Skopje to accept this report and to set a date for a public defence of the dissertation.

Commission

1. O. Prof. DI. Dr. tech. Paul O'Leary
University of Leoben, Austria

Institut f. Automation
Montanuniversität Leoben
Peter Tunner-Straße 27
A-8700 LEOBEN
Tel. (+) 43 3842/402-5301, Fax DW 5302

2. Prof. Dr. laze Trajkovski
Faculty of mechanical Engineering, Skopje

3. Prof. Dr. Atanasko Tuneski
Faculty of mechanical Engineering, Skopje

4. Prof. Dr. Alexander Noshpal
Faculty of mechanical Engineering, Skopje, full-time prof. in pension

5. Ass. Prof. Dipl.-Ing. Dr.mont. Gerhard Rath
University of Leoben, Austria

Institut f. Automation
Montanuniversität Leoben
Peter Tunner-Straße 27
A-8700 LEOBEN
Tel. (+) 43 3842/402-5301, Fax DW 5302

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

БИОФИЗИКА

ПОДНЕСЕН ОД Д-Р АТАНАС ТАНУШЕВСКИ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 55, став 1, точка 23 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуката на Наставно-научниот совет 07-1487/2 од 30.8.2012, именуван сум за рецензент за преглед и оцена на ракописот БИОФИЗИКА поднесен од авторот проф. д-р Атанас Танушевски.

По предгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Приложениот ракопис БИОФИЗИКА е поделен на 9 поглавја и е изложен на 300 страници со 133 цртежи, 92 слики и 21 табела, а со воведот и приложената литература претставува комплетна концепција за универзитетски учебник.

Во содржинскиот дел се наведени следниве поглавја:

1. БИОМЕХАНИКА
2. БРАНОВИ
3. ФИЗИКА НА ФЛУИДИ
4. ТЕМПЕРАТУРА И ТОПЛИНА
5. ФИЗИКА НА МАТЕРИЈАЛИ
6. ЕЛЕКТРИЧЕСТВО И МАГНЕТИЗАМ
7. ОПТИКА
8. ФИЗИЧКИ МЕРНИ ТЕХНИКИ ЗА ДИЈАГНОСТИКА ВО МЕДИЦИНАТА
9. АТОМСКА И НУКЛЕАРНА ФИЗИКА

Во **првото поглавје,** авторот преку воведувањето и објаснувањето на поимите и законите од кинематиката, динамиката, но и елементите од статиката и еластичноста го објаснува локомоторниот систем и неговото функционирање.

Второто поглавје авторот го започнува со карактеристика на брановите, при што одделно внимание им посветува на звучните бранови. Посебно се задржува на објаснување на механизмот на слушање и фреквентната осетливост на увото. Поради се поголемата присутност на ултразвукот во дијагностиката и терапијата, авторот им посветува нужно внимание и на овој тип бранувања.

Поради големото присуство на течности во живиот организам, **третото поглавје** авторот го започнува со механиката на биофлуидите. Вискозноста, површинскиот напон, капиларните појави при биопроцесите се предмет на поопширни разгледувања во ова поглавје, при што го објаснува функционирањето на крвта како работна течност во организмот.

Температурата и топлинските процеси се предмет на запознавање во **четвртото поглавје.** Посебно внимание е посветено на специфичната топлина, топлоспроводноста, конвекцијата и зрачењето.

Во **петтото поглавје,** по текстот за основните карактеристики на материјалите, авторот пишува за биокомпатибилноста на материјалите употребувани како биоимпланти. Во ова поглавје се појавуваат посебни поднаслови за полимери, керамики и композитни материјали со потенцирање на нивната апликативност во стоматологијата.

Шестото поглавје се однесува на електричните и магнетни појави и закони и нивната присутност на различни нивоа во живиот организам. Функционирањето на живиот организам се должи на присуството на биопотенцијалите на клетките на нервните и мускулните влакна, на одделни органи, а преку соответни постапки за нивно регистрирање е можна егзактна дијагноза за различни нарушувања во организмот.

Во **седмото поглавје,** на почетокот, е даден пристап за објаснување на природата на светлината, а потоа се презентирани основните закони од геометриската оптика, како и светлината како дел од електромагнетниот спектар. Посебно внимание е посветено на окото како оптички систем за поглавјето да заврши со основните оптички инструменти.

Во **осмото поглавје,** освен што се наброени повеќе техники што се користат за дијагностика, конкретно се опишани направите кои работат на принципот на детекција и регистрација на биопотенцијалите за срцето (ЕКГ), за мускулниот систем (ЕМГ), како и за биопотенцијалите на мозокот (ЕЕГ). Освен тоа, посебно се опишани рендгенските зраци и нивната примена за дијагностика, за на крајот, тоа поглавје да заврши со детално разгледување на методите и техниката за нуклеарната магнетна резонанција.

Во последното, **деветто** поглавје во кратки црти се дадени основите на атомската и нуклеарната физика, почнувајќи со опис на планетарниот и боровиот модел на атомот, за да се продолжи со опишување на структурата на атомското јадро, радиоактивното распаѓање и природната радиоактивност. Ова поглавје завршува со детектори, а потоа со дозиметрија и ефекти на зрачењето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот БИОФИЗИКА, подготвен од авторот проф. д-р Атанас Танушевски, е во согласност со предвидените студиски програми за студентите што го изучуваат предметот биофизика. Посебно е соодветен за студентите од Стоматолошкиот и одделни групи на Медицинскиот факултет, каде што авторот изведува настава од овој предмет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Ракописот е напишан на разбирлив стил, а во сите поглавја, авторот прво ги објаснува законите и појавите во физиката, а потоа делумно или комплетно според условите дава објаснувања за нивната примена во функционирањето на живиот организам. Авторот притоа запазува соодветни принципи и стандарди потребни за подготвување на еден современ универзитетски учебник.

Од сите овие причини, ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет, да го прифати подготвениот текст за печатење како универзитетски учебник.

Рецензент
Д-р Станоја Стоименов, редовен професор во пензија, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

БИОФИЗИКА

ПОДНЕСЕН ОД Д-Р АТАНАС ТАНУШЕВСКИ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 55, став 1, точка 23 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуката на Наставно-научниот совет 07-1487/2 од 30.8.2012, именуван сум за рецензент за преглед и оцена на ракописот БИОФИЗИКА поднесен од авторот проф. д-р Атанас Танушевски.

По предгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Приложениот ракопис БИОФИЗИКА е поделен на 9 поглавја и е изложен на 300 страници со 133 цртежи, 92 слики и 21 табела, а со воведот и приложената литература претставува комплетна концепција за универзитетски учебник.

Во содржинскиот дел се наведени следниве поглавја:

1. БИОМЕХАНИКА
2. БРАНОВИ
3. ФИЗИКА НА ФЛУИДИ
4. ТЕМПЕРАТУРА И ТОПЛИНА
5. ФИЗИКА НА МАТЕРИЈАЛИ
6. ЕЛЕКТРИЧЕСТВО И МАГНЕТИЗАМ
7. ОПТИКА
8. ФИЗИЧКИ МЕРНИ ТЕХНИКИ ЗА ДИЈАГНОСТИКА ВО МЕДИЦИНАТА
9. АТОМСКА И НУКЛЕАРНА ФИЗИКА

Во **првото поглавје,** авторот преку воведувањето и објаснувањето на поимите и законите од кинематиката, динамиката, но и елементите од статиката и еластичноста го објаснува локомоторниот систем и неговото функционирање.

Второто поглавје авторот го започнува со карактеристика на брановите, при што одделно внимание им посветува на звучните бранови. Посебно се задржува на објаснување на механизмот на слушање и фреквентната осетливост на увото. Поради се поголемата присутност на ултразвукот во дијагностиката и терапијата, авторот им посветува нужно внимание и на овој тип бранувања.

Поради големото присуство на течности во живиот организам, **третото поглавје** авторот го започнува со механиката на биофлуидите. Вискозноста, површинскиот напон, капиларните појави при биопроцесите се предмет на поопширни разгледувања во ова поглавје, при што го објаснува функционирањето на крвта како работна течност во организмот.

Температурата и топлинските процеси се предмет на запознавање во **четвртото поглавје.** Посебно внимание е посветено на специфичната топлина, топлоспроводноста, конвекцијата и зрачењето.

Во **петтото поглавје,** по текстот за основните карактеристики на материјалите, авторот пишува за биокомпатибилноста на материјалите употребувани како биоимпланти. Во ова поглавје се појавуваат посебни поднаслови за полимери, керамики и композитни материјали со потенцирање на нивната апликативност во стоматологијата.

Шестото поглавје се однесува на електричните и магнетни појави и закони и нивната присутност на различни нивоа во живиот организам. Функционирањето на живиот организам се должи на присуството на биопотенцијалите на клетките на нервните и мускулните влакна, на одделни органи, а преку соответни постапки за нивно регистрирање е можна егзактна дијагноза за различни нарушувања во организмот.

Во **седмото поглавје,** на почетокот, е даден пристап за објаснување на природата на светлината, а потоа се презентирани основните закони од геометриската оптика, како и светлината како дел од електромагнетниот спектар. Посебно внимание е посветено на окото како оптички систем за поглавјето да заврши со основните оптички инструменти.

Во **осмото поглавје,** освен што се наброени повеќе техники што се користат за дијагностика, конкретно се опишани направите кои работат на принципот на детекција и регистрација на биопотенцијалите за срцето (ЕКГ), за мускулниот систем (ЕМГ), како и за биопотенцијалите на мозокот (ЕЕГ). Освен тоа, посебно се опишани рендгенските зраци и нивната примена за дијагностика, за на крајот, тоа поглавје да заврши со детално разгледување на методите и техниката за нуклеарната магнетна резонанција.

Во последното, **деветто** поглавје во кратки црти се дадени основите на атомската и нуклеарната физика, почнувајќи со опис на планетарниот и боровиот модел на атомот, за да се продолжи со опишување на структурата на атомското јадро, радиоактивното распаѓање и природната радиоактивност. Ова поглавје завршува со детектори, а потоа со дозиметрија и ефекти на зрачењето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот БИОФИЗИКА, подготвен од авторот проф. д-р Атанас Танушевски, е во согласност со предвидените студиски програми за студентите што го изучуваат предметот биофизика. Посебно е соодветен за студентите од Стоматолошкиот и одделни групи на Медицинскиот факултет, каде што авторот изведува настава од овој предмет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Ракописот е напишан на разбирлив стил, а во сите поглавја, авторот прво ги објаснува законите и појавите во физиката, а потоа делумно или комплетно според условите дава објаснувања за нивната примена во функционирањето на живиот организам. Авторот притоа запазува соодветни принципи и стандарди потребни за подготвување на еден современ универзитетски учебник.

Од сите овие причини, ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет, да го прифати подготвениот текст за печатење како универзитетски учебник.

Рецензент
Д-р Станоја Стоименов, редовен професор во пензија, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ БИОФИЗИКА ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р АТАНАС ТАНУШЕВСКИ

Врз основа на Одлуката бр. 07-1487/2 од 30.8.2012 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје од 23.8.2012 год. избрана сум за рецензент на ракопис БИОФИЗИКА од авторот д-р Атанас Танушевски, вонреден професор на Институтот за физика, на ПМФ во Скопје.
Откако го разгледав поднесениот ракопис го донесов следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот БИОФИЗИКА од авторот проф. д-р Атанас Танушевски е презентиран на 300 страници А4-формат. Во текстот се вметнати 133 цртежи, 92 фотографии и 21 табела. Ракописот започнува со содржина, по која следува и предговор и вовед, а завршува со цитирана литература од 22 библиографски единици. Тематиката што се разгледува во ракописот е поделена на 9 целини именувани по поглавја:

1. Биомеханика (56 стр.)
2. Бранови (24)
3. Физика на биофлуиди (38)
4. Температура и топлина (21)
5. Физика на материјали (38)
6. Електричество и магнетизам (47)
7. Оптика (23)
8. Физички мерни техники за дијагностика во медицината (29)
9. Атомска и нуклеарна физика (21)

Во рамките на овие поглавја се обработени 105 теми. Делови од учебникот обработуваат области посебно интересни за студентите по стоматологија или за идните медицински сестри и тие се вметнати како дополнителен материјал во секое поглавје.

Во првото поглавје БИОМЕХАНИКА, авторот дава преглед на основните поими од областа на биомеханиката и биомеханичките својства на материјата и нејзината примена кај човекот. Темите кои се обработуваат се насловени како Растојание и димензии, Сили, рамнотежа и транслаторно движење, Ротациона рамнотежа, Лостови, Лостови кај човечко тело, Брзина и забрзување, Аголна брзина и аголно забрзување, Нишало, Триење, Работа, конетичка енергија и моќност, Енергија на ротационо движење, Енергија на крвта и моќност на срцето кај човекот, Еластичност на материјалите, Хуков закон за линиски деформации, Хуков закон и осцилации на спирала, Енергија акумулирана во спирала и даден еластичен материјал, Еластичност на коските, мускулите и на некои материјали, Тврдост на материјалите и Фрактура на коска.

Во второто поглавје, БРАНОВИ, се разгледувани механичките бранови и нивните својства, како и нивното дејство врз човекот. Посебно се разгледуваат звучните и ултразвучните бранови. Темите што се обработуваат во ова поглавје се насловени како: Карактеристики на брановите, Звучни бранови, Брзина на звучните бранови, Интензитет на звучните бранови, Основи на слушањето, Фреквентна осетливост на увото, гласност и примена на звукот, Ултразвук и негова примена и Доплеров ефект на звучни бранови.

Третото поглавје, ФИЗИКА НА ФЛУИДИ, изучува закони кои важат за течностите и гасовите и нивната примена за објаснување на процесите во метаболизмот на човекот. Темите од ова поглавје се: Основи на механиката на биофлуиди, Хидростатички притисок и манометри, Мерење на притисокот на крвта, Равенка на континуитет и Бернулиева равенка, Вискозност на флуиди, Равенка на Пуазеј и крвен систем, Мерење на вискозност, Рејнолдсов број, Површински напон, Капиларни појави и биопроцеси, Дифузија на молекули и Фиков закон, Осмотски и капиларен притисок.

Четвртото поглавје е насловено како ТЕМПЕРАТУРА И ТОПЛИНА. Во него се разгледуваат методите за пренос на топлина и нивната директна примена кај човекот. Опфатените теми се: Температура и топлинска рамнотежа, термичко ширење, Специфична топлина и калориметрија, Специфична топлина на фазни премини, Топлотна спроводливост, Конвекција и зрачење.

Во петтата целина, ФИЗИКА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ, се дадени различни типови на материјали кои се применуваат во стоматологијата со нивните својства според кои се класифицирани. Овде се обработуваат теми: Карактеристики на кристална решетка, Атомски и молекуларни врски, Фазни дијаграми, Метали и легури, Примена на металите и легурите во стоматологијата, Легури за забни амалгами, Полимери и нивна примена, Керамички материјали, Композитни материјали, Забни импланти и Биокомпатибилност на стоматолошките материјали.

Во шестото поглавје насловено како ЕЛЕКТРИЧЕСТВО И МАГНЕТИЗАМ, авторот ги поставил основите на овие две области во физиката, како и примената на различни електрични модели во објаснување на функционирањето на човековото тело на ниво на клетка. Разгледуваните теми се: Кулонов закон, Јачина на електростатско поле и електрични силови линии, Електричен напон, Спроводници и изолатори, Електричен дипол, Електричен капацитет и кондензатори, Електрична струја и електричен отпор, Електрична моќност, Електрична струја и електролити, Електрофореза, Струи за електротерапија, Биопотенцијали, Растворливост и поларизација на електродите, Електроди за мерење на биоелектрични сигнали и биостимулација, Акционен биопотенцијал на клетка, Акционен биопотенцијал на нервно и мускулно влакно, Нервна клетка, Магнетно поле и магнетна индукција и Магнетни материјали.

Седмото поглавје, ОПТИКА, ги разгледува основните закони кои важат за светлината и конструкцијата на познати оптички уреди применливи во медицината. Овде се разгледува и окото со неговата функција. Темите се: Електромагнетно зрачење, Волфрамова и флуоресцентна светилка, Основни закони на геометриската оптика, Тотална рефлексија, Оптички леќи, Конструкција на ликови кај оптички леќи, Оптика на окото, Оптички недостатоци на окото, Лупа, Оптички микроскоп.

Примената на електричните и магнетните мерења за дијагностички цели и фундаментални истражувања во медицината, како и процедурите потребни за вакви мерења се дадени во осмото поглавје - ФИЗИЧКИ МЕРНИ ТЕХНИКИ ЗА ДИЈАГНОСТИКА ВО МЕДИЦИНАТА, со темите: Електрокардиограм, Електромиографија, Електроенцефа-лографија, Рендгенски зраци, Придушување на рендгенските зраци и рендгенска слика, Луминисценција, Ангиограф, Компјутерска томографија, Нуклеарна магнетна резонанца, Визуелна слика при НМР.

Последната целина, АТОМСКА И НУКЛЕАРНА ФИЗИКА, не запознава со најновите сознанија за структурата на атомот, природната радиоактивност, како и инструментите кои се користат за регистрација на радиоактивност и нивната примена во медицината. Последните девет теми кои се разгледуваат во овој учебник се: Планетарен модел на атомот, Боров модел на атомот, Ласери, Структура и својства на атомското јадро, Природна радиоактивност и закон за радиоактивно распаѓање, Детектори на радијационо зрачење и Гајгер-Милеров бројач, Јонизациона комора, Сцинтилациони бројачи, Дозиметрија и биолошки ефекти на зрачењето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од читањето на ракописот БИОФИЗИКА од авторот проф. д-р Атанас Танушевски, можам да потврдам дека материјалот што се обработува, примарно наменет за студентите од студиите по стоматологија и студиите за медицински сестри на Медицинскиот факултет, целосно ја покрива наставната програма за предметот биофизика. Во ракописот, авторот со многу примери и на достапен и разбирлив начин за студентите на кои не им е матичен предметот физика ги презентира областите од биофизиката опфатени со наставните содржини на соодветниот предмет.

Во текот на читањето на ракописот упатив неколку забелешки и посочив на некои пропусти и недостатоци кои авторот во најголем дел ги прифати и ги внесе во текстот со дополнување на одредени области со што го дооформи презентираниот материјал.

Учебникот може да се користи не само од посочената група на студенти, туку и пошироко од сите студии кои обработуваат делови од областа на биофизиката применета на медицинските науки.

Од погоре кажаното за ракописот БИОФИЗИКА од авторот проф. д-р Атанас Танушевски, можам да заклучам дека ракописот ги задоволува критериумите за универзитетски учебник и му препорачувам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ да го одобри за печатење како учебник.

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ,
редовен професор на
Природно-математичкиот факултет
во Скопје, с. р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МИКРОБИОЛОГИЈА И ПАРАЗИТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе решение за избор на 1 научен соработник по предметот микробиологија и паразитологија и ја формираше Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ
2. проф. д-р Милена Петровска
3. проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска
4. доц. д-р Жаклина Цековска
5. доц д-р Гордана Јанкоска.

На конкурсот објавен во весникот, „Утрински весник" на 24.11.2012 година, се пријави кандидатката д-р Ана Кафтанциева. Рецензентската комисија се состана и по разгледувањето на приложената документација, едногласно се согласи да му го достави на Наставно-научниот совет на Факултетот следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Ана Кафтанциева

Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет, Скопје.

Биографски податоци

Д-р Ана Кафтанциева е родена на 23.XII 1966 год. во Скопје. Основно и средно училиште завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет се запишала во учебната 1985/86 год., а дипломирала во 1992 год. со просечен успех 9,1. Од 1995 год. е вработена на Институтот за микробиологија и паразитологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Стручниот испит за лекари го положила во 1994 год. За помлад асистент по микробилогија со паразитологија е избрана во јуни 1997 год. Во учебната 1998/99 год. се запишала на постдипломски студии. Во декември 1999 год. го положила специјалистичкиот испит по специјалноста медицинска микробиологија. За асистент по предметот микробиологија и паразитологија е избрана во 2001 година, а реизбрана е во истото звање во 2006 година. Од декември 2004 година е магистер, а од април 2012 година, доктор на медицински науки.

Наставна дејност

Уште од самото вработување, перманентно е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот микробиологија со паразитологија за студентите по медицина, стоматологија и фармација, како и во едукација на специјализантите. Учествува во подготвувањето на вежбите, колоквиумите, предиспитните презентации и консултации. Учествувала на научни и на стручни состаноци во земјата и во странство. Била ментор на две студентски теми и една матурска тема, за која ученичката освои прво место на републичкиот натпревар по природни науки. Одржала неколку едукативни предавања на состаноци на лекарски здруженија.

Коавтор е на „Практикум по медицинска микробиологија и паразитологија". Практикумот досега има четири изданија. Главен уредник е проф. д-р М. Петровска, а д-р Ана Кафтанциева е коавтор на две поглавја. Автор е на една глава во учебникот „Медицинска микробиологија и паразитологија-специјален дел" (главен уредник: проф д-р Никола Пановски), кој е одобрен и рецензиран како официјален учебник за студентите на Медицинскиот факултет за предметот микробиологија и паразитологија 2.

Научноистражувачка дејност

Активно учествува во научноистражувачката работа на Институтот. Како автор и како коавтор, д-р Ана Кафтанциева има изработено повеќе од 80 стручни и научноистражувачки трудови (од кои 20 објавени in extenso), презентирани во земјата и во странство.
Учествувала во работата на три домашни научни проекти, финансирани од Министерството за наука на Р. Македонија („Етиолошка дијагноза на долните респираторни инфекции кај деца со посебен осврт кон *Branhamella catarrhalis"*, раководител: проф. д-р М. Петровска, „Резистенција на патогените бактерии кон хемотерапевтици во Скопје", раководител: проф. д-р Н. Пановски и „Уропатогени *Escherichia coli* и факторите на вируленција на другите уропатогени бактерии во дијагнозата, прогнозата, терапијата и профилаксата на уринарните инфекции", раководител проф. д-р М. Петровска), како и во два меѓународни проекта:
1. меѓународниот проект кој се работеше на Стоматолошкиот факултет, на Клиниката за болести на забите и ендодонтот во Скопје со наслов: „Корелација помеѓу оралната хигиена, pH на плунката и денталниот плак во фрекфенцијата на кариесот и негова контрола преку современи превентивни мерки кај различна популација, Македонија и Грција" (меѓународен проект, Стоматолошки факултет, завршен во јуни 2009 год.);
2. „Карактеризација на хемискиот состав и биолошката активност на видовите бор и смрека (*Pinus* spp., Pinaceae, *Juniperus* spp., Cupresaceae) од македонската флора и проценка на можностите за нивна употреба во медицински и/или во други комерцијални цели" (домашен проект со меѓународно учество, Фармацевтски факултет, во тек, започнат во 2010 год).
Благодарение на стипендијата која ја добила од FEMS (Federation of the European Microbiology Societies) го обавила својот стручен престој на

Институтот за микробиологија, Semmelweis Универзитетот во Будимпешта, Унгарија во период од 3 месеци (октомври-декември 2001 год.). Во период од 5 недели (април-мај 2002 год.) престојувала на Институтот за медицинска микробиологија (Institut fur Medizinische Mikrobiologie und Hygiene) во Универзитетот во Регенсбург, Германија. И двата престоја беа во врска со епидемиологијата и методите на детекција на ESBL-продуцирачките ентеробактерии. Овие методи се аплицираат во рутинската, како и во научната работа на Институт за микробиологија.
Добивањето на грантови од европски здруженија ú овозможија учество на три европски конгреси и симпозиуми: Европски респираторен конгрес во Шведска, во 2002, FEMS-конгрес во Љубљана, во 2003 и Симпозиум за ESBL во Венеција, во 2006 година.
Во декември 2004 год ја одбранила магистерската тема под наслов *„Проценка на методите за фенотипска детекција на продукцијата на бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај ентеробактериите"*.
Во јануари 2008 година ја пријавила својата докторска дисертација со наслов: „Бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај клинички изолати на *E. coli* и *Klebsiella*: детекција, преваленца и молекуларна типизација", која ја одбранила во април 2012 година.

Стручна активност

Како доктор-специјалист по медицинска микробиологија е вклучена во севкупната здравствена дејност на Институтот, а раководител е на Лабораторија за инфекции на рани и меки ткива. Учествува во формирањето на нови протоколи и постапки за унапредување на дијагностиката.
Во период од три години (2007-2009) била член на Комисијата за следење на интрахоспитални инфекции при ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија.
Била член на повеќе комисии за јавни набавки, формирани од Факултетот (само во 2012 година членувала во 5 комисии).

Дејности од поширок интерес

Член е на Здружението на микробиолозите на Македонија од вработувањето. Истовремено е член на Федерацијата на европските микробиолошки друштва- FEMS, член на Европското здружение за клиничка микробиологија и инфективни заболувања - ESCMID, како и на EUMS (Унија на европски медицински специјалности).
Активно учествувала во организацијата на сите четири конгреси на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество (1997, 2001, 2006 и 2009), како и на FEMS-симпозиумот "Laboratory diagnosis of emerging infections" во 2001 година, Балканскиот микробиолошки конгрес (Microbiologia balcanika) во 2009 година и на Симпозиумот што го организираше Здружението на микробиолози на Македонија (Молекуларни методи во микробиологијата) во 2012 година.

Од октомври 2011 год. ја извршува функцијата секретар на Здружението на микробиолози на Македонија.
Добитник е на Благодарница и Диплома од Македонското лекарско друштво за придонес и ангажирање во активностите што ги организира МЛД.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Кафтанциева Крсте Ана

Институција: Медицински факултет, Скопје, Институт за микробиологија и паразитологија
Научна област: медицина, микробиологија

Наставно-образовна дејност

<table>
<tr><th>Ред. бр.</th><th>Назив на активностите</th><th>Поени</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Одржување на практична настава во прв циклус студии за последните 5 години (2008-2012)
<table>
<tr><td>Факултет</td><td>Бр. на часови неделно</td><td>Бр. на работни недели по бр. на семестри</td><td>Поени</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>Медицински</td><td>6</td><td>150</td><td>0,03</td><td>27</td></tr>
<tr><td>Стоматолошки</td><td>2</td><td>75</td><td>0,03</td><td>4,5</td></tr>
<tr><td>Фармацевтски</td><td>3</td><td>75</td><td>0,03</td><td>6,75</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вкупно</td><td>38,25</td></tr>
</table>
(бр. на часови неделно x бр. На работни недели во семестар x 0,03)</td><td>38,25</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Консултации со студенти во последните 5 години (бр. на студенти x 0,002)</td><td>0,06</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Позитивно рецензиран универзитетски учебник Медицинска микробиологија и паразитологија - специјален дел (автор на 1 глава)</td><td>6</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Позитивно рецензиран практикум по микробиологија и паразитологија (автор на 2 поглавја)</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно</td><td>47,31</td></tr>
</table>

Научноистражувачка дејност

Ред бр.		Поени
1.	**Одбранета докторска теза со наслов**: „Бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај клинички изолати на *E. coli* и *Klebsiella*: детекција, преваленца и молекуларна типизација", април 2012 год.	8
2.	**Одбранета магистерска работа со наслов:** „Проценка на методите за фенотипска детекција на продукцијата на бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај ентеробактериите" , декември 2004 год.	4
3.	**Учесник во национални научноистражувачки проекти**: 1. „Етиолошка дијагноза на долните респираторни инфекции кај деца со посебен осврт кон *Branhamella catarrhalis*" 2. „ Резистенција на патогените бактерии кон хемотерапевтици во Скопје". 3. „Уропатогени *Escherichia coli* и факторите на вируленција на другите уропатогени бактерии во дијагнозата, прогнозата, терапијата и профилаксата на уринарните инфекции".	3 3 3
4.	**Учесник во меѓународни научноистражувачки проекти:** 1. „Корелација помеѓу оралната хигиена, pH на плунката и денталниот плак во фрекфенцијата на кариесот и негова контрола преку современи превентивни мерки кај различна популација, Македонија и Грција" (меѓународен проект, Стоматолошки факултет, завршен во јуни 2009 год). 2. „Карактеризација на хемискиот состав и биолошката активност на видовите бор и смрека (*Pinus* spp., Pinaceae, *Juniperus* spp., Cupresaceae) од македонската флора и проценка на можностите за нивна употреба во медицински и/или во други комерцијални цели" (домашен проект со меѓународно учество, Фармацевтски факултет, во тек, започнат во 2010 год.).	5 5

5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
	Котевска В, **Кафтанциева А.,** Пановски Н., Петровска М., Цветковиќ Д. Споредба на резистенција на *Streptococcus pneumoniae* кон пеницилин и азитромицин. Мак. мед. преглед 2000;5-6: 207-211.	2,4
	К. Поповска-Јовановска, Ж. Цековска, **А. Кафтанциева**, И. Хаџи-Петрушевска. Атхерентни карактеристики кај MPCA и MCCA од клиничко потекло. Мак. Спи. мед 2001; 47: (1-2): 59-65.	2,4
	Котевска В., Спасеновски Т., **Кафтанциева А.**, Петровска М., Пановски Н. Диск-дифузиони и дилуциони тестови во детекција на антибиотска резистенција на *Streptococcus pneumoniae.* Мак. мед. преглед 2002; 56(5-6): 217-316.	2,4
	Кафтанциева А., Котевска В., Поповска-Јовановска К., Пановски Н. Детекција на ентеробактериите кои продуцираат ESBL (бета-лактамази со проширен спектар) и нивна преваленција во клиничките изолати. Acta Chirurgica Macedonica 2003; 2(2): 93-104.	2,4
	Каќа Поповска-Јовановска, Жаклина Цековска, **Ана Кафтанциева**, Кристин Василевска, Милена Петровска, Татјана Грданоска. Проценка на вредноста на микробиолошките податоци во идентификацијата на катетер-асоцираната септикемија (КАС) кај клинички сигнификантни пациенти. Македонско списание за медицина 2003. 49 (1-2) 115-122.	2,4
	Кафтанциева А., Котевска В., Петровска М. ESBL (бета-лактамази со проширен спектар): актуелен проблем во клиничката микробиологија. Мак. мед. преглед 2003;1-2:18-21.	3,2
	Цековска Жаклина, Поповска-Јовановска К, **Кафтанциева А.**, Петровска М., Пановски Н. Значењето на протеинот А, Clumping факторот и хидрофобичноста за појавата на мултиплата антибиотска резистенција кај метицилин резистентниот *Staphylococcus aureus*. Acta morphologica 2005. Vol 2 (2): 56-63.	2,4
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Jankoska G., Petrovska M., Panovski N. Susceptibility of extended spectrum beta-lactamases (ESBL)-producing *Enterobacteriaceae* to antimicrobial agents. Acta morphol 2006;3(1):60-66.	2,4
	Котевска В., Јанкоска Г., **Кафтанциева А.**, Пановски Н., Петровска М. Компарација на конвенционални и молекуларни методи за идентификација на *Streptococcus pneumoniae.* Physioacta 2008;2(1):41-46.	2,4
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Jankoska G., Panovski N.	2,4

	Detection and susceptibility of ESBL-producing *Enterobacteriaceae* in children with lower respiratory tract infections. Acta morphologica 2009;6(1):81-86.	3,2
	Котевска В., **Кафтанциева А.**, Петровска М. Серотипизација на соевите на *Streptococcus pneumoniae* и нивната антибиотска резистенција во детска возраст. Acta morphologica 2009;6(1):77-80.	
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., Kjurcik-Trajkovska B., Petrovska M. Prevalence and spread of ESBL-producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* at University clinics in Skopje. Acta morphologica 2009;6(2):66-71.	2,4
6.	**Трудови со оригинални научно-стручни резултати, објавени во референтно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор или само со ИФ**	
	A. Kaftandzieva, V. Kotevska, G. Jankoska, B. K. Trajkovska, Z. Cekovska, M. Petrovska. Extended-Spectrum Beta-Lactamase-Producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* in Children at University Pediatric Clinic in Skopje. Macedonian Journal of Medical Sciences 2009; 15: 2(1) 36-41.	3,6
	Kotevska V., Trajkovska-Dokic E., Jankoska G., **Kaftandzieva A.**, Panovski N., Petrovska M. Phenotypes and genes of resistance of pneumococci to penicillin isolated from children. Contributions, Sec Biol Med Sci, MASA, XXX/1 2009:143-154.	3,6
	Cekovska Z, Petrovska M, Jankoska G, Panovski N, **Kaftandzieva A.** Isolation, identification and antimicrobial susceptibility of brucella blood culture isolates. Contributions 2010;31(1):117-32.	3,6
	Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Petrovska M., Panovski N., Spirovski Z., Abdulai H., Mediastinitis due to *Actinomyces naeslundii*. MJMS 2010; 3(2):159-163.	3,6
	Kaftandzieva A., Trajkovska-Dokic E., Panovski N. Prevalence and molecular characterization of extended spectrum beta-lactamases (ESBL)-producing *Escherichia coli* and *Klebsiella pneumoniae*. Contributions, Sec Biol Med Sci, MASA, XXXII/2, 2011:129-141.	4,8
	Trajkovska-Dokic E., Kotevska V., **Kaftandzieva A.**, Jankoska G., Mircevska G., Petrovska M., Panovski N. Phenotypic and genetic relationship of Acinetobacter baumanii isolates. Contributions, Sec Biol Med Sci, MASA, XXXII/2, 2011:157-168.	3,6

	Kaftandzieva A., Cekovska Z., Kaftandziev I., Petrovska M., Panovski N. Clinical utility of Gram stain microscopy and the correlation with culture. Maced J Med Sci 2012; 5(1):72-77.	3,6
	Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Panovski N., Petrovska M., Stojkova V., Jankoska G., Sofijanova A. A fatal case of *Listeria monocytogenes* sepsis in a newborn. IRJM 2012;3(3):80-85.	3,6
7.	**Апстракти објавени во зборник на конференција-меѓународна, национална**	
	Цековска Ж., **Кафтанциева А.**, Блажевска Б., Пановски Н. Наши искуства во дијагностиката на инфекциите со *Chlamydia trachomatis* со имунофлуоресцентни техники. I конгрес на медицинските лаборанти и санитарни техничари на Македонија. Зборник на трудови, Охрид 1996:15.	0,5
	Петровска М., Јанкоска Г., Кафтанциева А., Грданоска Т., Терзиев Ѓ. Испитување на ефектот на пиперацилинот и клавуланската киселина врз резистентните бактериски соеви. Прв конгрес на медицинските лаборанти и санитарни техничари на Македонија. Зборник на трудови 1996:12.	0,5
	Петровска М., Котевска В., Илиевска Т., Грданоска Т., **Кафтанциева А.** Осетливост кон цефахлор на најчестите предизвикувачи на респираторни инфекции. Симпозиум за алфацет 1996.	0,5
	Јанкоска Г., Петровска М., Пановски Н., Котевска В., Грданоска Т., **Кафтанциева А.** Микробиолошка дијагноза на гениталните инфекции. II македонско-бугарски гинеколошко-акушерски денови. Зборник на апстракти 1996:39.	0,5
	Cekovska Z, Panovski N, Kotevska V, Grdanoska T, **Kaftandzieva A.** Resistance of meticillin-resistant *Staphylococcus aureus* to new quinolones. The international symposium and workshop on hospital hygiene and hospital infection control. Book of abstract;Turkey;1996.p.42.	1
	Kotevska V, Petrovska M, Cekovska Z, **Kaftandzieva A**, Grdanoska T. Sensitivity of isolates from infected lower respiratory tract to beta lactams and representatives from other groups of antibiotics. The international symposium and workshop on hospital hygiene and hospital infection control. Book of abstract;Turkey;1996.p.46.	1
	Цековска Ж., Пановски Н., Грданоска Т., **Кафтанциева А.** Испитување на осетливоста на метицилин резистентниот *Staphylococcus aureus* кон новите кинолони. I конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак. Мед. преглед 1997;51 (суп 24):49.	0,5
	Поповска-Јовановска К., Цветковиќ Д., **Кафтанциева А.**, Панчевска С. Хидрофобичност на бактериската клетка кај *E.*	0,5

	coli, Acinetobacter spp. и *Pseudomonas aeruginosa.* I Конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1997;51 (суп 24):96.	
	Туџарова-Карацинова С., Дубровска Л., Јекиќ В., **Кафтанциева А.**, Цековска Ж. Бактериски предизвикувачи на хроничен отитис медиа. I Конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак мед преглед 1997;51 (суп 24):168.	0,5
	Поп Ацева М., Цветковиќ Д., **Кафтанциева А.** Влијанието на азитромицинот врз фагоцитната активност на полиморфонуклеарните леукоцити во периферната крв in vitro. I конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1997;51 (суп 24):219.	0,5
	Цветковиќ Д., Пановски Н., Цековска Ж., Грданоска Т., **Кафтанциева А.**, Цветковиќ К. Корелација на наодите од имуноензимската и имунофлуоресцентната матода за дијагностика на *Chlamydia trachomatis-* наши искуства. I Конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1997;51 (суп 24):230	0,5
	Јанкоска Г., Петровска М., Пановски Н., Грданоска Т., **Кафтанциева А.**, Котевска В. Корелација на микроскопскиот и културелниот наод кај гениталните инфекции. I Конгрес на микробиолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1997;51 (суп 24):264.	0,5
	Кафтанциева А., Котевска В., Петровска М., Пановски Н. *Streptococcus pneumoniae*-пеницилин резистентни соеви од изолати кај пациенти со респираторни инфекции. I Конгрес на инфектолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1999;53 (суп 37):153.	0,5
	Грданоска Т., Кондова И., **Кафтанциева А.**, Дамчевска Ј., Цветковиќ Д., Пановски Н. Проценка на серолошките тестови за дијагноза на инфекциите со *Chlamydia pneumoniae.* I Конгрес на инфектолозите на Македонија. Мак мед преглед 1999;53 (суп 37):118.	0,5
	Кафтанциева А., Кулеванова С., Грданоска Т., Димитровска А., Стефков Ѓ., Пановски Н. Антимикробното делување на етерични масла од различни видови Thymus L. I Конгрес на фармацевтите на Македонија. Билтен на Мак. фармац. друштво 1999;1-2:202.	0,5
	Panovski N., Grdanoska T., Kondova I., Damcevska J., Cvetkovik D., **Kaftandzieva A.** Diagnostic tests for Chlamydia infections. First Balkan Conference of Microbiology. Book of abstract; Plovdiv, Bulgaria; 1999. p.53.	1
	Grdanoska T., Panovski N., Dokic E., Petrovska M., Cvetkovic D., **Kaftandzieva A.**, Dokic D., Georgievska-Ismail Lj. Two serological assays for detection of antibody response to Chlamydial infections. 4th Meeting of the European Society for Chlamydia research. Book of abstract ;Helsinki, Finland; 2000. p.103.	1
	Kulevanova S., **Kaftandzieva A.**, Dimitrovska A., Stefkov Gj.,	

	Panovski N. Antimicrobial activity of essential oils of different Thymus species (Lamiaceae) from the Macedonian flora. 6th International Congress on Ethnopharmacology. Book of abstract;Zurich,Switzerland; 2000.2A/86.	1
	Kulevanova S., **Kaftandzieva A.**, Dimitrovska A., Stefkov Gj., Panovski N. Antimicrobial activity of essential oils of different Thymus tosevii varietes (Lamiaceae). European Journal of pharmaceutical sciences 2000;11(sup1):PO-156.	1
	Кафтанциева А., Цековска Ж., Пановски Н. Застапеност на анаеробните бактерии кај пациенти хоспитализирани во Хируршките клиники. II Конгрес на хирурзите на Македонија. Книга на апстракти; Охрид; 2000. стр.152.	0,5
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Panovski N., Petrovska M. Beta-lactams or macrolides in the treatment of the lower respiratory tract infections-microbiological aspects. NATO Advanced Research Workshop. Book of abstracts; Varna,Bulgaria; 2000. p.24.	1
	Цековска Ж., Јанковска Г., Грданоска Т., Петровска М., Пановски Н., **Кафтанциева А.** Идентификација на анаеробните бактерии и преглед на нивната осетливост. II Конгрес на хирурзите на Македонија, Охрид. Книга на апстракти 2000. стр.142.	0,5
	Petrovska M., V. Kotevska, **A. Kaftandzieva**, G. Jankoska, T. Grdanoska: Antibiotic Suspectibility of *Streptococcus pneumoniae, Streptococcus pyogenes* and Other Beta Haemolytic Streptococca. 9th International Congress of Infectious Diseases, Buenos Aires, Argentina, 2000. 95.060.	1
	Kotevska V, **Kaftandzieva A,** Panovski N, Petrovska M: Beta laktami ili makrolidi u terapiji infekcija donjih disajnih puteva – mikrobioloski aspekti. VIII Kongres mikrobiologa Jugoslavije. Kratki sadrzaji radova; 2000. p. 275.	1
	Kaftandzieva A, Kotevska V, Panovski N: Detection of extended spectrum Beta lactamases (ESBLs) and their prevalence among clinical isolates of *Enterobacteriaceae*. Microbiologia Balcanica 2001, 2nd Balkan Conference ofMicrobiology. Abstracts;Thessaloniki, Greece; 2001. p.313.	1
	Kotevska V, **Kaftandzieva A**, Panovski N, Petrovska M, Curcic-Trajkovska B: Resistance of respiratory tract *Streptococcus pneumoniae* strains. Microbiologia Balcanica 2001, 2nd Balkan Conference of Microbiology, Abstracts; Thessaloniki, Greece; 2001. p.294.	1
	Cekovska Z, Popovska-Jovanovska K, Petrovska M, Trajkovska-Dokic E, **Kaftandzieva A,** Panovski N: Microbiological examination of pleural fluids and antimicrobial susceptibility of the isolates. Microbiologia Balcanica 2001, 2nd Balkan Conference of Microbiology. Abstracts; Thessaloniki, Greece; 2001. p. 336.	1
	Kotevska V., **A. Kaftandzieva**, N. Panovski, M. Petrovska: Resistance of *Streptococcus pneumoniae* to penicilin, azitromycin, ciprofloxacine and ceftriaxone. 11th ERS Annual Congress, Germany 2001;18(33):140s.	1
	K. Popovska Jovanovska, **A. Kaftanzieva**, Z. Cekovska, Curcic-Trajkovska B. *Staphylococcus aureus* as a dominant colonizer of	

	burn tissue injury of the patiens hospitalized in the „Sv. Naum Ohridski" hospital in Skopje. Fems Symposium: Laboratory Diagnosis of Emerging Infections, Ohrid. Mak med pregled 2002; 55(50): 38-39.	0,5
	K. Popovska Jovanovska, Z. Cekovska, **A. Kaftandzieva**, K. Vasilevska, M. Petrovska, T. Grdanovska, V. Gerasimovska. CAS semiquantitative method by Maki and Wynne Jones criteria as relevant parameter for laboratory diagnosis of catheter-associated septicaemia. Fems Symposium: Laboratory Diagnosis of Emerging Infections, Ohrid. Mak med pregled 2002; 55(sup 50): 36-37.	0,5
	Kaftanzieva A., Kotevska V., Popovska- Jovanovska K., Panovski N. Techniques for detection of beta-lactamases with extended spectrum (ESBL) and their prevalence among clinical isolates. Fems Symposium: Laboratory Diagnosis of Emerging Infections, Ohrid. Mak med pregled 2002; 55(sup 50): 19-20.	0,5
	Kotevska V., **Kaftandzieva A.**, Panovski N., Petrovska M. Resistance of respiratory tract *Streptococcus pneumoniae* strains. 12th ERS Annual Congress, Sweden 2002;20(38): 358s.	1
	Kaftanzieva A., Kotevska V., Panovski N., Jankoska G., Petrovska M., Grdanoska T. Detection of extended spectrum beta lactamases (ESBLs) in *Enterobacteriaceae* isolated from tracheal aspirates. 12th ERS Annual Congress, Sweden 2002; 20 (38): 359s.	1
	Пановски Н., Котевска В., **Кафтанциева А.** Преглед на осетливоста на изолатите од респираторниот тракт во период 1995-2000. Мак мед преглед 2003; 53(37): 78.	0,5
	Поповска Јовановска К., **Кафтанциева А.**, Ивиќ-Колевска С., Ќурчиќ-Трајковска Б. Профил на болничкиот еко систем во хируршка единица за интензивно лекување (ЕИЛ) во период од една декада. Мак мед преглед 2003; 53(37): 166.	0,5
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Popovska-Jovanovska K., Panovski N. Susceptibility of extended spectrum beta-lactamases (ESBLs) producing strains of *Klebsiella spp.* and *E. coli* to antimicrobial agents. I FEMS Congress. Abstract book; 2003. P7-7.	1
	Кафтанциева А., Котевска В., Ивиќ-Колевска С., Поповска-Јовановска К., Пановски Н. Осетливост на ESBL-продуцирачки соеви на *Klebsiella spp.* и *Escherichia coli* изолирани од пациенти на Клиниката за детски болести во Скопје. III конгрес на педијатрите. Зборник на апстракти; 2003. I/028.	0,5
	Петровска М., Трајковска-Докиќ Е., Јанкоска Г., **Кафтанциева А**, Хаџи-Петрушева-Мелоска И. Вируленција и резистенција на кинолон-резистентни уринарни изолати на *Escherichia coli*. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак мед преглед 2006; 60(суп.67):12.	0,5
	Гулева Ј., Калајциева-Зип М., Деловска-Стојкова В., Михајловиќ-Димовска Б., Пеншовска Т., Јегени М., Ѓуковиќ-Е., **Кафтанциева А**. Осетливост на стрептококи кон антибиотици кај новородени на наш материјал. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно	0,5

	ување. Мак мед преглед 2006; 60(суп.67):15.	
	Котевска В., Трајковска-Докиќ Е., **Кафтанциева А.**, Јанкоска Г., Курчиќ-Трајковска Б., Хаџи-Петрушева-Мелоска И., Пановски Н., Петровска М. Гени на резистенција кај пеницилин резистентни соеви на *Streptococcus pneumoniae* во детска возраст. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак мед преглед 2006; 60(суп. 67):27.	0,5
	Popovska K., Zafirovska K., Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Gerasimovska V., Zdravkovska M., Kolevska-Ilic S., Mladenovska G. *Stenotrophomonas maltophilia* as nosocomial pathogen in catheter associated bacteremia (CAS): case report. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак. мед. преглед 2006; 60(суп. 67):43.	0,5
	Поповска-Јовановска К., Каранфиловска А., **Кафтанциева А.**, Цветковиќ Д., Грданоска Т., Блажевска Б., Ивиќ-Колевска С. Улогата на условно патогените микроорганизми од микрофлората на усната лигавица во настанувањето на длабок кариес. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак мед преглед 2006; 60(суп. 67):85.	0,5
	Кафтанциева А., Мирчевска Г., Ислами Н., Цековска Ж., Јанкоска Г., Поповска-Јовановска К., Петровска М., Кафтанциев И. Споредба на наоди од културелно и микроскопско испитување кај брисеви од рана. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак. мед. преглед 2006; 60(суп. 67):91.	0,5
	Цековска Ж., Петровска М., Пановски Н., Поповска-Јовановска К., **Кафтанциева А.**, Стојковски Љ., Мицевска Г., Јанкоска Г., Мирчевска Г. Детекција на микроорганизми во крв со BactAlert-системот и нивна идентификација со Vitek. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак. мед. преглед 2006; 60(суп. 67):91.	0,5
	Ивиќ-Колевска С., Коциќ П., Коциќ Б., Пемовска Г., Поповска-Јовановска К., **Кафтанциева А.**, Петровска М. In vitro осетливост на предизвикувачите на инфекции на дијабетично стопало. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак. мед. преглед 2006; 60(суп. 67):102.	0,5
	Котевска В., Мирчевска Г., **Кафтанциева А.**, Цековска Ж., Сајковски А., Пановски Н., Петровска М. Микробиолошка анализа на трахеални аспирати од деца хоспитализирани на одделот за интензивно лекување на Клиниката за детски болести во Скопје. IV конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество. Зборник на апстракти; Охрид; 2007. стр. 88.	0,5
	Кафтанциева А., Котевска В., Мирчевска Г., Пановски Н. Ентеробактерии што продуцираат бета-лактамази со проширен спектар изолирани од трахеални аспирати. IV	

	конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество. Зборник на апстракти; Охрид; .2007. стр. 243.	1
	Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Petrovska M., Popovska-Jovanovska K., Kotevska V., Panovski N. Is the automatized method necessary for microbiological diagnosis in punctates? 5th Balkan congress for microbiology. Abstract book; Budva, Montenegro; 2007. p. 56.	1
	Kaftandzieva A, Cekovska Z, Zdravkovska M, Jankoska G, Popovska-Jovanovska K, Kaftandziev I, Petrovska M. Panovski N. Correlation of gram stain with culture for the microbiological analysis of wounds. 5th Balkan congress for microbiology. Abstract book; Budva, Montenegro; 2007. p.56.	1
	Kotevska V, Jankoska G, Mircevska G, Cekovska Z, **Kaftandzieva A**, Panovski N, Petrovska M. Vitek system in identification of *Haemophilus influenzae* and *Haemophilus parainfluenzae* biotypes and production of beta-lactamase. 5th Balkan congress for microbiology. Abstract book; Budva, Montenegro; 2007. p.53.	1
	Popovska-Jovanovska K, Cekovska Z, **Kaftandzieva A**, Gerasimovska V, Oncevski V, Brankovic V. Clinical significance of slime-producing *Staphylococcus epidermidis* in catheter related infections. 5th Balkan congress for microbiology. Abstract book; Budva, Montenegro; 2007. p.53.	0,5
	Цековска Ж., Петровска М., Пановски Н., **Кафтанциева А.**, Поповска-Јовановска К., Јанкоска Г. Хемокултурата-драгоцен метод во детекцијата на потенцијалните причинители на септикемија. Трет конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество. Зборник на апстракти ;Охрид, Македонија; 2007, стр 139.	1
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Mircevska G., Cekovska Z., Panovski N. Detection and susceptibility of ESBL-producing enterobacteriaceae isolated from tracheal aspirates. 6th Congress of Medical microbiology, Micromed. Book of abstract; Beograd, Srbija; 2008. p.33.	1
	Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Kotevska V., Jankoska G., Grdanoska T., Labacevska L., Petrovska M., Panovski N. MRSA in Clinical centar in Skopje in one year period. 6th Congress of Medical microbiology, Micromed. Book of abstract; Beograd, Srbija; 2008. p. 9.	1
	Kotevska V., **Kaftandzieva A.**, Mircevska G., Panovski N., Petrovska M. The most frequent microorganisms from the lower respiratory tract samples from children at Intensive care unit. 6th Congress of Medical microbiology, Micromed. Book of abstract; Beograd, Srbija; 2008. p.34.	0,5
	Кафтанциева А., Цековска Ж., Пановски Н. Етиологија на инфекциите во трауматологијата и ортопедијата. Трет конгрес на МАОТ со меѓународно учество. Книга на апстракти ; Охрид, Македонија; 2009, стр. 53.	0,5
	Цековска Ж., **Кафтанциева А.**, Лабачевска Л., Јанкоска Г., Котевска В., Петровска М., Пановски Н. Преглед на наоди	

	од хемокултури кај пациентите хоспитализирани на Универзитетските клиники во Скопје. Трет конгрес на МАОТ со меѓународно учество. Книга на апстракти; Охрид, Македонија; 2009, стр.30.	0,5
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., Curcic-Trajkovska B., Petrovska M., Panovski N. Prevalence and spread of extended-spectrum beta-lactamase-producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* at University clinics in Skopje. 6th Balkan Congress of microbiology, Ohrid, Macedonia. Mak med pregled 2009; 63(78): 108.	1
	Kaftandziev I., **Kaftandzieva A.** Etiology of infection in traumatology and orthopaedics related to wound type and surgical procedure. 11th EFFORT Congress Madrid, Spain 2010 (E-poster presentation).	
	Karapandzeva M., Stefkov G., Trajkovska-Dokic E., Kadifkova-Panovska T., **Kaftandzieva A.**, Petrovski O., Kulevanova S. Chemical composition of essential oil of Pinus peuce (Pinaceae) from Macedonian flora and its antimicrobial activity. Planta Medica 2010; 12 (76): p 424.	1
	Кафтанциева А., Котевска В., Цековска Ж., Трајковска-Докиќ Е., Петровска М., Пановски Н. Бета-лактамази со проширен спектар кај *E. coli* и *Klebsiella spp* во Универзитетската клиника за педијатрија во Скопје: преваленција, антимикробна осетливост и молекуларна типизација. Петти конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија. Зборник на апстракти 2011: 34.	0,5
	Trajkovska-Dokic E., Grdanoska T., **Kaftandzieva A.**, panovski N. Detection of *Helicobacter pylori* specific IgG antibodies and CagA seropositivity in patients with different gastroduodenal diseases. 7th Conference: *Helicobacter pylori* from basic research to clinical issues. Book of abstracts; Villars-sur-Ollon, Switzerland; 2011.p. 45.	1
	Kaftandzieva A., Trajkovska-Dokic E., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., Petrovska M., Panovski N. Extended-spectrum beta-lactamases producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* - detection, molecular characterization and resistance pattern. 7th Balkan Congress of Microbiology (Microbiologia Balkanica), Belgrade, Serbia 2011.	1
	Cekovska Z., **Kaftandzieva A.**, Petrovska M., Stojkova V., Panovski N. Methicillin resistant *Staphylococcus aureus* in the University clinics in Skopje in the last two years. 7th Balkan Congress of Microbiology (Microbiologia Balkanica), Belgrade, Serbia 2011.	1
	Trajkovska-Dokic E., **Kaftandzieva A.**, Petrovska M., Panovski N. Pathovirology, diagnostic and current status of HPV infections in Macedonian women. 7th Balkan Congress of Microbiology (Microbiologia Balkanica), Belgrade, Serbia 2011.	1
	Trajkovska-Dokic E., **Kaftandzieva A.**, Grdanoska T., Stojkovska V., Panovski N. Prevalence of *Clostridium difficile* in patients with antibiotic-associated diarrhoea and	1

	pseudomemranous colitis. 4th International Clostridium difficile Symposium. Book of abstracts; Bled, Slovenia; 2012. p.74.	
	Јанкоска Г, Трајковска-Докиќ Е, Петровска М, **Кафтанциева А**, Поповска К, Пановски Н. Молекуларни испитувања на факторите на вируленција кај ентерококите. Симпозиум на ЗММ. Зборник на апстракти; Охрид, Македонија; 2012	0,5
	Кафтанциева А., Трајковска-Докиќ Е., Котевска В., Цековска Ж.,Пановски Н. Детекција на гените што кодираат синтеза на бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај *Escherichia coli* и *Klebsiella pneumoniae* со Multiplex PCR. Симпозиум на ЗММ. Зборник на апстракти; Охрид, Македонија; 2012.	0,5
8.	**Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација, постер**	
	Кафтанциева А., Котевска В., Петровска М., Пановски Н. *Streptococcus pneumoniae*-пеницилин резистентни соеви од изолати кај пациенти со респираторни инфекции. I конгрес на инфектолозите на Македонија. Мак. мед. преглед 1999;53 (суп 37):153	0,5
	Кафтанциева А., Кулеванова С., Грданоска Т., Димитровска А., Стефков Ѓ., Пановски Н. Антимикробното делување на етерични масла од различни видови Thymus L. I конгрес на фармацевтите на Македонија. Билтен на Мак. фармац. друштво 1999;1-2:202.	0,5
	Кафтанциева А., Цековска Ж., Пановски Н. Застапеност на анаеробните бактерии кај пациенти хоспитализирани во Хируршките клиники. II конгрес на хирурзите на Македонија. Книга на апстракти; Охрид; 2000. стр.152.	0,5
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Panovski N., Petrovska M. Beta-lactams or macrolides in the treatment of the lower respiratory tract infections-microbiological aspects. NATO Advanced Research Workshop. Book of abstracts; Varna,Bulgaria; 2000. p.24.	0,5
	Kaftandzieva A, Kotevska V, Panovski N: Detection of extended spectrum Beta lactamases (ESBLs) and their prevalence among clinical isolates of *Enterobacteriaceae*. Microbiologia Balcanica 2001, 2nd Balkan Conference ofMicrobiology. Abstracts;Thessaloniki, Greece; 2001. p.313.	0,5
	Kaftanzieva A., Kotevska V., Popovska- Jovanovska K., Panovski N. Techniques for detection of beta-lactamases with extended spectrum (ESBL) and their prevalence among clinical isolates. Fems Symposium: Laboratory Diagnosis of Emerging Infections, Ohrid. Mak med pregled 2002; 55(sup 50): 19-20.	1
	Kaftanzieva A., Kotevska V., Panovski N., Jankoska G., Petrovska M., Grdanoska T. Detection of extended spectrum beta lactamases (ESBLs) in *Enterobacteriaceae* isolated from tracheal aspirates. 12th ERS Annual Congress, Sweden 2002; 20 (38): 359s.	0,5
		0,5

	Kaftandzieva A., Kotevska V., Popovska-Jovanovska K., Panovski N. Susceptibility of extended spectrum beta-lactamases (ESBLs) producing strains of *Klebsiella spp.* and *E. coli* to antimicrobial agents. I FEMS Congress. Abstract book; 2003. P7-7. **Кафтанциева А.**, Котевска В., Ивиќ-Колевска С., Поповска-Јовановска К., Пановски Н. Осетливост на ESBL-продуцирачки соеви на *Klebsiella spp.* и *Escherichia coli* изолирани од пациенти на Клиниката за детски болести во Скопје. III конгрес на педијатрите. Зборник на апстракти; 2003. I/028.	0,5
	Кафтанциева А., Мирчевска Г., Ислами Н., Цековска Ж., Јанкоска Г., Поповска-Јовановска К., Петровска М., Кафтанциев И. Споредба на наоди од културелно и микроскопско испитување кај брисеви од рана. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество. Мак. мед. преглед 2006; 60(суп. 67):91.	0,5
	Кафтанциева А., Котевска В., Мирчевска Г., Пановски Н. Ентеробактерии што продуцираат бета-лактамази со проширен спектар изолирани од трахеални аспирати. IV конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество. Зборник на апстракти; Охрид; 2007. стр. 243.	0,5
	Kaftandzieva A, Cekovska Z, Zdravkovska M, Jankoska G, Popovska-Jovanovska K, Kaftandziev I, Petrovska M. Panovski N. Correlation of gram stain with culture for the microbiological analysis of wounds. 5th Balkan congress for microbiology. Abstract book; Budva, Montenegro; 2007. p.56.	0,5
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Mircevska G., Cekovska Z., Panovski N. Detection and susceptibility of ESBL-producing enterobacteriaceae isolated from tracheal aspirates. 6th Congress of Medical microbiology, Micromed. Book of abstract; Beograd, Srbija; 2008. p.33.	1
	Кафтанциева А., Цековска Ж., Пановски Н. Етиологија на инфекциите во трауматологијата и ортопедијата. Трет конгрес на МАОТ со меѓународно учество. Книга на апстракти ; Охрид, Македонија; 2009. стр. 53.	0,5
	Кафтанциева А., Котевска В., Цековска Ж., Трајковска-Докиќ Е., Петровска М., Пановски Н. Бета-лактамази со проширен спектар кај *E. coli* и *Klebsiella spp* во Универзитетската клиника за педијатрија во Скопје: преваленција, антимикробна осетливост и молекуларна типизација. Петти конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија. Зборник на апстракти 2011: 34.	1
9.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	

	Kaftandzieva A., Trajkovska-Dokic E., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., Petrovska M., Panovski N. Extended-spectrum beta-lactamases producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* - detection, molecular characterization and resistance pattern. 7th Balkan Congress of Microbiology (Microbiologia Balkanica), Belgrade, Serbia 2011.	**3**
10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
	Kaftandzieva A., Kotevska V., Cekovska Z., Jankoska G., Curcic-Trajkovska B., Petrovska M., Panovski N. Prevalence and spread of extended-spectrum beta-lactamase-producing *E. coli* and *Klebsiella pneumoniae* at University clinics in Skopje. 6th Balkan Congress of microbiology, Ohrid, Macedonia. Mak med pregled 2009; 63(78): 108.	**2**
	Кафтанциева А, Блажевска Б, Ристовска Н, Пановски Н. ESBL (бета-лактамази со проширен спектар): актуелен проблем во клиничката микробиологија. Октомвриски лаборантски средби. Охрид, Р.Македонија, 2010.	**2**
	Кафтанциева А., Трајковска-Докиќ Е., Котевска В., Цековска Ж.,Пановски Н. Детекција на гените што кодираат синтеза на бета-лактамази со проширен спектар (ESBL) кај *Escherichia coli* и *Klebsiella pneumoniae* со Multiplex PCR. Симпозиум на ЗММ. Зборник на апстракти; Охрид, Македонија; 2012.	**2**
11.	**Секциски предавања на научен/стручен собир**	
	Терапија на инфекциите на долните респираторни патишта-микробиолошки аспекти, Здружение на пулмолози на Македонија, Отешево, 2000.	**1**
	Испитување на осетливоста на бактериите кон антимикробни средства (диск-дифузионен метод), Здружение на микробиолозите на Македонија, Штип, 2005.	**1**
	Интерпретација на резултатите добиени со диск-дифузониот метод, Здружение на микробиолозите на Македонија, Дојран, 2005.	**1**
	Детекција и терапија на инфекциите предизвикани со бактерии што продуцираат бета-лактамази (ESBL и метало-бета-лактамази), Стручен состанок, предавање за специјализанти, КАРИЛ, април 2012.	**1**
	Вкупно	**162,4**

Стручно-апликативна дејност

		Поени
	Завршена специјализација	2
	Раководител на лабораторија	1
	Вкупно	**3**

Дејност од поширок интерес

		Поени
	Студиски престој во странство Како стипендист на FEMS (Federation of the European Microbiology Societies) престојувала на Институтот за микробиологија, Универзитетот Semmelweis во Будимпешта, Унгарија, во период од 3 месеци (октомври-декември 2001 год.). Во период од 5 недели (април-мај 2002 год.) престојувала на Институтот за медицинска микробиологија (Institut fur Medizinische Mikrobiologie und Hygiene) при Универзитетот во Регенсбург, Германија.	0,5 0,5
	Член на оранизационен или програмски одбор на научен/стручен собир 1. Прв конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓ. учество, Охрид, Македонија, 1997. 2. FEMS Supported Symposium ,Laboratory diagnosis of emerging infections", Ohrid, Macedonia, 2002 3. Втор конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓ. учество, Охрид, Македонија, 2001. 4. Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓ. учество, Охрид, Македонија, 2006. 5. Четврти конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓ. учество, Охрид, Македонија, 2009. 6. 6th Balkan Congress of Microbiology, Ohrid, R. Macedonia, 2009. 7. Симпозиум на микробиолозите на Македонија, Охрид, Македонија, 2012.	1 1 1 1 1 1 1

	Член на факултетска комисија 1. Комисија за јавни набавки за тестови за серолошка дијагноза и идентификација бр.13/2012, јуни, 2012 - член	0,5
	2. Комисија за јавни набавки за потрошен материјал за бактериолошка и миколошка култивација, идентификација и одредување осетливост бр.14/2012, јули, 2012 - член	0,5
	3. Работна група за пречистување на ставки од постапката за набавка на китови и реагенси согласно Годишниот план за јавни набавки за 2012, септември 2012 - член	0,5
	4. Комисија за јавни набавки за тестови за серолошка дијагноза и идентификација бр.13-2/2012, ноември 2012 - член	0,5
	5. Работна група за пречистување на ставки од постапката за набавка на лабораториски потрошен материјал согласно Годишниот план за јавни набавки за 2012, ноември/декември 2012 - член	0,5
	Во период од три години (2007-2009) била член на Комисијата за следење на интрахоспитални инфекции при ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија.	3 x 0,5
	Вкупно	**12,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	47,31
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	162,4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	3
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	12
Вкупно	**224,71**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ _____ с.р.
2. Проф. д-р Милена Петровска _____ с.р.
3. Проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска _____ с.р.
4. Доц. д-р Жаклина Цековска _____ с.р.
5. Доц. д-р Гордана Јанкоска _____ с.р.

ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По анализата на приложената документација од ас. д-р Ана Кафтанциева, како и од личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека таа покажала несомнена и плодна научноистражувачка работа, која се гледа од објавените научни трудови во меѓународни и домашни релевантни списанија.

Кандидатката е коавтор на учебници и учебни помагала за студентите по медицина, стоматологија и фармација. При секоја евалуација на студентите, таа е оценувана со највисоки оценки, што претставува доказ за нејзиниот ангажман и успешност во изведувањето на наставната дејност.

Таа членува и активно работи во професионални и научни асоцијации и здруженија, врши континуирана медицинска едукација на докторите преку Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија. Благодарение на нејзините организациски способности, кандидатката дала голем придонес и во организирањето на голем број стручни и научни состаноци и конгреси од областа на микробиологијата.

Рецензентската комисија заклучи дека ас. д-р Ана Кафтанциева во целост ги исполнува критериумите за избор во звањето научен соработник, во согласност со Законот за високото образование и Статутот на УКИМ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја избере во звањето **НАУЧЕН СОРАБОТНИК.**

ЧЛЕНОВИ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ _____ с.р.
2. Проф. д-р Милена Петровска _____с.р.
3. Проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска _____ с.р.
4. Доц. д-р Жаклина Цековска _____с.р.
5. Доц. д-р Гордана Јанкоска _____ с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ИНФЕКТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилнокот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе РЕШЕНИЕ за избор на 1 наставник во сите звања по предметот ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ во согласност со конкурсот од 24.11.2012 година и формира РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА во состав: проф. д-р Љубомир Ивановски, проф. д-р Звонко Миленковиќ, проф. д-р Виолета Груневска, проф. д-р Стојмир Петров и проф. д-р Милена Петровска.

Задачата на Комисијата од претходниот став се состои во изготвување на рецензија на пријавениот кандидат, и тоа доц. д-р Миле Босилковски.

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р МИЛЕ БОСИЛКОВСКИ

Биографски податоци

Д-р Миле Босилковски е роден во Охрид на 5.XII 1958 година. Основно училиште и гимназија завршил во Ресен. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1977/78 година, а студиите ги завршил во јануари 1984 година, со среден успех 9,36.

Од септември 1985 година е вработен на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје. Специјализирал во периодот 1988-1992 година и во јануари 1992 година го положил специјалистичкиот испит по инфектологија.

Наставно-образовна дејност

Во соработничкото звање асистент по инфектологија е избран во 1995 година, кога активно бил вклучен во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија. Првиот реизбор го имал во 1998, а вториот во 2006 година. Во 2008 година е избран во звањето доцент и е вклучен во теоретската настава по предметот инфектологија. Ова звање го има до денес и е вклучен во изведувањето на практичната и теоретската настава по предметот инфектологија за студентите по медицина и стоматологија, како и за високите медицински сестри.

Автор и коавтор е на неколку поглавја во учебникот „Инфективни болести”, издаден во 2007 година од Катедрата за инфектологија при Медицинскиот факултет во Скопје и преиздаден во 2012 година, како и на Практикумот за стоматолози, издаден и преработен од истата Катедра.

Во текот на 7 години, кандидадот изведувал настава по инфектологија во ДМУЦ "Д-р Панче Караѓозов" во Скопје.

Ментор е на неколку семинарски трудови на специјализанти по инфектологија, и учествувал во комисии за одбрана на неколку дипломски трудови и оцена на една магистерска дисертација.

Научноистражувачка дејност

Магистерскиот труд: „Процена на тераписките ефекти од примената на две антимикробни комбинации во третманот на хуманата бруцелоза" го одбранил во 1999 година. Докторската теза на тема: „Процена на параметрите коишто ги детерминираат клиничкиот тек и прогнозата на коскенозглобната форма на хуманата бруцелоза" ја одбранил во 2005 година.

Со свои и заеднички трудови учествувал на разни стручни конгреси, симпозиуми и состаноци во земјава, а во странство има учествувано на II азиско-пацифички симпозиум за тифус и други салмонелози во Бангкок-1994, на VII интернационален конгрес за инфективни болести во Хонг Конг-1996, Третиот, Четвртиот и Петтиот европски конгрес за хемиотерапија и инфекции во Мадрид - 2000, во Париз - 2002 и во Родос - 2003 година, Првиот симпозиум за зоонози во Сараево - 2005 година, меѓународната истражувачка Конференција за бруцелоза кај животни и луѓе во организација на COST во Скопје - 2005, XII интернационален конгрес за инфективни болести во Лисабон - 2006, Првиот интернационален состанок за лекување на хуманата бруцелоза во Јанина - 2006 година, научната конференција на MetaNET-проектот за бруцелозата во Југоисточна Европа и Медитеранот во Струга - 2009, Постдипломски едукационен курс во Кушадаси - 2010, IV евроазиски конгрес по инфективни болести во Сараево – 2011 година. На Конгресот во Родос, симпозиумот во Сараево, состанокот во Јанина, конференцијата во Струга и на постдипломскиот курс во Кушадаси учествувал како поканет предавач.

Д-р Миле Босилковски досега има објавено 73 стручни трудови, од кои 58 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје: бр. 637 од 1995, бр. 725 од 1999, бр. 894 од 2006 и бр. 938 од 2008 година. Дванаесет од трудовите се објавени во индексирани списанија со фактор на влијание, а пет од нив се дел од мултинационална соработка.

Од 2009 година учествува како главен истражувач од Република Македонија во мултинационален проект спонзориран од NIH-SAD, чиј носител е Benaroya Research Institute од Сиетл, САД, насловен како „Blood transcriptional biomarker profiles for category B pathogens".

Стручно-апликативна дејност

Во текот на својот специјалистички стаж, д-р Миле Босилковски бил активно вклучен во стручната работа на Клиниката, една година бил и раководител на Специјалистичката консултативна амбуланта со дневна болница, а најголем период поминал работејќи на Одделот за цревни инфекции и зоонози, каде што е распределен и денес како шеф на отсек. Поле на негов потесен интерес е хуманата бруцелоза.

Во периодот јануари-април 2001 година го завршил Gorgas Course in Clinical Tropical Medicine во Перу. Во 2003 година го завршил курсот за орална реалиментација, спонзориран од УНИЦЕФ.

Од 1985 година е член на Здружението на инфектолози на Република Македонија, а од 1996 на International Society for Infectious Diseases. Член е на работната група за зоонози на International Society of Chemotherapy Infection and Cancer.

Бил член е на уредничкиот одбор на списанието „Case Reports in Virology and Infectious Diseases“ и има изготвувано рецензии за многу реномирани списанија. Исто така, бил член на Уредувачкиот одбор на Четвртиот конгрес на инфектолозите во 2012 година во Охрид и на Организациониот одбор на Научната конференција на MetaNET -проектот за бруцелозата во Југоисточна Европа и Медитеранот во Струга – 2009 година.

Дејности од поширок интерес

Д-р Босилковски е член на Комисијата за изготвување на правилници и на Комитетот за имунизации при Министерството на Р. Македонија. Повеќепати бил член на комисии назначувани од актуелниот министер за здравство во контролирање и надзор на спроведувањето на здравствената дејност во одделенијата за инфективни болести во Република Македонија.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Миле Глигор Босилковски
(име, татково име и презиме)
Институција: Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Медицински факултет, Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: инфектологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	Одржување на настава прв циклус студии	120	0.04	4.8
2.	Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)	525	0.03	15.75
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	1	0.5	0.5
4.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	1	0.3	0.3
5.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	3	0.1	0.3
6.	Изменето и дополнето издание на учебник-коавтор 1. Инфективни болести. Учебник за студентите по медицина. Приредува/редактор: проф д-р Љубомир Ивановски. Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2012.	1	3	3
7.	Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум-автор 1. Практикум по инфектологија. Катедра за инфектологија. Приредува/редактор: проф д-р Љубомир Ивановски. Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2011.	1	4	4
	ВКУПНО			**28.65**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1.	Национален координатор на меѓународен научен проект	1	5	5
2.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (+фактор на влијание) 1. Ariza J, Bosilkovski M, Cascio A, Colmenero JD, Corbel MJ, Falagas ME, Memish ZA, Roushan MR, Rubinstein E, Sipsas NV, Solera	1	3,6+12.601	16.201

	J, Young EJ, Pappas G. Perspectives for the treatment of brucellosis in the 21st century: the Ioannina recommendations. PLoS Med 2007;4:e317. 2. Bosilkovski M, Dimzova M, Grozdanovski K. Natural history of brucellosis in an endemic region in different time periods. Acta Clin Croat 2009;48:41-6. 3. Bosilkovski M, Katerina S, Zaklina S, Ivan V. The role of Brucellacapt test for follow-up patients with brucellosis. Comp Immunol Microbiol Infect Dis 2010;33:435-42. 4. Bosilkovski M, Krteva L, Dimzova M, Vidinic I, Sopova Z, Spasovska K. Human brucellosis in Macedonia - 10 years of clinical experience in endemic region. Croat Med J 2010;51:327-36. 5. Cascio A, Bosilkovski M, Rodriguez-Morales AJ, Pappas G. The socio-ecology of zoonotic infections. Clin Microbiol Infect 2011;17:336-42. 6. Erdem H, Ulu-Kilic A, Kilic S, Karahocagil M, Shehata G, Eren-Tulek N, Yetkin F, Celen MK, Ceran N, Gul HC, Mert G, Tekin-Koruk S, Dizbay M, Inal AS, Nayman-Alpat S, Bosilkovski M, Inan D, Saltoglu N, Abdel-Baky L, Adeva-Bartolome MT, Ceylan B, Sacar S, Turhan V, Yilmaz E, Elaldi N, Kocak-Tufan Z, Ugurlu K, Dokuzoguz B, Yilmaz H, Gundes S, Guner R, Ozgunes N, Ulcay A, Unal S, Dayan S, Gorenek L, Karakas A, Tasova Y, Usluer G, Bayindir Y, Kurtaran B, Sipahi OR, Leblebicioglu H. Efficacy and tolerability of antibiotic combinations in neurobrucellosis: results of the Istanbul study. Antimicrob Agents Chemother 2012;56:1523-8. 7. Mile B, Valerija K, Krsto G, Ivan V, Ilir D, Nikola L. Doxycycline-rifampin versus doxycycline-rifampin-gentamicin in treatment of human brucellosis. Trop Doct 2012;42:13-7.	1 1 1 1 1 1	3,6+0.188 3,6+2.986 3,6+1.455 3,6+4.540 3,6+4.841 3,6+0.663	3.788 6.586 5.055 8.140 8.441 4.263
3.	Секциско предавање на научен/стручен собир 1. Босилковски М. Слабости на стандардните микробиолошки процедури во дијагностиката на хуманата бруцелоза. Здружение на инфектолози на РМ, Скопје 2009.	1	1	1
4.	Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество 1. Босилковски М. Клинички и епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Република Македонија. III конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2012. 2. Bosilkovski M, Krteva Lj, Caparoska S, Sopova Z. Human Brucellosis in Macedonia – 10 Years of Clinical Experience in Endemic Region. Meta NET Projecs Scientific Conference: Brucellosis in SEE and	2	2	4

	Mediterranean Region. Struga, 2009.			
5.	Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет 1. Bosilkovski M. Osteoarticular brucellosis. Brucellosis: epidemiological, microbiological, clinical and therapeutic aspects. Postgraduate Education Course. ESCMID. Kusadasi, Turkey, May 2010.	1	3	3
6.	Учество на научен/стручен собир со реферат- усна презентација 1. M. Bosilkovski, J. Solera, M.J. Castano-Aroca, M. Dimzova, R. Diaz, V. Arce Gorvel I. Moriyon, J.P. Gorvel. Human brucellosis. Blood transcriptional biomarker profiles for category B pathogens. Workshop. Benaroya research institute, Seatle , Spring 2011 2. M. Bosilkovski, J. Solera, M.J. Castano-Aroca, M. Dimzova, R. CondeAlvarez, V. Arce-Gorvel, R. Diaz, I. Moriyon, J.P. Gorvel. Human brucellosis. Blood transcriptional biomarker profiles for category B pathogens. Workshop. Benaroya research institute \, Seatle, October 2012 3. Doxycycline-rifampin versus doxycycline-rifampin-gentamicin in treatment of human brucellosis, The 4 th Eurasia Congress of Infectious Diseases. Sarajevo, May 2011. 4. Босилковски М, Кртева Љ. Тешкотии во следењето на пациентите со бруцелоза. IV конгрес на инфектолозите на Македонија. Охрид, мај 2012.	4	1	4
7.	Апстракти објавени во зборник на конференција-национална 1. Шопова Ж, Кртева Љ, Чапароска С, Босилковски М, Видиниќ И. Долнодигестивна ендоскопија кај хеморагични ентероколити. IV конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, 2012; Мак. мед. преглед, 2012; Суппл. 85: 23. 2. Цана Ф, Кртева Љ, Рангелов Г, Димзова М, Демири И, Босилковски М. Клиничко епидемиолошки карактеристики на бруцелозата кај постара популација. IV конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, 2012; Мак. мед. преглед, 2012; Суппл. 85: 76-7. 3. Рангелов г, Кртева Љ, Цана Ф, Димзова М, Демири И, Босилковски М. Бруцелозата во детска возраст. IV конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, 2012; Мак. мед. преглед, 2012; Суппл. 85: 77.	3	0,5	1.5
	ВКУПНО			**70.974**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1	Поглавје во книга- автор: 1. Bosilkovski Clinical manifestatiuons, diagnosis, and treatment of brucellosis In Uptodate. Wolters Kluver Health. www.uptodate.com 2. Bosilkovski Microbiology, epidemiology and pathogenesis of Brucella In Uptodate. Wolters Kluver Health. www.uptodate.com	2	3	6
2	Превод дел од книга	2	1	2
3	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија рецензии за меѓун. списанија	15	1	15
	ВКУПНО			23

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред број	Назив на активноста:	Број на активности	Поени од формулар	Поени
1	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание	1	1	1
2	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	1	0,5	0.5
3	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир	1	1	1
4	Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)-член	1	2	2
5	Учество во комисии и тела на државни и други органи	3	1	3
	ВКУПНО			7.5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**28,65**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**70,974**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**23**
ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**7,5**
ВКУПНО	**130,124**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Љубомир Ивановски, с.р.
2. Проф д-р Звонко Миленковиќ, с.р.
3. Проф.д-р Виолета Груневска, с.р.
4. Проф д-р Стојмир Петров, с.р.
5. Проф д-р Милена Петровска, с.р.

З А К Л У Ч О К

Врз основа на извршениот увид во приложената документација и бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 2011 година, Рецензентската комисија утврди дека кандидатот доц. д-р Миле Босилковски ги исполнува критериумите за избор во звањето вонреден професор по предметот инфектологија, и оттука има чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да му предложи доц. д-р Миле Босилковски да биде избран во звањето вонреден професор по предметот инфектологија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Љубомир Ивановски, с.р.
2. Проф д-р Звонко Миленковиќ, с.р.
3. Проф.д-р Виолета Груневска, с.р.
4. Проф д-р Стојмир Петров, с.р.
5. Проф д-р Милена Петровска, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА КАТЕДРАТА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, донесе решение за избор на еден наставник во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија и ја формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Весна Геразова, проф. д-р Антони Новотни, проф. д-р Марија Ралева, проф. д-р Викторија Вујовиќ и проф. д-р Филип Дума.

На конкурсот објавен во весникот, „Утрински весник" од 24.11.2012 година, се пријави кандидатот доцент д-р Бранислав Стефановски. По разгледувањето на доставените документи и познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов извештај:

И З В Е Ш Т А Ј

Доцент д-р Бранислав Стефановски

Биографски податоци

Доц. д-р Бранислав Стефановски е роден 1960 година, во Скопје, каде што завршил основно образование и гимназија. Во учебната 1978/79 година се запишаЛ на Стоматолошкиот факултет, а по завршувањето на првата година студиите ги продолжил на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал во јуни 1985 година со средна оценка 9,03. Во периодот октомври 1985 - октомври 1986 година бил стипендист на Републичкиот СИЗ за научни дејности. На Клиниката за нервни и душевни болести е вработен во постојан работен однос од јануар 1989 година.

Во периодот мај 1996-1999 година ја вршел функцијата секретар на стручното специјалистичко Здружение на психијатрите на РМ при МЛД. Бил член на УО на МЛД во периодот 1999-2002 година, бил член на стручна комисија при ЛК на РМ во периодот 2005-2010 година, како и член на второстепена стручна комисија при МТСП од 2006 година.

Во ноември 2005 година успешно го одбранил својот докторски труд под наслов: „Психоневроендокринолошки особености на афективните заболувања", со што се стекнал со звањето доктор на медицински науки.

Наставно-образовна дејност

Д-р Бранислав Стефановски бил активно вклучен во изведувањето на настава која ја реализирал на Катедрата за невропсихијатрија со медицинска психологија до 1993 година, а потоа на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија се до денешен ден на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје, како и на Филолошкиот факултет-отсек за психологија.

За помлад асистент по предметот невропсихијатрија со медицинска психологија е избран во 1991 година, а во 1995 година е избран за асистент на Катедрата за психијатрија со медицинска психологија. За асистент по истоименот предмет е реизбран во 2000 година. Во 2008 година е избран за доцент на Катедрата за Психијатрија со медицинска психологија, од кога активно учествува во изведувањето на теоретската настава за потребите на МФ при УКИМ по предметите: медицинска психологија, психијатрија, супервизија на следниве факултети: Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје, како и на тригодишните стручни студии за медицински сестри и техничари, физиотерапевти, логопеди и рендген-технолози при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во 2010 и 2011 година е одговорен наставник и ја реализира наставата по предметот психобиологија на Филолошкиот факултет-Отсек за психологија како изборен предмет.

Еден од авторите е на прирачникот „Упатства за практикување медицина заснована на докази" во издание на Министерство за здравство и Проектна единица за координација 2009-2010.

Бил ментор на успешно одбранет магистериум при МФ-УКУМ во 2010 година како и на дипломски труд во 2011 година. Во моментот е ментор на еден магистерски и еден докторски труд кои се во фаза на изработка, како и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови за оцена и одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации. Има рецензирано неколку трудови за домашни и страни стручни списанија.

Научноистражувачка дејност

Учествува во научната работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија од што произлегуваат повеќе научни трудови, презентирани на конгреси и објавувани во списанија во земјата и во странство. Досега рецезнираните трудови се објавени во следниве билтени: 4 труда во Билтен бр. 535/90, 11 труда во Билтен 638/95, 11 труда во Билтен 726/99, 18 труда во Билтен 830/3, докторска дисертација до 2005 година и 14 труда рецензирани во Билтен 937/08.

Во изминатиот период, по изборот во наставно-научното звање доцент, д-р Бранислав Стефановски бил редовен учесник со свои излагања на сите досегашни средби (Хрватско психијатриско биенале). Активен учесник е на досегашните меѓународните трилатерални психијатриски средби Скопје-Ниш-Софија. Учесник е на Конгресот на психијатрите на РС со меѓународно учество во 2012 година, како и на Првиот психијатриски конгрес на психијатрите на Црна Гора со меѓународно учество во 2012 година. Учесник е во постмаркетиншки психофармаколошки студии.

Учесник е во меѓународната студија BRIDGE, како и во меѓународниот проект од програмата FP-7.

Д-р Бранислав Стефановски имал кратки стручни престои: Cornell seminars во Салзбург-Австрија во 1996, Reformers in Psychiatry-1998 во Зеист-Холандија и во Клиниката за психијатрија при Клиничкиот центар во Нирмберг-Германија.

Член е на: Македонското лекарско друштво, Здружението на психијатрите на Македонија и Здружението на невролозите на РМ.

Стручно - апликативна дејност

Д-р Бранислав Стефановски од 2008 година е раководител на Одделот за Биолошка психијатрија при ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија.
Имал чести ангажмани со тематски предавања (акредитирани од ЛК на РМ) во склоп на професионалното Здружение на психијатрите на РМ. Бил ангажиран како експерт во областа од страна на Министерот за здравство за одредени психијатриски ентитети (2009-2010).
Акредитиран е како судски вештак од страна на Министерството за правда на РМ.
Често бил ангажиран од страна на Судскомедицинскиот одбор за изготвување на експертски мислења за одделни вештачења.
Ангажиран е од страна на МТСП за член на второстепена комисија за нега од друго лице од 2006 година.
Бил рецензент на стручни психијатриски трудови во списанија од областа на медицината во РМ и во странство.

Дејности од поширок интерес

Од октомври 2009, д-р Бранислав Стефановски ја врши функцијата продекан за здравство и е член на Деканатската управа на Медицискиот факултет. До именувањето на ф-јата продекан на МФ-УКИМ бил претседател на УО на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија. Претседател е на Одборот за специјализации и супспецијализации, како и на други комисии на Факултетот.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Бранислав Стефан Стефановски

Институција: Медицински факултет, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија

Научна област: психијатрија и медицинска психологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава по предметот психобиологија на Филозофски факултет-Отсек Психологија (VII семестар), 2009-2011 година (изборен предмет) 60 часа x 0,04 x 2 години,	4,8
	Одржување на настава по предметот психијатрија на општа медицина, 2008-2010 година 10 часа x 0,04 x 3 години,	1,2
	Одржување на настава по предметот психијатрија на општа медицина, 2011-2012 година 7 часа x 0,04 x 2 години,	0,56
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на општа медицина, 2008-2010 година 10 часа x 0,04 x 3 години,	1,2
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на општа медицина, 2011-2012 година 9 часа x 0,04 x 2 години,	0,72
	Одржување на настава по предметот психијатрија на стоматологија, 2008-2010 година 7 часа x 0,04 x 3 години,	0,84
	Одржување на настава по предметот психијатрија на стоматологија, 2011-2012 година 6 часа x 0,04 x 2 години,	0,48
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за Медицински сестри, 2008-2010 година 6 часа x 0,04 x 3 години,	0,72
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за Медицински сестри, 2011-2012 година 5 часа x 0,04 x 2 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за	0,72

	физиотерапевти, 2008-2010 година 6 часа x 0,04 x 3 години,	
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за физиотерапевти, 2011-2012 година 5 часа x 0,04 x 2 години,	0,72
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за радиотехнолози, 2008-2010 година 6 часа x 0,04 x 3 години,	0,72
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за радиотехнолози, 2011-2012 година 5 часа x 0,04 x 2 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за логопеди, 2008-2010 година 6 часа x 0,04 x 3 години,	0,72
	Одржување на настава по предметот медицинска психологија на тригодишните стручни студии за логопеди, 2011-2012 година 5 часа x 0,04 x 2 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот супервизија на тригодишните стручни студии за медицински сестри, 2008-2012 година 2 часа x 0,04 x 5 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот супервизија на тригодишните стручни студии за физиотерапевти, 2008-2012 2 часа x 0,04 x 5 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот супервизија на тригодишните стручни студии за логопеди, 2008-2012 2 часа x 0,04 x 5 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот супервизија на тригодишните стручни студии за радиотехнолози, 2008-2012 2 часа x 0,04 x 5 години,	0,4
	Одржување на настава по предметот психијатрија со психотерапија на тригодишните стручни студии за логопеди, 2008-2010 година 8 часа x 0,04 x 3 години,	0,96
	Одржување на настава по предметот психијатрија со психотерапија на тригодишните стручни студии за логопеди, 2011-2012 година 7 часа x 0,04 x 2 години,	0,56
	Одржување на настава по предметот психијатрија на тригодишните стручни студии за физиотерапевти, 2008-2012 4 часа x 0,04 x 5 години,	0,9
	Одржување на настава по предметот ментално здравје на тригодишните стручни студии за медицински сестри, 2008-	0,96

	2010. 8 часа x 0,04 x 3 години,	
	Одржување на настава по предметот ментално здравје на тригодишните стручни студии за медицински сестри, 2011-2012 7 часа x 0,04 x 2 години,	0,56
17.	Консултации со студенти за последните пет години (2008-2012) (2000 x 0,002)	4
18.	Ментор на дипломска работа	0,2
20.	Едукатор на здравствена специјализација (психијатрија), 2008-2012 година 10 часа x 0,08 x 5 години	4
21.	Едукатор на здравствена специјализација (семејна медицина), 2011-2012 година 6 часа x 0,08 x 2 години	0,96
22.	Член на комисија за оцена на докторат (x2)	1
	Член на комисија за подобност на на докторат (x2)	1
23.	Член на комисија за одбрана на докторат (x2)	1
24.	Член на комисија за оцена на подобност магистерски труд	0,3
25.	Член на комисија за одбрана на магистерски труд (x1)	0,3
26.	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (x 18)	3,6
27.	Член на комисија за специјалистички испит (x 18)	3,6
	Вкупно	**40,06**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Ментор на магистерска работа (x2)	1
2.	Ментор на докторска дисертација (x1)	3
3.	Учесник во меѓународен проект: BRIDGE study: Characteristics of Undiagnosed Bipolar Disorders in Patients with a Major Depressive 2011 https://delta.uthscsa.edu/BRIDGEstudyInvestigatorlist/	5
4.	Учесник во меѓународен проект (FP-7): PSYCH-CNVs: Copy number variations conferring risk of psychiatric disorders in children 2009-2011	5
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** 1. Параметри на квантифицирано ЕЕГ кај пациенти со БАР и шизофренија. Манушева Н, Новотни А, **Стефановски Б**, Бајрајтаров С, Зафировска-Ивановска Б. Епилепсија 2010; 35/36: 23-30. 2. Карактеристики на спектралната снага на алфа активноста во однос на клиничката слика на шизофреното растројство. Манушева Н, **Стефановски Б**, Новотни А,	2,4 2,4

	Пејоска-Геразова В, Димовски Д.. Епилепсија 2009;33/34:21-30.	
	3. Case report на пациент со шизофренија со неспецифични електроенцефалографски промени. Манушева Н, **Стефановски Б**, Пакетчиева К, Чаловска-Самарџиска В Епилепсија 2007,23/24:39-42.	2,4
	4. Babinkostova Z, **Stefanovski B**. Forms of antipsychotic therapy: improved individual outcomes under personalised treatment of schizophrenia focused on depression. EPMA Journal. August, 2011.	3,6
	5. Babinkostova Z, Stefanovski B. Family history in patients with schizophrenia and depressive symptoms. Contributions. 2011; 32(1): 219-28.	3,6
	6. Babinkostova Z, Stefanovski B. Depressive symptoms in schizophrenic patients. MEDICUS. 2010; 8(1): 126-31	3,6
	1. Клинички искуства со новиот антидепресив со двојна акција-венлафаџине во третман на пациенти со депресивно растројство. Манушева Н, Чадловски Г, **Стефановски Б**, Чаловска-Самарџиска В, Николов В. Македонски медицински преглед 2007, 61(1-3):74-8.	2,4
	2. Babinkostova Z, Stefanovski B. Depression intensity in patients with schizophrenia. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2011; 4(2): 174-9.	3,6
	3. Babinkostova Z, Stefanovski B. Life events impact on depression occurrence in patients with schizophrenia and depressive disorder. Physioacta. 2011; 5(1): 80-93.	3,6
	4. Babinkostova Z, Stefanovski B. Association between positive and negative schizophrenic symptomatology and depressive symptoms in patients with schizophrenia. Macedonian Medical Review. 2011; 65(1): 42-6.	3,6
6.	Секциско предавање на научен/стручен собир Предавач на КМЕ-работилници во организација на Здружение на психијатрите при МЛД (х 12)	12
7.	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество Stefanovski B, Babinkostova Z. Bipolar affective disorder-treatment dilemas. XI National conference of college private psychiatry&Meeting of psychiatrist from Sofija-Nis-Skopje	3
8.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** 1. Effect of chronic AD treatment and BNF in patients suffering fom depression. Risteska-Dimitrovska G, Pejoska-Gerazova V, Vujovic V., **Stefanovski B,** Novotni A. XI National conference of college private	1,0

	psychiatry&Meeting of psychiatrist from Sofija-Nis-Skopje	
	2. Постмаркетиншко клиничко испитување на Zanfexa XR (Venlafaxine). Манушева Н, Новотни А, **Стефановски Б**, Пејоска-Геразова В, Вујовиќ В, Ралева М. IV македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество Охрид, 29 мај 2009.	1,0
	3. Растројства на спиење во психијатријата (Sleep psychiatry). Манушева Н, Бајрактаров С, **Стефановски Б**, Новотни А, Рихтер Соколовска К, Димовски Д. IV Македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество Охрид, 27-31 мај 2009. Книга на апстракти Макед. Мед. Прегл. 2009 год 63 (супл.74): 29. (О-33)	1,0
	4. Olanzepin (Zalasta) во третманот на шизофренија, биполарна манија (адјувантна терапија кај други психијатриски состојби), следење на БМИ. Вујовиќ В., Пејоска Геразова В., Хаџи-Анѓелковска С., Хаџи-Анѓелковски Ѓ., **Стефановски Б.**, Бајрактаров С., Мицев В., Хаџи-Хамза К., Зафирова Б., Алексовска Љ. IV конгрес на психијатрите на РМ со меѓународно учество , Охрид, мај 2009, Зборник на апстракти, О-60	1,0
	5. Quantitative EEG parameters in bippolar patients correlated with psychopathology. Manusheva N, Arsova S, Novotni A, **Stefanovski B**, Gerazova V, Raleva M, Vujovic V. XIV Nacionalni kongres Udruzenja psihijatara Srbija, III Kongres Udruzenja psihijatara Istocne Evrope i Balkana, 18-21 April 2012 Beograd, Srbija. Psihijat Dan supll. 2012/XLIV/1-232/BEOGRAD	1,0
	6. Venlafaxine in outpatient treatment of patients with severe depressive epizode. Manusheva N, **Stefanovski B**, Paketcieva K, Novotni A, Calovska-Samardziska V, Miceva-Velickoska E. XIV World Congress of Psychiatry, 20-25 september 2008, Prague, P-03-101.	1,0
	7. The effect of anti depressant treatment on serum brain-derived neurotrophic factor levels in depressed pati ents. Gordana Ristevska-Dimitrovska[1,2], Vesna Pejoska Gerazova[1], Viktorija Vujovik[1], **Branislav Stefanovski**1, Antoni Novotni[1], Naser Durmishi[1], Stojna Ristevska[2], Jasmina Stepanoska[1]. [1]University Psychiatry Clinic, Skopje, FYROM [2]Higher Medical School, Bitola, FYROM. 2nd Internati onal Congress on Neurobiology, Psychopharmacology & Treatment Guidance, Thessaloniki, Greece 2011 and ICNP 2011	1,0
	8. Babinkostova Z, Stefanovski B. Depressive symptoms in schizophrenic patients. MEDICUS. 2010; 8(1): 126-31	1,0
	9. Личното и социјалното функционирање кај пациентите со шизофренија во однос на изразеноста на депресивната и	1,0

	негативната шизофрена симптоматологија. Арсова С, Геразова В. **Стефановски Б**, Исјановски В. Physioacta vol4-no2 2010, 45-47	1,0
	10. Patients with schizophrenia and self-care. Arsova S, Manuseva N, Gerazova-Pejovska V, Vujovic V, Novotni A, **Stefanovski B**. Psihijatrija danas, Suplementum 2012/XLIV/1-232/Beograd, 127	1,0
	11. Stojceva-Taneva O, Alabakovska S, Miladinova D, **Stefanovski B** Jankulovski N. Current reforms in the third cycle of studies in medicine in Macedonia: National report. Fift European conference, Orpheus 2010, Vienna, Austria, April 8-10, Abstract book p.28	1,0
	12. Stojceva-Taneva O, Jankulovski N, Alabakovska S, Miladinova D, **Stefanovski B**. Legislation changes aiming towards quality improvement of the PhD studies in Republic of Macedonia. 6-th European conference, Orpheus 2011, Izmir, Turkey, Abstract book p.35	1,0
	13. Stojceva-Taneva O, Jankulovski N, Alabakovska S, Miladinova D, **Stefanovski B**. Where do we stand regarding Orphers PhD quality indicators? 7-th European conference, Orpheus 2012, Bergen, Norway, 19-21 April. Conference book p.50	
	Вкупно	73,20

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1.	Ревизија на превод на книга (стручна редакција): Психијатрија- Kaplan&Shadok ed XVII	1
2.	Ревизија на научен труд за научно списание Physioacta (x1)	1
3.	Ревизија на научен труд за научно списание Македонски медицински преглед (x3)	3
4.	Ревизија на научен труд за меѓународно научно списание Psychiatria danubina	1
5.	Ревизија на научен труд во научно списание Прилози (Contributions) (x2)	2
6.	Изготвување на експертски мислења по налог на Судско-медицински одбор (x13)	13
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
1.	Продекан за здравство	4
2.	Член на Комисија за проверка на услови за признавање и полагање на државен испит при Лекарска комора на РМ	1,0
3.	Претседател на Одбор за специјализации на Медицински факултет	0,5
4.	Член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет	0,5

5.	Член на Деканатската управа на Медицинкиот факултет	0,5
6.	Член на Координативно тело за имплементација на специјализација по семејна медицина	0,5
7.	Член на комисија за избор на соработници за практичната настава на Медицински факултет (x4)	2
8.	Член на Работна група за изготвување на правила и режим за спроведување на специјализации и супспецијализации на Медицински факултет	0,5
9.	Претседател на УО на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	1
10.	Член на Стручна комисија за давање наод, оцена и мислење за потреба од помош и нега од друго лице по поднесена жалба против првостепено решение при Министерството за труд и социјална политика од 2006 до 2013.	1
11.	Член на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент (x4)	0,8
12.	Член на Рецензентска комисија за избор на доцент	0,2
13.	Член на Комисија при Министерството за здравство за утврдување на услови во здравствени установи за добивање на овластување за вршење едукација на специјализанти	1
14.	Член на работна група за подршка на имплементација на клиничките упатства при Министерството за здравство на РМ	1
15.	Член на Комисија при Министерството за здравство за вршење надзор на стручна работа	1
	Вкупно	36,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**40,06**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**73,20**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**36,50**
Вкупно	**149,76**

Членови на комисијата

1. Проф. д-р Весна Пејовска-Геразова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Антони Новотни, член с.р.
3. Проф. д-р Марија Ралева, член с.р.
4. Проф. д-р Викорија Вујовиќ, член с.р.
5. Проф. д-р Филип Дума, член с.р.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од август 2011, Рецензентската комисија утврди дека кандидатот доц. д-р Бранислав Стефановски ги исполнува критериумите за избор во звањето вонреден професор на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

Земајќи ги предвид вкупниот број на бодови и нивната квалитативна застапеност, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да му предложи доц. д-р Бранислав Стефановски да биде избран во звањето вонреден професор на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.

Рецензентска комисија

6. Проф. д-р Весна Пејовска-Геразова, претседател с.р.
7. Проф. д-р Антони Новотни, член с.р.
8. Проф. д-р Марија Ралева, член с.р.
9. Проф. д-р Викорија Вујовиќ, член с.р.
10. Проф. д-р Филип Дума, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА
РАКОПИСОТ
КОМЕНТАР НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА
од авторите д-р Родна Живковска, д-р Тина Пржеска и м-р Валентина Димитровска

Новиот Закон за експропријација од 2012 година е правен пропис чие донесување долго време се очекуваше во правниот живот на Република Македонија. Потребата од нов пристап, т.е. потребата од современа правна регулатива со која ќе се уреди институтот експропријација во правната практика почна да се чувствува уште во 2001 година кога стапи во сила Законот за сопственост и други стварни права. Овој генерален Закон кој истовремено претставуваше прв кодификациски акт од областа на стварното право воведе значајни, ако не и револуционерни промени во начинот на уредување на стварно - правните односи. Законот за сопственост и други стварни права одигра значајна улога во модернизација на стварно - правното законодавство на Република Македонија и на правната практика и понуди законска регулатива соодветна за еден нов (современ) правен систем. Се разбира, осовременувањето на македонскиот правен систем, кое почна со донесувањето на Законот за сопственост и други стварни права, продолжи со донесувањето на голем број специјални закони кои исто така воведоа значајни новини во стварно - правниот систем на Република Македонија. Од големиот број специјални закони кои беа донесени во периодот од 2001 до 2013 година, како најзначајни можат да се споменат: Законот за градежно земјиште, Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, Законот за градење, Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Законот за енергетика, Законот за минералните суровини, Законот за просторно и урбанистичко планирање и други.

Во услови кога целокупниот стварно - правен систем на Република Македонија трпи суштински промени со цел да се усогласи со законодавството на земјите - членки на Европската унија сосема е оправдано и донесувањето нов Закон за експропријација кој на современ начин ќе го уреди еден од најзначајните стварно - правни институти - институтот експропријација.

Законот за експропријација од 2012 година несомнено е дека ја оствари посакуваната цел и воведе новини во поглед на правното уредување на експропријацијата во правниот систем на Република Македонија кои допрва треба да бидат имплементирани во правниот живот. Искуството на правната практика покажува дека имплементацијата на нови законски решенија речиси секогаш е проследена со одредени тешкотии кои се должат на различните пристапи кон толкувањето и примената на правните прописи. Имајќи го ова предвид, за поздравување е заложбата на авторите на Коментарот на Законот за експропријација со изработката на ова дело да дадат свој научен и стручен придонес во процесот на имплементација на Законот во правниот систем на Република Македонија. Особено значајно е што двајца од авторите на Коментарот на Законот за експропријација, д-р Родна Живковска и м-р Валентина Димитровска, истовремено беа и учесници во работната група за изработка на Законот за експропријација. Како учесници во работната група, авторите (д-р Родна Живковска и м-р Валентина Димитровска) имаат единствена можност - преку анализата и толкувањето на одредбите на Законот на - читателите да им го пренесат и сопственото искуство и дилемите со кои се соочиле во процесот на подготовка на Законот за експропријација.

Коментарот на Законот за експропријација содржи: предговор, објаснување за кратенките употребени во коментарот и коментар на одредбите на Законот за експропријација.

Во предговорот авторите го анализираат институтот експропријација од аспект на цивилната доктрина. Притоа, авторите го претставуваат институтот експропријација во неговата историска димензија, акцентирајќи ги промените кои настанале во поглед на неговата содржина. Во предговорот, авторите исто така ги анализираат и причините кои доведоа до донесување на новиот Закон за експропријација, укажувајќи на сите специјални закони чии законски решенија беа инкорпорирани во текстот на Законот за експропријација. Со својата содржина предговорот му овозможува на читателот поблиску да се запознае со институтот експропријација од аспект на неговата правно - теоретска димензија.

Со цел на читателите да им се овозможи лесно следење на текстот од Коментарот, авторите даваат објаснување на кратенките употребени во овој Коментар, кое појаснување

му претходи на централниот дел, а тоа е коментарот на одредбите на Законот за експропријација.

Во коментарот на одредбите на Законот за експропријација се содржани анализата и толкувањета на законските одредби. При толкувањето на Законот за експропријација авторите успеале да ја остварат основната цел, а тоа е продлабочена анализа на значењето на законските одредби. Коментарот на Законот за експропријација изобилува со корисни информации за читателите не само во поглед на значењето на законските одредби, туку и во поглед на нивната примена во корелација со другите специјални закони. Толкувањето на законските одредби кое авторите му го даваат на читателот, не е ограничено само на законскиот текст. Тоа е систематско, односно опфаќа и одредби на други специјални закони на чија примена упатува Законот за експропријација. При толкувањето на Законот за експропријација, авторите успешно извршиле симбиоза помеѓу теоретското и практичното и на читателите им овозможиле увид во една сестрана анализа на одредби од овој Закон.

Коментарот на Законот за експропријација од авторите д-р Родна Живковска, д-р Тина Пржеска и м-р Валентина Димитровска е стручна правна литература која дава значителен придонес во поглед на имплементацијата на Законот за експропријација во правниот живот на Република Македонија. Како правна литература, Коментарот на Законот за експропријација му го препорачувам на сите правници (адвокати, судии, нотари, државни службеници и други вработени во државни институции и други организации) кои при вршењето на својата професионална дејност секојдневно ќе го применуваат Законот за експропријација.

Скопје, јануари 2013 година

Рецензент

Оливера Китанова – Мицевска, државен правобранител на Република Македонија,

с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА
РАКОПИСОТ
КОМЕНТАР НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА
од авторите д-р Родна Живковска, д-р Тина Пржеска и м-р Валентина Димитровска

Одземањето и ограничувањата на правото на сопственост и на одредени имотни права во правниот систем на Република Македонија е предмет на уредувања на специјален закон. Во важечкото право на Република Македонија денес оваа материја е уредена со Законот за експропријација од јули 2012 година. Претходниот Закон за експропријација беше донесен во 1995 година и важеше сè до донесувањето на овој Закон.

Промените во граѓанското законодавство извршени особено од 2000 година, па наваму доведоа до неопходна потреба од донесување на новиот Закон за експропријација од 2012 година. Од особено значење за донесувањето на Законот за експропријација имаат: Законот градење, Законот за градежно земјиште, Законот за процена, Законот за вештачење, Законот за енергетика, Законот за минералните суровини и други. Според ова, работната екипа формирана во Министерството за финансии при изработката на Законот имала мошне сериозна задача да изврши инкорпорирање на сите промени во законодавството кои се однесуваат на оваа материја.

Имајќи предвид дека правната регулатива содржана во Законот за експропријација е мошне сложена затоа што опфаќа голем број на законски решенија содржани во наведениве закони, изработката на Коментарот на Законот за експропријација од страна на авторите претставува голем придонес во целокупното правно живеење на Република Македонија. Тој ќе им ја олесни работата на правниците во сите сфери на примената на овој Закон (државна администрација, судство, адвокатура и други).

Коментарот на Законот за експропријација е содржан од: ***Предговор и Анализа и толкување на законските одредби.***

Во *„Предговорот“* на Коментарот, авторите ја претставуваат генезата на институтот експропријација во правниот систем на Република Македонија. Предговорот на коментарот содржи корисни информации за читателот во поглед на: етимолошкото значење на терминот „експропријација (ex-proprietas)“, содржината и значењето на институтот експропријација определени од страна на цивилната докртина, како и податоци за законските прописи кои го уредуваат институтот експропријација.

Авторите во Предговорот посебно ги анализираат одредбите на членот 30 на Уставот на Република Македонија, во кои е содржана гаранцијата на правото на сопственост и одредбите на членот 2 на Законот за сопственост и други стварни права со цел да прикажат една јасна спротивставеност помеѓу овие одредби и одредбите на специјалниот Закон за експропријација од 1995 година. Целта е на читателот да му се предочи фактот дека со донесувањето на генералниот Закон за сопственост и други стварни права во 2001 година одредбите од Законот за експропријација од 1995 година веќе се надминати и не можат да се применуваат во услови на имплементација на еден современ стварно - правен систем. Според авторите, ова еосновнатапричина поради која сепристапи кон донесување на нов Закон за експропријација во 2012 година, но не и единствена. Како друга причина авторите го наведуваат донесувањето на голем број специјални закони (Законот за градежно земјиште, Законот за градење, Законот за катастар на недвижности и други), чии законски решенија исто така треба да бидат инкорпорирани во новиот Законот за експропријација.

Со предговорот авторите мошне умесно покажуваат дека донесувањето на новиот Закон за експропријација во 2012 година претставува неопходен чекор во насока на унапредување и осовременување на стварно - правниот систем на Република Македонија.

Во делот на анализата и толкувањето на законските одредби, авторите даваат посебен коментар на секој од членовите на Законот за експропријација од 2012 година. Коментарот, односно коментарите на законските одредби се дериват на една продлабочена анализа и толкување со примена на сите методи за толкување на правните норми (граматички, логички, системски, телеолошки и др.). Притоа, авторите не се задржуваат само на стриктното (тесно) толкување на значењето на одредбите на Законот за експропријација во рамките на самиот Закон. Напротив, толкувањето што авторите го

даваат во овој Коментар е мошне широко и во себе ги опфаќа и одредбите на другите специјални закони кои се тесно поврзани со Законот за експропријација (Законот за градежно земјиште, Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Законот за општата управна постапка и многу други). Ваквиот пристап на авторите во поглед на анализата и толкувањето на одредбите на Законот за експропријација секако дека значително го збогатува текстот на Коментарот и го прави покорисен за читателот.

При анализата и толкувањето на одредбите на Законот за експропријација авторите посебно внимание посветуваат на некои правни празнини и недореченост на Законот кои можат да се покажат како проблематични при неговата примена во правниот живот. Притоа, авторите даваат свои мислења и сугестии како да се надминат постојните недостатоци на Законот. Мислењата и сугестиите на авторите дадени во Коментарот се соодветно аргументирани и наоѓаат свој основ во Уставот и законските прописи.Како такви, тие имаат советодавна улога посебно за правниците (судии, адвокати, државни службеници) кои ќе го применуваат Законот за експропријација и ќе донесуваат одлуки и други правни акти врз основа на неговите одредби.

Коментарот на Законот за експропријација од 2012 година е добро систематизирано научно дело изработено од страна на научни работници и практичари во правото. Јазикот и стилот во кој е пишуван Коментарот го прави разбирлив и достапен за секој читател – професионалец или лаик во правото. Содржината на Коментарот му дава на читателот една синтеза од теоретските и практичните аспекти на експропријацијата во правниот систем на Република Македонија, што е мошне значајно во работата на секој правник. Затоа, ***Коментарот на Законот за експропријација од 2012 година*** им го препорачувам на читателите како стручна правна литература која е воедно интересна и корисна за читање.

Скопје, јануари 2013 година

Рецензент

Д-р Борче Давитковски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, с.р.